ВИКТОР ТРАЈАНОВСКИ



ЕТНОЛОШКО И АНТРОПОЛОШКО ПРОУЧУВАЊЕ НА ДЕРВИШКИОТ РЕД БЕКТАШИ ОД СЕЛО КАНАТЛАРЦИ ПРИЛЕПСКО

Виктор Трајановски

ЕТНОЛОШКО И АНТРОПОЛОШКО ПРОУЧУВАЊЕ НА ДЕРВИШКИОТ РЕД БЕКТАШИ ОД СЕЛО КАНАТЛАРЦИ, ПРИЛЕПСКО

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
ИНСТИТУТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА
„Гази Баба“ б. б., поштенски фах 162, 1000 Скопје, Р Македонија

За издавачот
проф. д-р Ицко Ѓоргоски,
декан на ПМФ – Скопје

Рецензенти
проф. д-р Љупчо С. Ристески,
редовен професор на ИЕА при ПМФ
проф. д-р Илина Јакимовска,
редовен професор на ИЕА при ПМФ

Лектура
Наталија Андријевска

Корица
Владимир Трајановски

Печатење
Академски печат



Изданието е финансирано од Министерството
за култура на Р. Македонија

Виктор Трајановски

ЕТНОЛОШКО И АНТРОПОЛОШКО ПРОУЧУВАЊЕ НА ДЕРВИШКИОТ РЕД БЕКТАШИ ОД СЕЛО КАНАТЛАРЦИ, ПРИЛЕПСКО

Скопје
2019

На фамилиите Трајановски,
Размовски и Јордановски

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР.....
ВОВЕД.....

1. МЕТОДОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЕТНОЛОШКИТЕ И АНТРОПОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА НА БЕКТАШКИОТ ТАРИКАТ.....

2. ИСЛАМ – ВОВЕДНИ ФАКТИ.....
2.1. Поделба на исламот.....
2.2. Суфизам – езотеричната страна на исламот.....

3. КРАТКА ИСТОРИЈА НА БЕКТАШКИОТ ТАРИКАТ.....
3.1. Бекташизмот на Балканот.....
3.2. Бекташизмот во Република Македонија.....
3.3. Современа состојба на бекташката заедница во Република Македонија……

4. ДОКТРИНА КАРАКТЕРИСТИЧНА ЗА БЕКТАШИТЕ.....
4.1. Божествената природа на имамот Али.....
4.2. Ехли-бејт.....
4.3. 12 имами.....
4.4. Евлии (светци).....
4.5. Извор на доктрината.....
4.6. Доктрината на четирите порти.....
4.7. Утврдување на верата.....
4.8. Хиерархија во бекташкиот тарикат.....
4.9. Хуруфско влијание.....
4.10. Христијанско влијание.....
4.11. Тајната наречена бекташизам.....
5. ЕТНОГРАФСКИ И ИСТОРИСКО-ГЕОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНАТЛАРЦИ.....
5.1. Перцепции за местото и потеклото на бекташизмот.....
5.2. Верски празници и духовни обреди.....
5.2.1. Невруз.....
5.2.2. Ашуре.....
6. ПОДЕЛБА ВО БЕКТАШКАТА ЗАЕДНИЦА ВО КАНАТЛАРЦИ.....
6.1. Правило на ербабие.....

6.2. Правило на евладие.....
6.3. Начин на групирање – избор за пристап во одредена група.....

7. ПРИЧИНИ ЗА КОНФРОНТАЦИЈА.....

ЗАКЛУЧНИ РАЗМИСЛУВАЊА.....

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА…….....

ПРИЛОЗИ…….
– **Список на соговорници**……..…
– **Речник**…….…….....
– **Индекс (регистар на лични имиња и поими)**.....

Предговор

Книгата со наслов „Етнолошко и антрополошко проучување на дервишкиот ред бекташи од село Канатларци, Прилепско“ претставува одбранета магистерска теза, во декември 2015 година, на Институтот за етнологија и антропологија при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во оваа прилика сакам да изразам голема благодарност до менторот проф. д-р Љупчо С. Ристески, до другите членови на Комисијата, до моите колеги од ИЕА за нивната континуирана и несебична помош и поддршка во текот на подготовката на материјалот. Исто така, ја користам оваа можност да изразам благодарност до сите мои соговорници, до бекташите од Канатларци, но и воопшто до сите бекташи во Македонија, кои несебично го жртвуваа нивното драгоцено време и секогаш беа подготвени да ми го пренесат сето знаење што го поседуваат за бекташкиот дервишки ред.

И секако огромна благодарност заслужува моето семејство за постојаната поддршка, поттик и безрезервна љубов кон мене, кон мојата работа и дело.

Она што сакам да го напоменам во овој предговор е фактот што поголем дел од податоците изнесени во оваа книга се однесуваат за бекташите и бекташката заедница во Канатларци, но и во Македонија воопшто, за периодот од 2012 до 2015 година кога се направени теренските истражувања и кога е пишувано и создадено ова дело.

Повикувајќи се на познатата изрека панта рej – сѐ тече, сѐ се менува, доста податоци и појави во бекташката заедница во Македонија од 2015 година до објавувањето на оваа книга се промениле. Некои од моите соговорници, како што се Џафер-баба и дервиш-рехбер Али, за жал не се помеѓу нас, т.е. заминале на *ахирет*. Алах рахмет ејлесин! Во самата бекташка заедница веќе има динамика во однос на нови членови што се приклучиле во овој *тарикат*. Некои од бекташките членови во меѓувреме духовно напреднаа и станаа дервиши, други, пак, се закитија со титулата *баба*, како што е Зејнел Абедин-баба, или пак со титулата халифебаба, како што е случајот со Сабедин-халифебаба. Тоа значи дека денес во Канатларци бекташките верници се поделени и функ-

ционираат во три одделни групи, онаа на Вели-баба, на Зејнел Абедин-баба и групата на Сабедин-халифебаба.

Исто така, во меѓувреме е променета и сликата на регистрирани верски заедници и религиозни групи во Македонија. Во времето кога истражував во Регистарот на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи беше евидентирана само Ехлибејтската бекташка религиозна група на Македонија на чело со Муртеза Пашо-халифебаба, додека денес овој Регистар на верски заедници и религиозни групи е надополнет со Бекташката верска заедница предводена од Ејуп-баба со седиште во Х'д'р-баба теќето во Кичево, која во меѓувреме успеа правно да се регистрира.

Секако, ваквите динамични движења се дополнителен мотив, добра причина и поттик и во иднина да се следат и да се проучуваат од една етнолошка и антрополошка перспектива сите новонастанати промени во бекташкиот дервишки ред во Македонија.

ВОВЕД

Темата на оваа книга се однесува на откривањето и проучувањето на главните карактеристики на припадниците на дервишкиот ред бекташи во село Канатларци, Прилепско.

Изборот на темата произлезе од причина што за дервишките редови во Македонија, а еден од нив е и бекташкиот *тарикат* (арап. tariq, мн. turuq ‘насока, пат; суфиски ред’), денес малку се знае не само во пошироката јавност туку и во некои потесни верски и научни кругови.

Преку ова дело сакам пошироката јавност да се запознае со бекташкиот *тарикат*, со неговата основна доктрина, како и со начинот на функционирање и егзистирање, така што овој дервишки ред ќе се доближи до луѓето, бидејќи токму поради недоволното познавање на одредена култура, верска заедница, лесно може да се создадат погрешни значења и претстави за појавите, а со тоа поединците или групата да бидат склони кон нетрпеливост и омраза.

Нашата цел нема да биде ниту величање ниту, пак, осудување на овој дервишки ред, туку негово проучување во реалноста со желба да се разберат основните верски ставови, животот на верниците и нивните проблеми со кои денес се соочуваат.

Кога ќе се спомне бекташкиот *тарикат*, всушност, станува збор за мистичен ред во исламот чија основна цел е соединување со Вистината, со Бог.

Најзначајни духовни лидери за бекташите се *хазрети* Али и дванаесетте имами, како и основачот на овој дервишки ред, Хаџи Бекташ Вели и неговиот следбеник Бал’м Султан.

Бекташите во своето учење веруваат во посредништво, така што централната личност за нив е нивниот духовен лидер, т.н. *баба*. Под водство на духовниот учител треба да се исчисти душата од сите неморални особини, да се обнови срцето, односно човековиот дух да се ослободи од сладострасноста и маните и да се закити со доблести, а сето тоа е возможно само преку патот на љубовта, т.е. преку безрезервната и безусловна љубов кон Бог, што е и основата на бекташкото учење.

Што се однесува до бекташката заедница во селото Канатларци, која беше целна група на моето истражување, неа ја сочинуваат етнички Турци со турски мајчин говорен јазик, кои претставуваат околу осумдесет и два проценти од целокупното население во Канатларци.

Помеѓу турското население во Канатларци, особено кај постарата популација, е зачувано сеќавањето за нивното потекло, кое се пренесувало со генерации, така што тие често изјавуваат дека нивните предци биле Јуруци дојдени од Коња Караман, место што денес се наоѓа во Република Турција.

Во истиот период најверојатно се појавува и бекташизмот во Канатларци, на што се надоврзува и постоењето на бекташкото теќе Дикмен-баба, кое се верува дека потекнува од првата половина на 16 век и се смета за едно од првите бекташки теќиња формирани во Македонија.

Денес, Дикмен-баба теќето во Канатларци има најголем број приврзаници кога се работи за бекташкиот *тарикат* во Македонија, кои во континуитет од неколку векови до денес ги практикуваат своите обреди.

Теќето Дикмен-баба се наоѓа на крајот од селото, издигнато на висорамнина од каде што може да се гледа убавиот пејзаж на целото село и неговата околина. Тоа се состои од комплекс зграда што претставуваат архитектонско единство, оградени со ѕидови.

Со текот на времето помеѓу бекташката заедница од Канатларци настанало недоразбирање околу критериумите и правилата за избор на духовниот лидер, кое резултирало со нивна поделба, така што денес во ова теќе напоредно егзистираат две групи, постојат двајца духовни лидери, два мегдани за одбележување на празниците, но и два *к'рклар мејдани* во кои се одржуваат верските обреди, едниот се наоѓа во главното теќе, каде што духовен лидер е Вели-баба, и приспособената просторија во *мисафирхането* – гостинската куќа, на чело со Џафер-баба.

Прашањето за старешинството во бекташкиот *тарикат* е во фокусот на истражувањето, поточно се разгледува стекнувањето со титулата *баба* и положбата на старешината во бекташкиот *тарикат* во Канатларци, што е главната причина за несогласувањето и поделбата на две спротивставени групи во заедницата.

Проблемот во Дикмен-баба теќето во Канатларци и неможноста за решавање на прашањето околу легитимноста на *бабата* довеле до поделба на две групи, две фракции. Една од групите, кога е во прашање изборот за нов *баба* во нивниот *тарикат*, смета дека треба да се примени правилото на *евладие*, а тоа значи дека титулата *баба* се стекнува само по наследство, односно претходниот *баба* може да го наследи единствено неговиот син, додека втората група, за разлика од оваа, смета дека, кога е во прашање наследувањето на *бабата*, треба да се примени правилото на *ербабие*, т.е. за наследник на *бабата* треба да се избере најспособниот член во заедницата, оној што е *ербаб*. Разединетоста во однос на ова прашање направила во Канатларци паралелно да

постојат двајца старешини, односно двајца *баби*, да има два мејдани итн.

Поради ваквата чувствителна положба, одредени информации што се изнесени во трудот можеби може да бидат сфатени како фаворизирање на одредена група или на одреден старешина, и да се предизвика доза на огорченост кај едната или кај другата група, односно таквите податоци може да предизвикаат негодување или да бидат оспорувани, пред сè поради забележаните анимозитети помеѓу групите.

Но, нашата цел не е да фаворизираме одредена група, да ја критикуваме, да наоѓаме грешки или да ја осудуваме, туку да ја разоткриеме, да се обидеме да ја опишеме и да ја доближиме реалноста, односно да ја проучиме стварноста преку податоците добиени од истражувањето.

Да спомнеме дека податоците изнесени во оваа книга се произлезени од теренското истражување реализирано во Канатларци и кај двете спротивставени групи, и нашиот став за отворен и непристрастен приод со цел да се добие целосната слика и да се разбере ситуацијата во бекташката заедница од Канатларци нè доведе во ситуација да ги слушнеме сите страни во заедницата.

Значи, ваквата положба најавува и ризици на кои сме изложени, а тие се прифатени во мера во која секое научно сознание што се востановува мора да прифати да биде ранливо, а делумно и оспорувано.

Оваа книга е поделена на Вовед, седум глави и Заклучок во кои е разработена темата. Во првата глава се изнесени методолошките аспекти на етнолошките и антрополошките истражувања на бекташкиот *тарикат*, односно е прикажан текот на истражувањето од каде што е црпен најголемиот дел од граѓата, која ми послужи како основа во анализите на ова дело. Во втората глава е прикажана општа слика за доктрината на исламот, поделбата на две групи: сунити и шиити, а исто така е опфатено и прашањето за езотеричната, скриената страна на исламот, суфизмот. Во третата глава е ставен акцент на појавата и развојот на бекташкиот *тарикат* во светски рамки, како и на појавата, развојот и современата состојба на бекташизмот во Република Македонија. Во следната четврта глава се прикажани главните верски ставови на бекташите во Канатларци, односно е претставена доктрината карактеристична за бекташите. Во петтата глава се изнесени етнографски и историско-географски податоци за Канатларци, опишани се верските празници и духовни обреди на бекташите од Канатларци на кои имав можност и привилегија да присуствувам. Во наредната шеста глава се обработува прашањето за наследување на титулата *баба*, односно се изнесени ставовите на двете спротивставени групи во однос на ова прашање. Прикажана е поделбата на бекташкиот *тарикат* во село Канатларци на две

групи, оние што се повикуваат на *ербабие* и нивните опоненти што се повикуваат на правилото на *евладие*. Седмата глава е посветена на разоткривање на прашањата поврзани со титулата *баба*, како на пример: зошто е толку значајно кој ќе седне на *постот* во теќето и ќе раководи со него, односно зошто се придава толкава важност на тоа кој ќе ја наследи титулата *баба*; која е скриената суштина на оваа титула; што носи со себе таа должност и какви бенефиции повлекува; дали преку титулата *баба* се стекнува одредена моќ и на кој начин таа се манифестира. На крајот во овој труд се изнесени заклучните размислувања.

Бидејќи оваа книга се однесува на дервишкиот ред бекташи, кој е еден од суфиските редови што припаѓаат во исламот, односно се работи за турска етничка заедница што живее во Канатларци, при пишувањето на книгава се употребувани термини од турско говорно подрачје, а одредени од персиско или арапско потекло. Транслитерацијата на таквите зборови и фрази е направена во сооднос со употребата на македонската азбука, но во текстот ќе бидат обележани во италик/закосено, додека преводот е мој.

Одредени зборови, како бекташи, Хаџи Бекташ Вели, дервиш, дервишки ред, теќе итн., бидејќи имаат поширока употреба во македонскиот јазик, се пренесени во обична, нормална форма.

1. МЕТОДОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ЕТНОЛОШКИТЕ И АНТРОПОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА НА БЕКТАШКИОТ ТАРИКАТ

Истражувачката тема е во голем степен чувствителна, особено во време кога се забележени силно изразени анимозитети помеѓу различни струи на припадниците на исламската вера и другите исламски редови, со навлегување на разни радикални групи, поради што многумина не сакаат јавно да зборуваат за и околу исламот и неговите огранoци. Согледувајќи ја ваквата слика, во текот на целото теренско истражување се трудев да бидам максимално претпазлив, настапувајќи со голема контрола и самосвест, да бидам максимално внимателен да не навредам некого, да не бидам погрешно сфатен во намерата, да не негирам или фаворизирам одредени лица или групи, да внимавам со кого ќе разговарам и на кои места ќе ги реализирам разговорите. Морам да признаам дека патешествијата низ кои поминав не беа така лесни, на моменти ризични за мојата и за безбедноста на моите соговорници кога разговорите доаѓаа до критични и тензични моменти, до прашања и факти што знаеја во голема мера да ги испровоцираат и да ги разлутат моите соговорници, кои избувнуваа до тој степен што не бираа зборови во одбрана и заштита на вредностите на нивната религија.

Кога велам чувствителна, мислам, исто така, и на фактот што голем дел од информациите што се обидував да ги добијам за припадниците на бекташкиот *тарикат* претставуваа света тајна, која треба да остане внатре во бекташката заедница, достапна само за членството на заедницата, и не смее да биде изнесена и обелоденета за поширокатa јавност. Оваа моја констатација ќе ја надополнам и со еден цитат, извадок од делото „Нур Баба“ на авторот Јакуб Кадри Караосманоглу, во кој се вели: *Не би требало да се зборува за сè она што се случува во теќето. Тоа што во теќето се гледа и се слуша треба да се зачува за себе и никому ништо не треба да му се каже. Меѓутоа, се случува токму спротивното. Штом ќе се сретнат двајца, веднаш се почнува со прашањата: кој дошол и кој влегол во теќето, што се случувало внатре, како се одвивал обредот итн. Сите овие работи во целост се спротивни со правилата на теќето и на нашиот ред* (бекташкиот ред, м. заб.). *Зошто се вели „Секташка тајна“?! Значи, ниеден дервиш не смее да му каже ниту еден збор на оној што не е дервиш. Ете, врз тие*

принципи се засновува нашиот ред. Нашата тајна ја чисти нашата душа, таа е таква работа што кај секое лице го чисти она што е највредно... Тоа е длабоко, величествено![1]

Запознавајќи се со ова бекташко начело, уште од самиот почеток на моето теренско истражување се трудев да создадам една поинтимна врска, пријателска релација, да создадам чувство на доверба кај моите соговорници, посебно меѓу соговорниците што беа припадници на бекташкиот *тарикат*, сè со цел да добијам поквалитетни информации, како и да осознаам дел од тајните на бекташкиот *тарикат*. Уште при првите контакти кон моите соговорници се однесував со целосна искреност, претставувајќи им се и запознавајќи ги со целта на мојата работа и темата што ја обработувам. По барање на соговорниците, им беше овозможено да го разгледуваат прашалникот што го имав претходно подготвено. Некои од нив инсистираа, по завршувањето на разговорот, да го задржат прашалникот за нив. Други, пак, имаа целосен увид во тоа што запишувам, односно постојано имаа можност да прочитаат во тетратката што ја користев за прибирање теренски прибелешки (кратки зборови, фрази или цртежи што ги правев за време на нашите разговори). На ваков начин, им дозволував да стекнат и полесно да ја изградат нивната доверба кон мене. Меѓутоа, човек секогаш преку дела и зборови не ја стекнува довербата во некого. Некои луѓе, а во мојот случај тоа беа *бабите*[2] и дервишите на бекташкиот *тарикат*, довербата ја стекнуваа со помош на сопствената интуиција. „Лесно е да се препознае твојата чиста и искрена душа“ – често знаеја низ слободен разговор да ми кажат. Уште при првите контакти со нив можеше да се почувствува блискоста, довербата и отвореноста на членовите на бекташкиот *тарикат*, небаре долго време се познаваме и долго време го очекувале моето доаѓање кај нив, желни за разговор и за споделување на бекташката доктрина. Тие лесно можеа да ги увидат моите искрени намери, мојот голем интерес и да увидат дека кон истражувачкиот проблем пристапувам со голема сериозност и професионалност. *Ај да ти давам и овде еден материјал да ти послужи. Оти нешто гледам дека сериозно се интересираш*[3]. Нашиот разговор им причинуваше посебно задоволство и беше дополнителен мотив да вложуваат дополнителна енергија и време и да дадат што е можно поопфатни информации за

[1] Karaosmanoglu Jakub Kadri, *Nur Baba*, Džepna knjiga, Sarajevo 1957, 32–33.

[2] Баба – титула што се користи во бекташкиот *тарикат* за старешината на редот. Инаку буквалниот превод на македонски јазик значи татко.

[3] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.

дадената тема, збогатувајќи ја на тој начин теренската граѓа, која ми послужи како основа во анализите во оваа книга.

Во разговорите со некои соговорници, најчесто оние што не припаѓаа на бакташкиот *тарикат*, не доаѓав така лесно до прецизни одговори и квалитетни информации. Таквите соговорници беа доста резервирани околу давањето одговор на одредени прашања. Потребни беа повеќе средби за делумно да се ослободат од стегата, да стекнат одредена доверба и да почнат со послободни разговори, но, и тогаш, некако конфузно и несигурно ми изгледаа во нивните искази. Некои од нив, плански или пак ненамерно, знаеја да ми дадат „погрешни“ информации, кои, доколку не беа дополнително проверени, можеа да имаат несакан домино-ефект врз моето понатамошно истражување. Некои од моите соговорници, пред да се согласат да бидат интервјуирани, инсистираа претходно да им биде доставен прашалникот за да го погледнат, со образложение дека на тој начин подобро би се подготвиле и би дале поисцрпни и попрецизни одговори на моите прашања.

На почетокот на моето истражување, често место што го посетував беше една чајџилница сместена во строгиот центар на старата Скопска чаршија, во која меѓу гостите посетители, инаку мнозинството припадници на исламот, имаше лица што беа прилично запознаени со делот од исламот за кој јас бев заинтересиран, за исламската мистика, односно за суфизмот, како што тие љубеа да го наречат. Можам слободно да кажам дека на тоа место, од страна на моите соговорници, мои идни пријатели, имав можност да слушнам и првично да се запознам со тековите на исламската мистика – суфизмот или *тасавуфот*, со разните дервишки редови или *тарикати*, со нивниот историјат, со нивната доктрина, со начинот на функционирање и егзистирање. Во таа чајџилница, на некој начин, почна да се „одмотува клопчето“, тоа место беше иницијална каписла за моето понатамошно истражување и насочување кон проучување на одреден дервишки ред или *тарикат*. Мојата посета во таа чајџилница почна некаде околу март 2012 година, кога четири-пет часа во текот на денот поминував таму, трпеливо, со доста внимание слушајќи ги моите соговорници, на тој начин прибирајќи доста корисни информации. Значи, за време на тие долготрајни разговори, воспоставив разни познанства и пријателства, при што за кратко време стекнував доверба, која ми носеше одредени привилегии во поглед на достапност до нови соговорници и информации. Да бидам искрен, на тоа место, во таа чајџилница се роди желбата, односно падна изборот токму бекташкиот *тарикат* да биде земен како тема на ова дело. Подоцна, во стручни консултации со мојот ментор, изборот беше стеснет, односно фокусот на истражувањето е ставен само на една бек-

ташка заедница во Македонија во селото Канатларци, Прилепско. Причината за изборот да биде токму овој дервишки ред лежи пред сè во фактот што бекташкиот *тарикат* по многу нешта се разликува од другите дервишки редови, по неговата уникатност, но и по тоа што бекташизмот во Македонија не бил досега предмет на поопширни истражувања, како и по скромната литература што може да се најде за бекташкиот ред на македонски јазик.

Без воопшто да познавам лица што се припадници на бекташкиот *тарикат* или некој што би можел веднаш да ме поврзе со нив, ја започнав мојата одисеја, не размислувајќи дека тоа може да биде „преголем залак“ за мене. Предизвикот што стоеше пред мене беше голем, со оглед на фактот што се работи за заедница што е потаинствена, не се експонира премногу во јавноста. Лично сметав дека не е така лесно да се дојде, да се влезе и да се истражува во таква заедница, а дека е уште потешко да се дознаат и осознаат дел од тајните на бекташкиот *тарикат*, а со тоа и дел од тајните на исламската мистика. Така, еден од првите предизвици беше прашањето како да стапам во контакт, односно како да влезам во бекташкиот *тарикат* и да го започнам моето теренско истражување.

На почетокот информациите до кои доаѓав беа оскудни. Многу тешко доаѓав до соговорник што ќе ме насочи на патот што води до портите на бекташизмот. Морам да потенцирам дека во текот на истражувањето во многу наврати бев спречуван, поточно обесхрабруван за моето истражување, особено од страна на припадниците на сунитскиот ислам, кои кон бекташизмот гледаат со доза на скептицизам. Тие постојано ми сугерираа да се откажам од моето истражување на одбраната тема или, пак, да ја пренасочам темата во друг правец, кон сунитскиот ислам, бидејќи за нив бекташизмот претставува искривување, изобличување на исламот, отпаднишство, секташтво (во негативна смисла на терминот), лажен ислам. Други, пак, знаејќи ја мојата решеност да се занимавам со прашањата на бекташизмот, ми сугерираа да не изнесувам информации за одредени прашања што тие ги сметаа за почувствителни, какво што е прашањето поврзано со консумирањето алкохол од страна на бекташите за време на нивните обреди. Секако дека не попуштив ниту во еден миг на настојувањата, напротив, нивните настојувања дури повеќе влијаеја врз мене и внесуваа дополнителен мотив и интерес да продолжам по патот по којшто сум тргнал наречен бекташизам, пат кон пронаоѓање нови соговорници и нови информации.

Книгава се засновува врз податоци од реализираното теренско истражување извршено во разни делови од Македонија, пред сè во селото Канатларци, Прилепско, кое беше целно место на моето истражу-

вање, средина во која околу 80 % од населението се изјаснуваат како припадници на бекташкиот *тарикат*[4]. Исто така, теренски истражувања беа направени и во Охрид, Кичево, Тетово и Скопје, во периодот од 2012 до 2015 година. Методите што беа користени во ова истражување за прибирање на податоци беа различни. Главен истражувачки метод што го употребив и со кој прибрав најголем дел од теренската граѓа беше длабинското интервју со претходно подготвен потсетник за водење разговор со претставници на бекташкиот *тарикат* (*бабите*, *дервишите*, *муипите*), потоа со лица припадници на други *тарикати* што се застапени во Македонија, како на пример халветскиот *тарикат*, рифајскиот, меламскиот, со духовни лица (имами) што го проповедаат сунитскиот ислам, како и со лица приврзаници или симпатизери на суфизмот. Интервјуата ги комбинирав и со набљудување низ учество, кога имав можност да бидам активен учесник особено во бекташките обреди и од прва рака да следам што точно се случува за време на обредите. Потоа, информации прибирав во текот на многу неформални разговори во врска со темата. Тука би ги спомнал и озборувањата како дел од тие неформални разговори, преку кои добив одредени сознанија што не би можел да ги добијам преку ниеден претходно спомнат метод. Секако, треба да споменам дека консултирав соодветна стручна литература корисна за реализирање на истражувањето и за подготовката на овој труд.

Интервјуата што ги организирав беа различни во однос на бројот на соговорници: некои од нив беа индивидуални, но, исто така, сработив и групни интервјуа, со повеќе од една личност истовремено, кои им даваа можност на соговорниците за меѓусебно надополнување за време на интервјуто.

Важна карактеристика на теренското истражување, како и при понатамошната подготовка на овој труд, е тоа што на највисоко можно ниво се почитуваат етичките принципи на однесување, кои бараат од истражувачот да има почит и одговорност кон сите учесници во истражувањето. Постојано настојував да го почитувам правото на приватност на соговорникот, што сметам дека е морална обврска на секој истражувач. Помеѓу соговорниците имаше и такви што сакаа да останат анонимни, некои од нив не сакаа да бидат снимани, а имаше и такви што беа против тоа да бидат запишувани какви било прибелешки во тетратка сè додека се разговара со нив. Секако, оние соговорници што

[4] Информација добиена при сопствените теренски истражувања. Официјално не би можел да се определи нивниот број со оглед на фактот што во пописните списоци не постои посебна графа за бекташите, па така тие се изјаснуваат едноставно како муслимани.

не се согласија да ги дадат нивните податоци беа максимално испочитувани од моја страна. Меѓу другите, пак, беа оние соговорници што со големо задоволство и среќа го прифаќаа разговорот, задоволни и поздравувајќи го изборот на темата, не криејќи ги личните податоци, на кои секако им причинуваше особена чест што се дел од моето истражување, нестрпливи да помогнат и да понудат што повеќе информации.

Уште при првиот контакт со новата средина, моето присуство предизвика големо внимание кај локалното население во Канатларци. Веста за моето присуство и истражување на наведената тема во селото Канатларци се прошири со брзина на светлината и не остави никого рамнодушен. Побуди голем интерес и предизвика различни реакции. Така, цело време во текот на престојот во Канатларци бев под силно набљудување, како од страна на непосредните соговорници, мои подоцнежни пријатели, така и од страна на другото население. Често се случуваше, додека се движам низ селото, да бидам запрен од разни лица, за мене непознати, а кои оперираа со доста информации за мене, со цел да ми сугерираат каде да одам и со кого да разговарам.

Мнозинството од населението во селото Канатларци го сочинуваат етнички Турци со турски мајчин говорен јазик, кои претставуваат околу осумдесет и два проценти од целокупното население. Меѓу другите жители со околу десет проценти се застапени Македонците и со околу седум проценти Бошњаците. Значи, во Канатларци може да се слушнат три јазици: турски, македонски и бошњачки. Во реализацијата на теренското истражување од голема корист за истражувачот е познавањето на јазикот на домицилното население и неговите јазични особености. Бидејќи интерес на моето истражување беа бекташите од село Канатларци чии членови се етнички Турци, повеќе од добредојдено беше моето скромно познавање на турскиот јазик, кое сум го стекнал за време на моето студирање. Тоа ми носеше одредени бенефиции за време на целото истражување. Штом локалното население воочи дека имам одредени познавања на турскиот јазик, со воодушевување ме прифати и почна да ме перципира како поблизок до нивната заедница. Исто така, благодарение на претходно консултираната литература во врска со проблематиката што ја обработував, поголем дел од бекташката терминологија ми беше веќе совладана, па не ми беа потребни дополнителни објаснувања од страна на моите соговорници и непотребно губење време.

Кога станува збор за времето, во неколку наврати тоа ми беше повеќе од потребно. Во одредени ситуации, а тоа најчесто беше кога во истиот ден со автобус патував од Скопје до Канатларци и назад, голем број прашања, па дури и цели (пот)теми мораше да бидат изоставени

поради тоа што времето не дозволуваше да се задржам повеќе во местото во кое истражував. Времето за теренска работа беше директно диктирано од превозот, па така, на некој начин бев хендикепиран во поглед на собирањето теренска граѓа поради недостиг на време. Согледувајќи го овој проблем, се решив да го променам начинот на ваквото еднодневно истражување, така што во неколку наврати престојував во Канатларци по неколку дена, и тоа како гостин во домот на старешината на теќето – *бабата*. На тој начин имав доволно време за прибирањето на теренската граѓа, сè додека самиот не одлучев дека сум завршил со одреден блок прашања поврзан со темата на истражување. Исто така, преку повеќедневниот престој во Канатларци, бев во можност со набљудување да ги согледам и работите што не би можел да ги добијам низ методот на интервју или слободен разговор, да се запознаам со начинот на живеење и функционирање во самата заедница, како и да воспоставам уште подобра врска со локалното население.

Но, да бидам искрен, не можев во секое време кога ќе посакав да спроведам етнографско истражување во Канатларци, а главен виновник за тоа беа финансиски ограничените ресурси. Теренското истражување беше главно диктирано од семејниот буџет од кого се чекаше да даде зелено светло, а тоа понекогаш знаеше да почека и по неколку месеци, што за мене лично беше голем хендикеп во спроведувањето на етнографското истражување. Тука би ја истакнал негрижата на државните органи, изразена преку немањето форми на финансиска поддршка за млади истражувачи од кои се очекува да реализираат антрополошки и етнографски истражувања со подолготрајни престои во одредена заедница.

Поради тоа што бекташката заедница во село Канатларци е поделена на две групи, кои не се согласуваат околу легитимниот наследник на старешината на *тарикатот – бабата*, и поради тоа што одделно ги спроведуваат обредите, во почетокот на истражувањето имав дилема како да го спроведам истражувањето и бев под силен притисок околу одлуката. Бидејќи сакав да ги посетам и двете групи и да го слушнам мислењето на секоја од групите, во голема мера ме притискаше чувството за евентуалните последици поврзани со реакциите на ривалските групи. Се прашував дали другата група ќе се согласи да ме прими кај нив и да се произнесе околу одредени прашања. Постојано ми одекнуваше прашањето од кое најмногу стравував: „Што ако ми биде забранет пристапот во нивната група?“ Си мислев дека тоа би можело да значи предвреме завршено истражување, а со тоа и предвреме завршен труд, секако неуспешен. По долго размислување и по консултацијата со мојот ментор, одлучно тргнав кон реализација на замислата, а тоа

беше да ги посетам и двете групи без оглед на сè. Нашиот став беше отворено да им се објасни и на двете групи дека целта на истражувањето е да се разоткрие целосната слика, а без да се слушнат сите страни во заедницата, тоа не би било можно. За моја голема среќа, истражувањето доби нормален тек. Тоа значи дека не наидов на таква препрека од која најмногу стравував, дури ми беше сугерирано од лица припадници на едната група да одам и да ја посетам и другата група, да ги слушнам нивните мислења, но, на крајот, повторно да се вратам кај нив.

2. ИСЛАМ – ВОВЕДНИ ФАКТИ

На почетокот, сметам дека е неопходно да се даде кус преглед на исламот[5], да се прикажат најзначајните елементи што ја сочинуваат доктрината на исламот како религија.

Ширум исламскиот свет постои мислење дека со Мухамед (570 – 632), божјиот пратеник, познат уште и како „совршен човек“ (тур. İnsan-ı Kâmil), започнала епохата на исламската култура и вера. Исламот тргнува од ставот дека Бог, за време на месецот рамазан во 610 година, со посредство на ангелот Џебраил, односно Гаврил, му ја објавил оваа религија на Мухамед, во пештерата Хира на планината Џабал ал Нур (планина на светлината) во близина на Мека.

Се смета дека Мухамед од почетокот бил свесен за својата мисија како соединувач на арапските племиња под идејата на новата религија, која требало да биде во состојба да даде целосен одговор на сите животни прашања на таа доба, почнувајќи од политичките и моралните, преку правните и економските до верските прашања[6]. Но, патот на соединување на арапските племиња не бил така лесен и едноставен. Најпрвин Мухамед својата мисија ја започнал во Мека, но поради недоволно остварено верско влијание таму, тој бил приморан да мигрира во Јасриб, град што подоцна бил преименуван во Медина (градот на Мухамед), како поволен верски центар. Оваа преселба на Мухамед и на неговите следбеници од Мека во Медина се случила во 622 година и е позната како *хиџра* (арапски збор што во превод значи преселба). Оваа преселба за муслиманите има огромно значење, поради што првата година од исламскиот календар започнува токму со *хиџра*, односно со 622 година.

Кратко време по доаѓањето во Медина, Мухамед објавил документ, т.н. „Медински устав“, преку кој промовирал нов тип заедница,

[5] Повеќе за исламот види во: Stewart P. J., *Unfolding Islam*, Garnet Publishing Limited, 2008; Mawdudi Sayyid Abul A'la, *Towards Understanding Islam*, U.K.I.M. Dawah Centre; Hodgson Marshall G. S., *The Venture of Islam*, Volume one, The Classical Age of Islam, The University of Chicago Press, Chicago and London 1977; Сурдел Доминик, *Ислямът*, Издателска къща „Одри“, София 1999; Marranci Gabriele, *The Anthropology of Islam*, Berg, Oxford, New York 2008; Kheirabadi Masoud, *Islam*, Chelsea House Publishers, Philadelphia 2004; Saunders J. J., *A History of Medieval Islam*, Taylor & Francis e-Library, 2002; Партриџ Кристофер (гл. уред.), *Нов Лајонов прирачник: Религии во светот*, трето издание, преработено и проширено, Младинска книга, Скопје 2009; Taqiuddin an-Nabahani, *The System of Islam*, Al-Khilafah Publication, London 2002.

[6] Петровиќ Сретен, *Културологија*, Чигоја штампа: Лела, Београд 2005, 84.

којашто требало да живее според нови вредности и нови исламски закони – од кои поголем број биле елаборирани во текот на следните неколку години[7]. Оваа нова заедница, позната како *ума* (ummah), во исто време станала и религиозен колектив и политички организам, темел на тоа општество. И денес терминот *ума* се однесува на муслиманите низ целиот свет со заедничка идеологија и култура.

Терминот, пак, ислам е арапски збор, со значење 'покорување' на Бог, кој потекнува од коренот с-л-м, од кој, исто така, се добиваат и многу други зборови, како на пример: мир, избавување, пристапување, предавање итн.; додека, пак, зборот муслиман, се употребува за лице што е приврзаник на исламот, за лице што активно ја покажува покорноста кон Бог, и тоа преку служење на Алах, следејќи ги неговите заповеди.

Муслиманите веруваат дека, покорувајќи се на желбата на Бога и ставајќи се себеси во Неговите раце, ќе се доведат во целосен мир, што се смета за најголемо достигнување во човештвото, како на личен така и на општествен план[8].

Според верувањата на муслиманите, Господ е извор на сите искуства. Тој е креатор и одржувач на универзумот. Во исламот сè доаѓа од Него и сè му се враќа Нему. Господ нема тело, нема форма, нема пол и нема физички атрибути[9]. За да ја покажат божјата апсолутна власт, муслиманите многу често ја употребуваат реченицата *Алах-ху екбар* (Allah-hu ekbar), односно Господ е голем. Бог се вика Алах (Allah)[10].

„О верници, верувајте во Аллах, и во пророкот Негов и во Книгата која ја објави на пророкот Свој и во секоја книга која ја објави порано. Оној кој не верува во Аллах и во ангелите Негови и во книгите Негови, и во пророците Негови и во Судниот Ден заталкал многу далеку!"[11] „Да, Часот доаѓа; во него нема сомнение. Аллах, навистина, ќе ги оживи оние во гробовите!"[12]

Согледувајќи ги овие два *ајети* што се наоѓаат во Куранот, може да се дојде до сржта на исламот, односно да се воочат догмите врз кои се засновува верата на муслиманите, а тоа е верување:

1) во постоење на еден Бог – Алах;

[7] Ахмед Лејла, *Жената и родот во исламот*, Слово, Скопје 2004, 66.
[8] Kheirabadi Masoud, *Islam*, Chelsea House Publishers, Philadelphia 2004, 3.
[9] Kheirabadi Masoud, *Islam*, Chelsea House Publishers, Philadelphia 2004, 4.
[10] Станува збор за скратениот арапски поим ал-(и)лах, со значење 'единствениот', 'семоќниот'.
[11] *Светиот Куран*, 4:136, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, со мали коректури од страна на тимот на ИЗ, http://islamska-zaednica.com/web/qrnmkd, пристапено на: 5.11.2013.
[12] *Светиот Куран*, 22:7...

2) во светата книга – Куран;
3) во божјите ангели (*мелеци*);
4) во Алаховите пратеници;
5) во судниот ден;
6) во воскресението на мртвите.

Покрај овие догми, кои се цврсто вкоренети во срцата на муслиманите, исто така, верниците се должни да ги почитуваат и практикуваат основните верски должности преку петте начела или *шартови*, познати и како пет столбови на исламот, столбови врз кои се сведува целата религиозна и побожна пракса.

Шахада. Првиот и незаменлив од тие столбови е ***шахада*** или сведочење на верата. Верниците сведочат дека: „Не постои друг Бог освен Алах, а Мухамед е неговиот пратеник“ (арап. lā ilāha illā-llāh, muḥammadun rasulu-llāh). Преку оваа молитва верникот сведочи за постоењето на еден Бог, што ја дефинира оваа религија како монотеистичка. *Шахадата* најчесто се изговара при повикување на молитва од страна на *муезинот* (тур. müezzin), но, исто така, и при обредите од животниот циклус, а секако, *шехадата* е неизоставен дел од обредот при пристапувањето во ислам.

Салат. Вториот столб на исламот е ***салат*** или богослужбена молитва, уште наречена и *намаз*. Во сто и третиот *ајет* од четвртата *сура* од Куранот се вели: *А кога ќе донесат одлука за намаз, тогаш, споменувајте Го Аллаха и стоејќи и седејќи и лежејќи. А кога сте безбедни, тогаш, навистина, намаз извршувајте. Намазот за верниците, секако, е пропишан во време одредено*[13]. Според овој столб, секој муслиман е должен во текот на денот пет пати во точно определено време да земе *намаз*. Пред секој *намаз*, од џамијата се огласува *муезинот*, кој врши *езан*, т.е. ги повикува верниците на молитва. *Намазот* се извршува според строго утврден ред, низ молитви со точно дефинирани движења, секогаш во насока кон Мека. Посебно место зазема петочната пладневна молитва наречена *џума намаз*. Пред секоја молитва, од страна на верникот се врши обредно чистење, односно земање *абдест*. Најчесто, обредното чистење се извршува по строго утврден редослед, во дворот на џамијата, на *шадрванот*, специјално изградена фонтана за оваа намена, но може да се изврши и во домот на верникот. *О верници, кога ќе се исправите намаз да извршите, измијте ги вашите лица и ва-*

[13] *Светиот Куран*, 4:103, превод на неговото значење на македонски јазик: Хасан Џило, со мали коректури од страна на тимот на ИЗ, http://islamska-zaednica.com/web/qrnmkd, пристапено на: 5.11.2013.

шите раце до лактовите, а главите ваши допрете ги со влажна рака, а нозете ваши до зглобовите. А ако сте џунуби, (сексуално нечисти), тогаш, избањајте се. А ако сте болни или ако сте на пат или ако некој од вас изврши нужда, или ако се состанете со жените а при тоа не најдете вода, – тогаш рацете ваши допрете ги на чиста земја и со нив допрете ги лицата ваши и рацете ваши. Аллах не сака да ве остави во неприлика. Он сака да ве очисти и да го исполни благодатот Свој кон вас за да бидете благодарни![14]

Зеќат. Третиот столб на исламот е ***зеќат***. Тоа е годишна обврска на секој возрасен, меѓутоа финансиски способен муслиман да плати данок за сиромашните и за оние што имаат потреба од помош. *Зеќатот* може да биде пресметан од парична заштеда, трговска стока, добиток, земјиште, накит и др., но само од богатството стекнато за една година. Оваа обврска има двоен бенефит, од една страна таа е од огромна помош за верниците, а од друга страна *зеќатот* го прочистува оној верник што го дава, а воедно со тоа се зголемува божјата дарежливост. Се смета дека таа обврска Господ двојно ќе ја врати. *Те прашуваат што да делат, кажи: „Вишокот!“ Ете, така Аллах ви ги објаснува ајетите за да размислувате!*[15] *За оние кои делат и кога се во радост и кога се во мака, и кои ја надминуваат омразата, и кои им простуваат на луѓето. Аллах ги љуби доброчинителите!*[16] Покрај *зеќат*, секој верник по своја желба може дополнително да даде милостина во кое било време од годината, доброволна милостина што се вика ***садака*** и што му носи големи заслуги на оној што ја дал. *Земај од имотите нивни садака за да ги очистиш со тоа и да ги облагородиш, и помоли се за нив. Молбата твоја, навистина, ќе ги смири! Аллах е Слушач и Зналец!*[17]

Пост, савм. Четвртиот столб на исламот е ***постот***, ***савм***. Овој столб е прикажан во следниве *ајети* од Куранот: *О верници, пропишан ви е постот како што им беше пропишан и на оние пред вас за да бидете богобојазливи*[18]. *И тоа одреден број на денови; кој ќе биде болен или е на пат, тогаш, нека ги напости тие денови; а оние кои не можат да постат – пропуштените денови нека ги откупат со нахранување сиромав. А кој, пак, доброволно ќе даде повеќе па, тоа е подобро за него. А ако постете – тоа е подобро за вас, само да знаете!*[19] *Месецот Рамазан е месец во кој е објавен Куранот како Патоказ за*

[14] *Светиот Куран*, 5:6...
[15] *Светиот Куран*, 2:219...
[16] *Светиот Куран*, 3:134...
[17] *Светиот Куран*, 9:103...
[18] *Светиот Куран*, 2:183...
[19] *Светиот Куран*, 2:184...

луѓето, јаснотии по Показот и Одделувач на вистината од невистината. Па, кој од вас ќе се најде во тој месец – нека пости, а кој е болен или е на пат – нека ги напости тие денови. Аллах со тоа посакува да ви олесни а не да ви отежни: определениот број денови да ги надополните, и Аллаха да го величате затоа што ве упати, и благодарни да бидете[20]*. Ви се дозволува преку ноќ, додека трае месецот на постот, да легнете со жените ваши. Тие се ваша облека, а вие сте нивна облека. Аллах знаеше дека меѓусебно не сте воздржливи па ви прости и го прими покајанието ваше: па, сега состанувајте се со жените ваши и посакувајте го она што Аллах ви го определи; јадете и пијте сè додека не ви биде толку јасно да можете да го разликувате белиот од црниот конец на муграта; оттогаш па до ноќе, постете! А ако сте во И'тикаф по џамиите, тогаш, не ви е дозволено да легнете со жените ваши. Ете, тие се границите Аллахови. И не приближувајте се до нив. Ете, така Аллах им ги објаснува ајетите Свои за да бидат богобојазливи!*[21]

Аџилак, хаџ. Последниот столб врз кој се потпира исламот е **аџилак** или ***хаџ***. Тоа е животна обврска на секој муслиман, без разлика на полот, да го посети светилиштето Ќаба во Мека и другите свети места што се пропишани за таа цел, како што се: ритчињата Сафа и Мерве, бунарот Земзем, планината Арафат и др. Со овој чин верниците се стекнуваат со титулата аџија што им носи дополнителни бенефиции, посебен статус во општеството. За време на аџилакот, сите машки верници се должни да бидат облечени во *ихрам*, бела платнена облека, што е симбол за чистота и еднаквост, а исто така се подложени на одредени забрани. Женските вернички, пак, носат *хиџаб*, при што рацете и лицето им се непокриени. Аџилакот започнува осмиот ден од дванаесеттиот месец според исламскиот календар. *Заради Аллах и хаџџ и умра извршете!*[22] *Хаџџот се извршува во познати месеци. Па, оној што ќе ја прифати таа обврска за време на хаџџот не може да има однос со жената и не смее да работи зли постапки а ниту да се кара. А за доброто што ќе го направите – Аллах знае. И снабдете се со сите потреби, а богобојазливоста е – најдобрата! И само од Мене плашете се о, вие со разбир надарени!*[23] Оние верници што не се во можност да одат на аџилак, а имаат желба и средства, може тоа да им го доверат на други лица што во нивно име ќе заминат на аџилак. Аџилакот кулминира со празникот Курбан бајрам, празник на жртвување.

[20] *Светиот Куран*, 2:185...
[21] *Светиот Куран*, 2:187...
[22] *Светиот Куран*, 2:197...
[23] *Светиот Куран*, 2:197...

Јадрото на целиот исламски начин на живот е опфатено во Куранот, хадисот и суната. Тоа се примарните извори за исламската доктрина.

Куранот е света книга за муслиманите, извор на верата, каде што се запишани Божјите зборови, пораките на откровенијата што Бог му ги открил на Мухамед преку ангелот Џебраил за да може пратеникот Мухамед да им го покаже правиот пат на луѓето. Куранот е составен од 114 поглавја или *сури*, кои се составени од различен број стихови наречени *ајети*. Секој што ќе го научи целиот Куран напамет се нарекува *хафиз* и ужива посебна почит меѓу муслиманите. За муслиманите Куранот е извор што никогаш не пресушува, темел што никогаш не го губи своето значење.

Создавањето на Куранот ги вовел Арапите во заедницата на народи на Книгата, и тоа во ред со Евреите и христијаните, кои ги примиле Тората и Заветот[24]. Куранот ја потврдува вистината за претходните објави на Тората и Евангелието, и на некој начин се смета како Најновиот завет.

Хадис во буквален превод значи говор, случување, вест, и се однесува на кое било раскажување, настан што се случил под раководство на пратеникот Мухамед. Ова ги вклучува неговите изреки и дела што биле одобрени од него. По смртта на Мухамед во 632 година, хадисот станал исклучително корисен во одговарањето на моралните, правните и верските прашања[25]. Постојат шест канонски признаени збирки на пишани хадиси од кои најпознати се две, и тоа: збирката Сахих на Бухари и Муслим на Ал Хаџаџ.

Суната (обичај, навика, употреба) е иницирана од страна на пратеникот Мухамед за да ја следи заедницата – *умата* и да ја пренесува на идните генерации. Суната го означува начинот на кој Мухамед го живеел неговиот живот, и таа е меродавен образец за практичното живеење на секој муслиман.

Иако суната и хадисот се многу блиски во нивните дефиниции (многу научници всушност и не ги разликуваат), термините не се идентични во значењето. Хадисот е раскажување за животот на пророкот и она што тој го одобрил, додека суната се однесува на неговиот стил на живот[26]. Хадисот се зборовите на пратеникот Мухамед, додека суната е

[24] Елијаде Мирча, Кулиано Јоан П., *Водич кроз светске религије*, Народна књига, Алфа, Београд 1996, 182.
[25] Kheirabadi Masoud, *Islam*, Chelsea House Publishers, Philadelphia 2004, 38–39.
[26] Kheirabadi Masoud, *Islam*, Chelsea House Publishers, Philadelphia 2004, 39.

неговата практика. Поедноставно кажано, хадисот е теорија, а суната практика[27].


Светиот закон или светото право на исламот е ***шеријатот***, кој настанал од Куранот, но, исто така, во голема мера и од животот и однесувањето на пратеникот Мухамед. Овој закон го претставува духот на исламот, кој е насочен кон практичното спроведување на Божјата волја, односно кон живеењето според моделот што Алах му го објавил на пратеникот Мухамед. Поради тоа е наречен и *Божји закон*. Во основа, *шеријатот* ги опфаќа сите страни на општествениот и на личниот живот на муслиманот. Тој е воедно и кодекс на моралните, а во некои земји, како на пример Саудиска Арабија и Иран, и на законските и судските прописи со кои се уредува приватниот и јавниот живот на човекот[28].

2.1. Поделба на исламот

Исламот е универзална религија, според која сите верници се Божји чеда и еднакви меѓу себе без разлика на нивната класна, етничка, расна, јазична, па дури и полова припадност. И покрај овој концепт на единство, исламот не останал имун на спротивставувања и поделби.

Кратко време по појавата на исламот, поточно по смртта на пратеникот Мухамед во 632 година, дошло до првата голема поделба. Интересно е што најголемата разлика и главната причина за разединување во исламот не произлегува од верувањата и обичаите, туку од несогласувањето околу легитимноста на наследниците на пратеникот Мухамед, што повеќе претставувало политички отколку религиозен чин. Бидејќи пратеникот Мухамед, според гледиштето на сунитите, не оставил јасни упатства околу неговиот наследник како водач на исламската заедница, неговата смрт донела конфузија и поделба на две спротивставени страни, сунити и шиити.

[27] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, југозападен дел на Македонија, имам на 25-годишна возраст, муслиман сунит, Турчин.
[28] Петровић Сретен, *Културологија*, Чигоја штампа: Лела, Београд 2005, 86.



Слика 1. Поделба во исламот

Сунитите го добиле името поради придржувањето до суната, т.е. до практиката на пророкот Мухамед и првите четири халифи, сметале дека наследникот на Мухамед мора да потекнува од неговиот род, односно да биде машки член од племето Курејши. Така, со консензус, *иџма*, за легитимен наследник на пратеникот Мухамед бил избран Абу Бакр, близок пријател и тест на пратеникот Мухамед (татко на Ајше, жената на пратеникот), кој припаѓал на неговиот род и кој се издвоил како највлијателен и најспособен муслиман во тоа време, прв што го прифатил исламот од пратеникот Мухамед. Тој е првиот од четирите признаени халифи според сунитите, а меѓу другите се и Омер, Осман и Али, кои владееле по смртта на пратеникот Мухамед.

Титулата халиф содржела вековни значења: халиф станувал оној што во себе ги обединувал двете одвоени функции: функцијата *амир*

ал-му-минин-а или командант на правоверниот и функцијата *имам ал-муслимин-а* или имам на муслиманите[29]. Потеклото на халифот доаѓа директно од Алах, изворот на оваа религија, кој на своите ангели им објавил: *Да, Јас ќе поставам на земјата халифе!*[30] По „четирите праведни халифи", халифатот станал династичка институција, која била укината во 1924 година.


Во десеттиот век, комплексот на сунитската муслиманска правна мисла и практика доживеал конечна формулација во четири правни школи, кои, до одреден степен, ги претставуваат различните регионални потекла на школите именувани според главните правни поддржувачи – ханефи, шафии, хамбели и малики[31].

Наспроти сунитите, другата група што го сочинува исламот се шиитите; тоа е скратен термин од ши'ату 'Али (shi'atu 'Ali) со значење следбениците на Али или приврзаници на партијата на Али, кои цврсто верувале дека наследувањето мора да продолжи по крвна линија на пратеникот Мухамед. Бидејќи пратеникот не оставил жив син, шиитите за легитимен наследник на пратеникот Мухамед го сметаат Али ибн Абу Талиб, кој бил близок роднина, но и зет на пратеникот Мухамед (се оженил со ќерката на пратеникот, Фатима). Али не бил само припадник на племето на пратеникот Мухамед туку и „човек од неговата куќа". Но, исто така, шиитите се повикуваат и на фактот што пратеникот Мухамед, за време на неговиот последен аџилак, враќајќи се кон Медина, во местото Гадир Хум (Ghadir Khumm), одржал говор во кој јасно го именувал Али за негов наследник и водач на муслиманите, кој бил определен по божја наредба. Пратеникот Мухамед во таа прилика изјавил: *Секој оној на кого јас сум му господар, Али е неговиот господар*[32]. Повикувајќи се на овие зборови на пратеникот Мухамед, шиитите сметаат дека Али е тој што поседувал духовна функција што му давала апсолутно право на духовно водство, познато како *имамат*. Вакво верување шиитите продолжиле да имаат и за потомците на Али, најпрво за неговите синови Хасан и Хусеин, а потоа и за одредени поединци познати како *имами* на кои им се припишува духовен и политички авторитет.

Со текот на времето во шиизмот доаѓа до поделби што резултирале со неколку подгрупи од кои најголема е подгрупата дванаесеттемина (дуодецимални шиити), луѓето што веруваат во дванаесет имами, од

[29] Елијаде Мирча, Кулиано Јоан П., *Водич кроз светске религије*, Народна књига, Алфа, Београд 1996, 183.
[30] *Светиот Куран*, 2:30...
[31] Ахмед Лејла, *Жената и родот во исламот*, Слово, Скопје 2004, 116–117.
[32] http://islamqa.info/en/26794, пристапено на: 7.5.2014.

кои се истакнуваат првиот Али и дванаесеттиот Мехди. Помали шиитски групи се зејдиите и исмаилите. Овие групи, повторно, се разединуваат околу прашањето за прифаќањето на наследниците – имамите, но овој пат на имамот Али.



Слика 2. Поделба кај шиитите

Кратко време по поделбата на сунити и шиити, за време на првата *фитна*, исламска граѓанска војна, во исламот се појавила уште една група наречена хариџити, кои се издвоиле од војската на имамот Али. При една битка помеѓу имамот Али и Муавија, умајадски владетел на Сирија, дошло до арбитража, посредување помеѓу Абу Муса ал Ашари, застапник на имамот Али, и Амр ибн ал Ас, застапник на Муавија, околу тоа кој да биде халиф. Хариџитите се побуниле и против двете завојувани страни: против Муавија поради тоа што кренал бунт против имамот Али, за нив легитимниот халиф, но и против имамот Али поради прифаќањето неговиот легитимен авторитет да се даде на арбитража. Хариџитите, повикувајќи се на стихот: *Ла хукмети ила Алах* (арап. La hukmeti ila Alah) или „нема друг суд освен Божјиот“, не прифаќале никаква арбитража од човечко битие. За хариџитите може да се каже дека се првата радикална или „фундаментална“ група во исламот[33].

2.2. Суфизам – езотеричната страна на исламот

За да се појде на патот на суфизмот, неопходно е да се биде муслиман, бидејќи методите на суфизмот се неефективни без оваа верска припадност[34].

Пред да продолжиме со анализа и објаснување што точно претставува суфизмот, сакам најнапред да ја разгледаме етимологијата и историската семантика на зборот суфизам, кованица што е широко прифатена во повеќе европски јазици, додека во исламската културна традиција се среќава под името *тасавуф* (перс. *tasawwuf*).

Постојат различни теории околу потеклото на зборот суфизам. Има истражувачи што го доведуваат овој збор во врска со чистотата (арап. *сафа*), мислејќи, притоа, на чистотата на душата, бидејќи првата задача на суфиите е да ги исчистат своите души од сите неморални особини[35].

Други, пак, терминот суфизам го доведуваат во врска со арапскиот збор *суф* (ṣūf) што значи волна, што алудира на единствената облека од груба волна што ја носеле раните суфии, што пак ја симболизира желбата за испосништво, односно посветеност на духовен и скромен

[33] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, југозападен дел на Македонија, имам на 25-годишна возраст, муслиман сунит, Турчин.
[34] *Што е тоа Суфизам*, http://www.islamska-zaednica.com/forum/topic/945-што-е-тоа-суфизам/, пристапено на: 17.7.2014.
[35] Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 44.

живот и одбегнување од материјалниот свет[36]. Во контекст на ова, за суфиите често може да се слушне и терминот *факир* или *дервиш*, едниот со арапско, а другиот со персиско потекло, и двата збора со значење сиромашен.

Трети сметаат дека терминот суфизам потекнува од зборот *ас-суфа* (арап. as-suffa) што значи трем, простор пред влезот на џамијата, односно местото каде што често седела првата група приврзаници на *тасавуфот*[37]. Тоа биле „луѓе од клупата“, односно посебна група пријатели на пратеникот Мухамед, кои живееле побожен и аскетски живот и избегнувале материјални уживања.

Некои теоретичари, пак, сметаат дека зборот суфи потекнува од зборот *саф* (арап. as-saff) во значење ‘редица’, бидејќи суфиите, според нивното сфаќање, се во првата редица во однос на близината до Бог. И ден-денес е практика, во теќињата, најпредадените дервиши на одреден дервишки *тарикат* при молитва да стојат во првата редица[38].

Од самиот збор *суфи* се изведува и динамичната форма во арапскиот јазик *тасавуф*, чиј корен е токму *свф*, и означува глаголска именка од петтиот вид глаголи, во значење ‘да се следи суфискиот пат’[39].

Тасавуф е збор составен од четири букви: ТСВФ. Секоја буква содржи тајно, скриено претставување на една состојба што патникот треба да ја помине. Заедно буквите ТСВФ сочинуваат дванаесет принципи, а оној што ги усовршува тие принципи може да се нарече суфија.

Т – во првата буква се содржани три принципи: одрекување (tark), каење (tubeh) и доблест (tugha);

С – во втората буква од зборот се содржани други три особини: трпение (sabr), искреност (sedgh) и чистота (safa);

В – третата буква стои за: љубов (vud), сеќавање, зикр (verd) и чесност (vafa’a);

Ф – последната буква претставува уште три други особини: самотија (fard), сиромаштво (faghr) и уништување (fana).

---

[36] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 7–8; Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 44; Новаковић Драган, *Исламски мистицизам – суфизам*, http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0352-5732/2011/0352-57321137481N.pdf, пристапено на: 21.7.2014; Vukomanović Milan, *Sufizam – unutrašnja dimenzija islama*, http://www.academia.edu/2899476/Sufizam_unutrasnja_dimenzija_islama_Sufism_-_The_Inner_Dimension_of_Islam_, пристапено на: 19.2.2014; *Origins of the word ‘Sufism’*, http://www.schoolofsufiteaching.org/qal/sufism/origins.html, пристапено на: 25.8.2014.

[37] Isa Abdul-Kadir, *Istine o tesavvufu*, sa arapskog originala preveo: Ahmed Mešić, Odbor islamske zajednice Tuzla, Nakšibendiska tekija „Šejh Ahmed Nuruddin“ (Katedra Mesnevije), Tuzla 1998, 55.

[38] Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 44.

[39] Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 45.

Само преку усовршувањето на овие состојби, односно особини, оној што трага може да ги премине границите на сопствената ограниченост и така да не биде повеќе осамена капка во океанот на животот, туку да се соедини со самиот океан и да го искуси значењето на величествената порака: *Ла илаха ила Алах* (арап. la illaha illa Allah) или „не постои друг Бог освен Алах“. Само тогаш постоењето, по комплетно уништување на суфијата, станува вистинско, без покривка, без тајна[40].

Откако ја разгледавме етимологијата и историската семантика на зборот суфизам, предлагам во продолжение да се запознаеме накратко со елементите, односно со составните делови или компоненти, т.е. да ја согледаме структурата на суфизмот и на тој начин да се обидеме да го дефинираме значењето на самата доктрина.

Првата задача на суфиите е да ги исчистат своите срца од сите неморални особини. Имајќи го предвид значењето на срцето и неговата улога кај човекот, чесниот пратеник Мухамед, а.с., кажал: *Во човечкото тело постои еден орган, ако е здрав, тогаш е здраво и целото тело, а ако се расипе, ќе се расипе и целото тело. Тоа е срцето!*[41]

Водејќи се од оваа изрека на пратеникот Мухамед, суфиите сметаат дека болестите на срцето, како што се: агресивност, алчност, гнев, егоизам, завидливост, лицемерство, мрзливост, наклонетост кон измама, омраза, скржавост, тврдоглавост, прељуба и други неморални особини, се причина за оддалечување на верникот од Бог. За да се доближи верникот до Бог, што е главната цел на суфиите, првенствено мора да ги излечи овие болести на своето срце.

„*Направив една куќа од светло, името му го надевав срце. Го оставев аманет во градниот кош на човекот, без оглед машко или женско, на човекот. Таа куќа од светло, кога е расположена је повисока од моите небеса“, рекол Господ. „Поширока од земјата, таа куќа од светло, кога е прегната, ни длака не може да помине, та куќа од светло, кога е расположена и чиста, кога е чиста и расположена, је мој дом. Мој дом не се четири sидини, туку чистото срце на човекот. Е сега, тоа куќа од светло кога е валкана је вражји дом.“ Сега се јасни работите. Кај луѓето што се шејтан имат валкани срца, шејтаните. Е туека нема Господ. Е туека е борбата. Да го чисти човекот срцето...*[42]

[40] *The Origin of the Word Tasawouf*, http://ias.org/sufism/origin-of-word-tasawouf/, пристапено на: 25.8.2014.

[41] Selvi Dilaver, *Mjesto tesavufa u islamu*, според хадисите на Bukhari, Muslim, Ibn Madže, http://kosusufije.blogspot.com/2013_08_01_archive.html, пристапено на: 23.7.2014.

[42] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.

Најголемата препрека што се издига на патот до Бог претставува **егото**. Суфиите егото го сфаќаат како кила (лат. hernia), така што, колку повеќе егото се зголемува, толку болката е поголема. Ова суфиско начело за (не)постоење на егото можеме да го согледаме и од една кратка фантастична приказна добиена од страна на еден од моите соговорници, во која се претставува настанот познат како ***мирач*** (арап. wal-Miʿrāj), патување на пратеникот Мухамед до рајот. Овој настан е клучен за голем број суфии, бидејќи, според нив, претставува зародок на суфизмот, па, следствено на тоа, благодарение на овој настан пратеникот Мухамед се сфаќа како првиот суфија, „татко на суфизмот", и е репер за секој што сака да пристапи на тој пат. *Аа, триес девет божји светци, чудотворци биле. И Муамед тропа на вратата. И од внатре рехберот се јавува: „Кој е?" – „Јас сум", вели, „Мухамед." – „Овде има многу Муамеди. За тебе не ти отвораме вратата. Има со многу имиња овде Муамеди." Се враќа назад. Не влегува, не можи да влегува внатре, не го примаат. Од Господ иди друг глас, повторно. „Муамед, врати се! Влези од, од тоа врата внатре, кај кркларот да, да бидиш и ти со ними заедно!" Овој пак се враќа, пак тропа три пати. „Кој е?" – „Јас сум, Пејгамбер." – „И Пејгамбер има овде. Ти си последниот Пејгамбер, колку Пејгамбери има пред тебе. Не те примаме ни тебе, врати се!" Овој пак се враќа. И третиот пат иди друг глас. Ценаб-Алаах му вели: „Ко ќе тропниш, ко ќе те прашуваш, ко ќе те прашуваат, кој си? Ќе им кажиш, јас сум фаакир, еден сиромав, што паметот не ми е, ни кај жената, ни кај децата, ни кај сермијата, ни кај богатствата, ни кај, па-парите, никаде. Јас сум веќе само за во рајот..." Третиот пат, кога тропнал и прашале: „Кој е?" Ben bir fâkirim*[43]*. Мен*[44]*. А, ако речи, бен, значи, аа, се креваш наголемо, јас сум директор, ама не, не е бен, мен... Ее, значи, ние сите го употребуваме тој збор, факир. Значи да не речиш Јас! Тој збор ако употребуваш, се креваш, се креваш наголемо. Кој сум Јас? А таму, четириесет, сите сме едно, еден је четириесет... Едно цело... И му отварат врата. И Пејгамберот влегува во мејданот*[45]*.*

Од оваа приказна, покрај егото, можеме да забележиме уште еден составен елемент на суфизмот, а тоа е **аскетизмот**. *Јас сум фаакир, еден сиромав, што паметот не ми е, ни кај жената, ни кај децата, ни*

[43] Ben bir fâkirim, преведено на македонски јазик: јас сум еден сиромав.

[44] Men – како замена за бен (јас), прво лице еднина во турскиот јазик, се употребува кога се сака да се потисне возвишеното ЈАС.

[45] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

кај сермијата, ни кај богатствата, ни кај, па-парите, никаде[46]. За влез во рајот, односно за да се влезе и да се следи суфискиот пат и, на тој начин, да се достигне Бог, и човек да се соедини со Него, потребно е воздржување од повеќе земни задоволства.

Персискиот суфија Абу Јазид Бистами, познат и како Бајазид Бистами (починал 874 г. според христијанскиот календар), во суфиското учење го вовел методот на строг **аскетизам** и **медитација** со цел преку **самоуништување** да се дојде до Божјата суштина[47].

Дури не се роди човек два пати, не може да замислит за светата небес, за света душа, дури не се роди два пати. Еднаш си се родил од мајка, а по втор пат да се родиш со душа, да ти душата свети[48].

Повторното раѓање, кое не може да се замисли без посредство на *муршидот*, т.е. учителот, ја претставува победата постигната во борбата што *суфијата* мора да ја започне против самиот себе или против телесната душа, која е седиште на страстите. Оваа борба во исламот е позната како *џихад*.

Човекот, себе требет сега да водит сопствена борба, за да го знает тој вистинит што е, сета Божја моч (моќ)[49].

Кога зборуваме за суфизмот, не можеме да го прескокнеме името на големиот суфија Мансур ал Халаџ, надалеку познат по својата изјава: „Јас сум Вистина“ (арап. An'al-Haq), поради која подоцна ќе биде и егзекутиран. Халаџ сметал дека целта на суфијата, па и на секое човечко битие, е **соединување со Бога**, кое се остварува преку патот на љубовта. Соединувањето со Бог, по Халаџ, ја прави личноста совршена, света, зашто и самиот Бог зборува и живее во него[50].

Безрезервната и безусловна љубов кон Бог, пак, е уште една значајна компонента што е неизоставен дел од суфизмот. Оваа компонента во суфизмот ја има воведено Рабија ал Адавија, една од првите суфии жени, која живеела во 8 век, која ја истакнала апсолутната и ексклузивна љубов кон Бог како најголем инструмент на своето мистично искуство и потрага по Вистината. Безусловната љубов што ја пропагира Рабија ал Адавија е преточена во една нејзина прекрасна песна, која гласи:

[46] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.
[47] Новаковић Драган, *Исламски мистицизам – суфизам*, http://www.doiserbia.nb.rs/img/doi/0352-5732/2011/0352-57321137481N.pdf, пристапено на: 21.7.2014.
[48] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, старешина – баба во бекташкиот тарикат на 74-годишна возраст, Албанец.
[49] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, старешина – баба во бекташкиот тарикат на 74-годишна возраст, Албанец.
[50] Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 14.

О, Господе,
Ако утре на Судниот ден
ме испратиш во Пеколот,
јас ќе кажам таква тајна
што и самиот Пекол ќе побегне од мене
сè додека не биде илјада години оддалечен.
О, Господе,
Што и да можеш да ми подариш од овој свет,
дај им го тоа на твоите непријатели.
Што и да сакаш да ми подариш од наредниот свет,
дај им го тоа на твоите пријатели.
За мене доволен си само Ти.
О, Господе,
ако те славам Тебе
стравувајќи од пеколот,
изгори ме во него.
О, Господе,
ако те славам Тебе
со надеж за рајот,
забрани ми ги неговите порти.
Но, ако те славам само заради Тебе самиот,
нека ме благослови тогаш сјајот на Твоето лице, засекогаш![51]

Љубовта е суштинска тема во суфизмот, прифатена од многу дервишки редови. Тоа е, всушност, вистинска причина за постоење на човекот. За овој принцип суфиите се потпираат на куранскиот стих: *Кажи: Ако го љубите Аллаха па, следете ме! Аллах ќе ве љуби и ќе ви ги прости гревовите ваши. Аллах е Простувач и Сомилосен!*[52]

Вистинската љубов е извор на сите доблести и единствениот пат да се стигне до Бог. Основата на љубовта не е да се сакаш самиот себе, но да се сака изворот на љубовта, Бог. Љубовта е постоење. Вистинската смрт доаѓа кога љубовта престанува да постои. Вистинската љубов не познава смрт.

Вљубеникот е оној човек што ја чува љубовта за Бог во неговото срце, а чија цел во животот е целосно соединување со Бог[53].

[51] *Sufi Poetry*, http://www.spiritualfoundation.net/poetry.htm#96914485, пристапено на: 5.6.2014. Препев на македонски јазик: Виктор Трајановски.
[52] *Светиот куран*, 3:31...
[53] *On Love*, http://bektashiorder.com/on-love, пристапено на: 25.3.2015.

Помеѓу раните суфии, со своето учење видно место зазема Ибн Араби. Основата на системот на Араби била доктрината наречена **единство на постоењето** (арап. *wahdat al-wujud*)**.** Според оваа доктрина, Бог се смета за основа на секое битие, и не постои ништо друго освен Него. Сè што постои може да опстојува само благодарение на тоа што поседува еден аспект од Божествената реалност. И крајната и единствена цел е повторно враќање кон изворот и соединување со него.

Дервишот еднаш се доближил до неговиот учител Хоџа Ахмед Јесеви и го запрашал: „О учителу! Кажи ми кое е значењето на единството?“ Светецот не одговорил, но му рекол на дервишот да донесе голема коцка шеќер. Откако тој ја донесол, Хоџа Ахмед Јесеви го прашал: „Што е ова?“ – „Тоа е шеќер, мој учителу“, рекол дервишот. Тогаш учителот му наредил да ја скрши коцката на три дела. Дервишот го направил тоа, и Ахмед Јесеви го прашал: „На што ти личат формите од овие три парчиња?“ Дервишот рекол: „Па првата ми личи на камила, втората на коњ, а последната личи на човек“. Тогаш светецот ги зел сите три парчиња шеќер и ги стиснал силно, така што ги згмечил. Потоа го прашал дервишот: „Што се сега?“ Дервишот одговорил: „Тоа е шеќер, мој учителу“. Хоџа Ахмед Јесеви тогаш му објаснил: „Ова е единството. Ние сме тука денес и ќе бидеме тука утре, без оглед на тоа како нашите форми ќе се променат“[54].

Суфиите најмногу инспирации и инструкции добиваат од практиките и животот на пратеникот Мухамед, т.е. од сунетот, но уште повеќе од Куранот, кој го сметаат како главен инструмент за мистична врска со Бог.

За некои суфии рецитирањето на Куранот во текот на нивниот живот е нивно главно средство за концентрација во однос на Бога, кој пак е самата есенција на секој духовен пат[55]. Освен тоа, тие се свесни дека Куранот е дотек и одлив – дека дотекува до нив од Бога и дека неговите реченици се чудесни знаци (ајет) што ќе ги одведат назад до Бога[56].

Покрај својата теоретска страна, *тасавуфот* има и практичен аспект, тоа е *марикатот* (арап. tariq, мн. turuq), кој се дефинира како пат, метод на приближување кон Бога[57].

---

[54] *From the Teachings of Haji Bektash Veli*, http://bektashiorder.com/teachings-of-haji-bektash, пристапено на: 17.10.2014.
[55] Лингс Мартин, *Што е суфизам?*, Логос-А, Библиотека Елиф, Скопје 2012, 27.
[56] Лингс Мартин, *Што е суфизам?*, Логос-А, Библиотека Елиф, Скопје 2012, 29.
[57] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 18.

Од дванаесеттиот век, суфизмот во рамките на исламската култура се институционализира во форма на дервишки редови или *тарикати*[58].

Овие *тарикати* биле поврзани за еден учител, основач (*пир*), чие име го носел соодветниот ред, усвојувајќи ги неговите методи на обука, користејќи го неговото мистично искуство и следејќи ги правилата на суфиски живот што тој ги држел и ги зацртал. Тоа негово учење се пренесува преку континуиран синџир (арап. silsila), а шејховите што се создадени внатре во одреден дервишки ред стануваат духовни наследници на основачот на редот[59].

Дервишки редови, односно *тарикати* што егзистирале низ историјата се: бајрами (тур. bayramiyye), јесеви (тур. yeseviyye), кадири (арап. qadiriyya), кубреви (арап. kubrawiyya), мевлеви (тур. mevleviye), мелами, накшибенди (арап. naqshbandī), ниматулахи (перс. nimatollahi), рифаи (арап. rifa'iyya, тур. rüfai), садии (тур. sadiyye), сухраверди (арап. suhrawardiyya), халвети (арап. khalwatiyya), хамзеви, шазили (арап. shadhili), бекташи (тур. bektaşi) и други. Дел од овие *тарикати* со нивни теќиња биле присутни и на македонска почва, а некои од нив, како што се кадири, мелами, рифаи, садии, халвети и бекташи, се активни и денес во Македонија.

Во секој дервишки ред, односно *тарикат*, постојат четири порти низ кои верникот треба да помине за конечно соединување со Реалноста. Овие четири порти се: *шеријат* (закон), *тарикат* (пат), *марифет* (спознание) и *хакикат* (Божествена реалност).

За да се оствари тој духовен пат, мора да се почне од некаде и да се заврши некаде. Почетниот стадиум е *шеријатот*, и тој во себе содржи побожни и морални вредности, а конечната цел е *хакикатот* (апсолутната стварност). Она што е меѓу нив е патот, патека по која се минува, која претставува спојка на овие две составки на суфискиот живот[60].

Метафорички суфискиот пат често е опишан како орев, чија зелена обвивка го претставува *шеријатот*. Тврдата кора го претставува *тарикатот*. Јатката што се наоѓа внатре во кората е *марифетот*, а вкусот што е невидлив, но сепак присутен – *хакикатот*, т.е. Божјата реалност. Што значи, за да се стигне до Реалноста, мора прво да се скине оревот, потоа да се излупи, да се скрши и на крајот да се изеде.

[58] Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 219.
[59] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 19.
[60] Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 71.

Еден од моите соговорници четирите порти ми ги претстави на следниов начин: на ниво на *шеријатот* постои „само мое и само твое“. Тоа значи дека со закон се загарантирани правата на поединецот и моралните односи меѓу луѓето; на ниво на *тарикатот*: „моето е твое и твоето е мое“. Од дервишите се очекува да се однесуваат братски едни кон други и да ги отворат своите домови, своите срца и своите паричници меѓу себе; на ниво на *марифетот* нема „ни мое ни твое“. Суфијата што ќе го достигне овој степен сфаќа дека сите работи доаѓаат од Алах Возвишениот, ние сме само привремени корисници на тие работи, и нам всушност ништо не ни припаѓа. Оние што ја спознале вистината се издигнале над поврзаноста за она што го поседуваат, над поврзаноста за што било надворешно или материјално, вклучувајќи ја општествената положба и слава; а на ниво на *хакикатот* нема „ни мене ни тебе“, односно сè е Божјо[61]. На ова ниво суфијата спознава дека сè е дело на Алах и дека никој не е одвоен од Него[62].

Секоја порта ја сочинуваат одредени степени или фази, *маками*, како што се: одрекување, сиромаштво, воздржување, страдање, покајание, преобраќање, трпеливост, кои преку духовно-воспитно-образовна активност треба да се поминат и да се стекнат одредени психолошки состојби наречени *ахвал*, како што се: задоволство, сигурност, блискост, љубов, спознание. На тој начин се отстранува завесата што ја крие душата од Вистината, и конечно душата на верникот ќе стигне до Бог и ќе се соедини со Него.

Како плод на искуствата на бројни големи суфии, *тарикатите* се занимаваат токму со оваа практична реализација од различни модалитети на ритуали и молитви, *зикр*, а крајната намера е човековиот дух да се ослободи од ропството, сладострасноста и маните и да се украси со доблести. Значи, редот – *тарикатот* – е повеќе „култивација на религиозното искуство“ или „пат на прочистување“[63].

Овие дервишки редови претставуваат систем заснован на релацијата учител и ученик, кои се изразуваат со арапските термини *муршид* (учител, водач) и *мурид* (ученик, кандидат). Според тоа, редот е практичен метод за водење и обучување на ученикот од страна на *шејхот*, како водач што му ги трасира патот, мислите, чувствата и акциите и го води низ фази (*маками*) во интегрална поврзаност со психолошките ис-

[61] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.
[62] *Sufizam i islam*, https://rifaija.wordpress.com/author/muftic/page/2/, пристапено на: 21.9.2018.
[63] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 18, според Trimingham J. Spencer, *Sufi Orders in Islam*, Clarendon Press, Oxford 1971, 2.

куства или состојби (*ахвал*) кон интуитивно спознание на Божествената реалност (хакикат)[64].

За да се спроведе оваа обука, биле создадени теќињата. Тоа се места каде што се вршела, се анализирала и се доживувала исламската суфиска мисла и подоцна му се претставувала на населението. Тие се институции на *тасавуфот* и составен дел од исламската култура во кои живеат или престојуваат следбениците на *тарикатот* (*муриди*, *мухипи*), кои под материјална и смисловна контрола на еден одреден *шејх* настојуваат да ги разубават нивниот морал и етика врз основа на исламските суфиски начела[65].

Непобитна вистина е дека теќињата низ исламската историја влијаеле на заживувањето на исламските начела, но тие, истовремено, покажале голем успех и во ширењето на исламот. Исламизацијата на одредени делови на Балканот е направена преку теќињата и чесните *шејхови* што дејствуваат во нив[66].

Откако на некој начин ги согледавме составните елементи на *суфизмот*, се очекува да дадеме одредена дефиниција, да ја окарактеризираме оваа доктрина, потпирајќи се на претходно изложените факти. Според досега изнесеното, *суфизмот* претставува внатрешна, езотерична димензија на исламот, начин на живот насочен кон остварување на Божјата вистина, соединување со Бог, што се остварува преку духовен пат – *тарикат*, при што под водство на духовен учител, *муршид*, треба да се исчисти душата од сите неморални особини, да се репарира срцето, односно човековиот дух да се ослободи од сладострасноста и маните и да се закити со доблести, а сето тоа е возможно само преку патот на љубовта, т.е. преку безрезервната и безусловна љубов кон Бог.

[64] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 18–19, според Trimingham J. Spencer, *Sufi Orders in Islam*, Clarendon Press, Oxford 1971, 3–4.

[65] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 87, според Kara Mustafa, *Din Hayat Sanat Açısından, Tekkeler ve Zaviyeler*, Istanbul 2000, 50.

[66] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 88–89.

3. КРАТКА ИСТОРИЈА НА БЕКТАШКИОТ ТАРИКАТ

Исламот во времето по пратеникот Мухамед се поделил во две насоки, сунизам и шиизам. Во исто време, уште во првите векови од појавата на исламот, се јавила тенденција кон директно спознавање на Бог преку нагласување на мистичен приод и аскетски живот, тенденција позната како суфиско движење.

Еден од редовите што им припаѓаат на таквите суфиски движења што се појавуваат во исламот е бекташкиот *тарикат*[67].

Еден хадис од, од хазрети Муамед викат: „Мојот умеет после мојот смрт на седумдесет и три фрки, партии ќе се делит. Само едната е спасена...“ Ние мислиме дека ние (бекташите, м. заб.)[68].

Со текот на времето, поточно од дванаесеттиот век, суфизмот во рамките на исламската култура се институционализира во форма на дервишки редови или *тарикати*[69].

Како појава за надворешниот свет, не се јавува за време на имам Али, се јавува за време на Хаџи Бекташ Вели[70].

Бекташкиот *тарикат* е основан во Анадолија кон крајот на 13 век. За негов основач и духовен лидер, односно за свет заштитник на овој *тарикат* се смета **Хунќар Хаџи Бекташ Вели**, според кого овој *тарикат* го носи името.

Ова доктрина во исљамот, звана бекташизма, уствари го носит името бекташизма од Хунќар Аџи Бекташи Вели[71].

---

[67] Повеќе за бекташкиот тарикат види во: Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937; Hasluck Frederick William, *Christianity and Islam under the Sultans*, *Vol. I*, Clarendon Press, Oxford 1929; Hasluck Frederick William, *Christianity and Islam under the Sultans*, *Vol. II*, Clarendon Press, Oxford 1929; Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986; Изети Метин, *Тековите на месавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008; De Jong Frederick, *The iconography of Bektashiism. A survey of themes and symbolism in clerical costume, liturgical objects and pictorial art*, http://www.islamicmanuscripts.info/reference/articles/Jong-1989-Iconography-MME4.PDF; Jazexhi Olsi, *The Bektashi Tarikah of Dervishes*, http://reocities.com/djalosh/bektashi.pdf.

[68] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[69] Џило Хасан, *Филозофија на суфизмот*, Логос-А, Скопје 2010, 219.

[70] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[71] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, старешина – баба на 74-годишна возраст, Албанец.

Времето на неговото раѓање и смрт точно не може да се определи, но, според пресметките на историчарите, се забележани годините 1248 – 1337[72].

Е сега, Унќар Аџи Бекташи Вели е роден илјада, по, сончевиот календар, Исусов календар, илјада двеста четириесет и осма година е роден[73].

Хаџи Бекташ Вели потекнувал од гратчето Нишапур (Nishabur) во персиската провинција Хорасан, денешен Иран, место што се смета за лулка на суфизмот. Дошол во Мала Азија во 13 век, се населил во соседство на Киршехир, во селото Сулуџа Карахојук (тур. Suluca Karahöyük), кое подоцна го добило неговото име Хаџи Бекташ[74]. Таму го оформил суфискиот центар, главното теќе на бекташите, познато како „*Пир Еви*“ (тур. Pir Evi), од каде што подоцна се испраќани мисионери да го шират бекташкиот пат низ цела Анадолија и на Балканот.

Хаџи Бекташ во хилјаду двеста осумдес четврта година го формира првото теќе и своите дервиши, прави чуда во тоа место[75].

Една од причините за неговата миграција од Хорасан во Анадолија би можела да биде монголската инвазија на Иран во тоа време. Но, не може да се отфрли како причина и промовирањето на исламската вера во овие простори во нејзината езотерична форма.

За учител на Хаџи Бекташ Вели се смета Локман Перенде, кој, пак, бил ученик на прочуениот суфист и основач на јесевскиот ред, Ахмед Јесеви[76]. Од страна на Локман Перенде, Хаџи Бекташ бил упатен во сите езотерични науки.

Иако е познат како Хунќар Хаџи Бекташ Вели, неговото вистинско име било **Мухамед** (Sayyeed Muhammad bin Ibrahim Ata). Џон Кингсли Бирџ (John Kingsley Birge) во неговото импозантно дело „Бекташкиот дервишки ред“ дава објаснување како е добиено неговото име. Еден ден, кога учителот на Хаџи Бекташ, Локман Перенде, од кого го стекнал своето знаење и кој лично посведочил за неговите чуда, изразил желба за вода со која ќе изврши обредно миење, Бекташ

[72] De Jong Frederick, *The iconography of Bektashiism. A survey of themes and symbolism in clerical costume, liturgical objects and pictorial art*, http://www.islamicmanuscripts.info/reference/articles/Jong-1989-Iconography-MME4.PDF, пристапено на: 12.2.2014.

[73] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.

[74] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 50.

[75] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[76] Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија“, *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ“, София 2009, 230.

(Хаџи Бекташ Вели) се помолил, и одеднаш вода потекла директно на рацете на неговиот учител. Локман се изненадил и извикнал: „**Ya Hünkar**“ – „О, Господаре!“, и по овој настан тој бил наречен Бекташ Хунќар, а титулата продолжила да се употребува до денешни дни.

Титулата **Бекташ** со значење „другар по чин“ или „еднаков на принц“ му била дадена при неговото раѓање од страна на неговиот татко Сеид Султан Ибрахим, владетел на државата во Хорасан, додека титулата **Хаџи** му била доделена за чудото, односно мистичното појавување во Мека. Имено, неговиот учител Локман заминал за Мека на аџилак. По обредното обиколување на Ќаба, тој заминал на планината Арафат. Престојувајќи таму со неговите придружници, тој помислил дека е ден пред Курбан бајрам и дека, кога ќе се врати дома, мора да се зафати со подготовка на јадење. Хунќар Бекташ на чуден начин бил свесен за оваа забелешка и во состојба на екстаза за брзо време се појавил со послужавник со храна[77].

Вели *е значи, Велија и тој е Вели, Вели, усавршен. Усавршен, до, до тие, Хјунќар Хаџи Бекташ…*[78]



Фотогр. 1. Хунќар Хаџи Бекташ Вели, фотографија направена при сопственото теренско истражување во теќето Дикмен-баба во Канатларци, 2013 г

[77] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 36.

[78] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

На Хаџи Бекташ Вели му се припишува божествена моќ, тој бил исцелител и чудотворец, што може да се види и од неговото житие Вилаетнаме (*Vilâyetnâme*)[79], напишано два века по неговата смрт од страна на неговите *муриди*. Моќта што му се припишува се смета дека ја стекнал од имамот Али[80]. Често од моите соговорници можев да слушнам дека Хаџи Бекташ Вели бил потомок од дванаесетте имами, а преку нив и од самиот Али.

Еден од најраскажуваните настани во бекташката традиција што сведочи за чудотворната моќ на Хаџи Бекташ Вели, настан што како илустрација денес ги краси ѕидовите на бекташките теќиња, е средбата со Сеид Махмут Хајрани (*Seyit Mahmut Hayrani*), старешина на мевлевскиот ред од Акшехир. Слушајќи за Хаџи Бекташ Вели, Махмут Хајрани посакал лично да се запознае со него и да му ја демонстрира својата моќ. Заминал од Акшехир да го посети Хаџи Бекташ Вели на тој начин што се качил на лав, а притоа како камшик во рацете зел отровна змија и со себе понел триста свои ученици. Хаџи Бекташ, кога разбрал за тоа, го раширил својот килим за молитва, го фрлил на една карпа, се качил на неа и ѝ заповедал да се движи. Кога се сретнале двајцата свети луѓе, Сеид Махмут Хајрани се изненадил од глетката како Хаџи Бекташ Вели управува карпа, притоа констатирајќи дека е лесно да се јавне и да се управува животно или нешто што има душа, но да се направи безживотна карпа да се движи, тоа навистина е чудо. Признал дека Хаџи Бекташ Вели е поголем чудотворец од него, при што му се поклонил во знак на почит[81].

Покрај тоа што овој настан често може да се сретне низ бек-ташката литература, исто така, имав можност да го слушнам од страна на мој соговорник.

Овие седеле во, како пример, како кај нас во теќето и идат едни кажуват: „Едни гости идат кај тебе“. Рекле: „Идат едни гости“, и Хаџи Бекташ рекол: „Ајде да излезиме, да пречекаме гостите, гости дошле“. И излегуват, кога ќе види Мамут Ајрани шо викаат, се качил на лавот, седнал на лавот. Еее арслан, на лавот, а за камшик зел змија од кај не, глата ватил значи да мава како на..., ааа како на коњ она, како на магаре да качува човек и мора стап или камшик или нешто да држи, побргу да оди. И сега излегуват ова кога гледа Аџи Бекташ оти

[79] Mélikoff Irène, „Bektashi/Kızılbaş: Historical Bipartition and Its Consequences“, *Alevi Identity. Cultural, religious and social perspectives*, (papers read at a conference held at the Swedish Research Institute in Istanbul, November 25–27, 1996), *Transactions, Vol. 8 (1998)*, Tord Olsson, Elisabeth Özdalga, Catharina Raudvere (eds.). This edition published in the Taylor & Francis e-Library, 2005, 3.
[80] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 36.
[81] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 39; http://bektashiorder.com/from-the-vilayetname, пристапено на: 4.2.2015.

овој качил на лавот, се качил и тогај рекол Хаџи Бекташ: „Ја тебе...“, рекол, „на оо, на живо, шо е живо можи, сега да видиме он без душа шо е“. Овај Хаџи Бекташ се качува на suд, се погодил некој suд со камен и седнал на камен: „Ајде“, рекол, „сега оди да го пречекаме гостите“. Кога виде овие Хаџи Бекташ иди, ама шо ќе видат, Хаџи Бекташ на suдо седнато и излегува да пречека. И тогај тој сам рекол: „Значи и ние сме биле, ама Хаџи Бекташ, значи појак бил од нас, гледај ние, он со душа ќерамет напрајл. Ние се качивме охоо лавот со душа и ќе оди шо ќе прај, магаре, магаре ќе тепаш, ќе оди, ама suдо, камен?“ Е Хаџи Бекташ то напраал, и признал рекол: „Значи Хаџи Бекташ појак бил од нас“[82].

Одредени соговорници овој настан го гледаат како извор за потеклото на името, односно титулата Бекташ. Според нивните објаснувања, ако се раздели зборот бекташ, ќе се добијат два турски збора „бек(/г)“ со значење господар, владетел, управител и „таш“ со значење камен, или Бекташ што би значело „Господар на каменот“ или „Управител на каменот“[83].



Фотогр. 2. Средбата на Хаџи Бекташ Вели со Сеид Махмут Хајрани, фотографија направена при сопственото теренско истражување во теќето Дикмен-баба во Канатларци, 2013 г.

[82] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 75-годишна возраст, Турчин.
[83] Сопствени теренски истражувања, 2014 година во Канатларци.

Бекташката легенда вели дека Хаџи Бекташ Вели станал „свет заштитник“ на јаничарите за време на султаните Орхан и Мурат I и одиграл водечка улога во исламизацијата на христијански регрути од Балканот, кои нашле свое место во отоманската војска[84].

Легендите и дервишките записи кажуваат дека Османовиот син Орхан, откако бил прогласен за султан, го посетил *шејхот* Хаџи Бекташ, со придружба од чета платени отпадници од христијанската вера, во селото Сулуџа Карахојук, кај Амасија, и го замолил за благослов, да им даде име на четите и да им одреди знаме што ќе го носат во силните походи. *Шејхот* Бекташ го ставил ракавот од својата одежда од пуст на главата на еден од платениците и, кога ракавот виснал, благословил: „името нека биде ’нова чета‘ (тур. yeni çeri), лицето бело, раката победоносна, сабјата остра, а копјето бодливо“. Капите на јаничарите имале на задната страна парче што висело, што го симболизирало ракавот на дервишот. Така бекташкиот дервишки ред станал и воено братство на јаничарите. Значи, јаничарите биле и војници и дервиши[85].



Слика 3. Облека на јаничари со препознатливо покривало за глава што го симболизира ракавот на Хаџи Бекташ Вели, оној што ги благословил; фотографија преземена од интернет

[84] Jazexhi Olsi, *The Bektashi Tarikah of Dervishes*, http://reocities.com/djalosh/bektashi.pdf, пристапено на: 10.1.2015.

[85] Петровски Трајан, *Дервишки прстен*, Култура, Скопје 1994, 21–22; Hasluck Frederick William, *Christianity and Islam under the Sultans, Vol. II*, Clarendon Press, Oxford 1929, 483.

Хаџи Бекташ Вели седи на постот и чита од Куранот сурињa. Доаѓа султан Орхан и на вратата оп, го поздравува, му дава селам. Му вика: „Ќе ми донесеш двајца ергени. Двајца ќе ги благословам“. И ги, тие ги благословуват и од јен (ракав), овие се, викаме јенгови. И зато нивните капи се како јен, оти ги пореча, јеничари. Јенденичари, јен-ден-ичери (од внатрешноста на ракавот) јаничари. Ова ќе биде елитна војска. И ќе бидат, сите ќе бидат бекташите, ќе бидат[86].

Некои го објаснуваат ова со фактот што поголемиот дел од јаничарите биле по потекло христијански деца одземени со данокот во крв или воени заробеници. Овие момчиња, што следувале со данокот во крв и биле испраќани да живеат во турските села во Анадолија за да го научат турскиот јазик и исламската вера, покажале поголема наклонетост кон народните облици на религија отколку кон сунитскиот ислам. Кон крајот на шеснаесеттиот век Хаџи Бекташ станал официјално признаен светец на јаничарите, и постојано еден бекташки *баба* бил со секој корпус. Редот на бекташите и јаничарската војска станале така неразделни што секој нов *деде*, старешина, што се избирал за поглавар на редот, доаѓал во јаничарските кампови во Истанбул за да биде крунисан за ага на јаничарите[87].

По смртта на Хаџи Бекташ Вели, неговите ученици се раширile по светот и го пренеле неговиот *тарикат*, кој во раната фаза, судејќи по сè, бил варијанта на календерското учење[88].

Во тринаесеттиот, четиринаесеттиот и петнаесеттиот век на територијата на Османската Империја дејствувале многу духовни правци. Од тие правци најпознати биле хуруфи, абдали, хајдари и календери. За следбениците на овие движења заедничко било тоа што со своето учење се разликувале од стандардните текови на исламската духовност. Најраширено од овие движења во Анадолија било движењето на Абдалан-и Рум (Abdalan-i Rum), кое исто така било една варијација од календерскиот правец. Со воспоставувањето на големата империја на територијата на Блискиот Исток, почнало и благо задушување на ваквите духовни движења, кои со текот на времето се претопиле во стандардни *тарикати*[89].

[86] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[87] Иналџик Халил, *Османската Империја: класично доба 1300–1600*, Слово, Скопје 2004, 213–214.

[88] Календеризам е духовен правец во исламот што се појавил на крајот од десеттиот век. Припадниците на овој правец се одликувале со силен аскетизам, отфрлање на сите материјални добра и со постојани патувања низ светот.

[89] Halitović Hamza, *Bektašiska književnost 1/5*, http://behar.hr/bektasijska-knjizevnost-15/#, пристапено на: 11.9.2015.

Бекташизмот во форма каква што ја знаеме денес не бил профилиран до 16 век. Поединецот одговорен за утврдување на постојната структура на бекташкиот ред бил **Бал'м Султан** (1473 – 1516). Бал'м Султан, под покровителство на султанот Бајазит II, во 1501 година станал лидер на бекташите, со седиште во селото Хаџи Бекташ во Анадолија. Тој спровел голем број реформи, имал контрола над сè и ги унифицирал бекташките правила. Како резултат на оваа трансформација, Бал'м Султан се смета за вториот светец и вториот основач (тур. İkinci Pir, перс. Piri Sani). Во овој период важната улога на бекташкиот ред се засилила, и тој станал еден од највлијателните *тарикати* во Отоманската Империја од 17 до 18 век[90].

Многу известувања за Бал'м Султан го трасираат неговото потекло назад во Димотика, град лоциран околу 40 километри јужно од Едрене, каде, според бекташката традиција, било лоцирано теќето на бекташкиот ред наречено според името на неговиот основач, Сеит Али Султан.

Интересно е да се спомене преданието за зачнувањето на Бал'м Султан. Имено, мајката на Бал'м Султан, ќерка на бугарски крал, направила килим за молитва и го поставила на sид, кажувајќи ѝ на нејзината мајка дека ќе се омажи со оној што прв ќе изврши молитва над килимот. Сеит Али Султан и Мурсел-баба го посетиле нивниот дом и, без да побараат дозвола, го спуштиле килимот на подот и извршиле молитва над него. Бидејќи тие биле стари луѓе со кои девојката не би сакала да се омажи, бугарската принцеза сосила им го тргнала килимот, така што двајцата старци паднале. Сеит Али Султан забележал дека овој чин покажува абнормална сила, сила што реално не доаѓа од неа, туку од Бал'м Султан, оној што треба да се роди од неа. Мурсел-баба тогаш побарал мед, макнал со прстот во медот и го ставил прстот во устата на принцезата. Девојката, сè уште девица, останала трудна, и Бал'м, чие име потекнува од турскиот зборот „бал" со значење мед, на тој начин бил роден.

Постои верзија на оваа приказна, прифатена од повеќе научници: кога Мурсел-баба во поодминати 90 години отишол во Бугарија, се оженил со бугарска девојка, и од нивната заедница се родил Бал'м Султан. Традициите, во најмала рака, се согласуваат во ставот за христијанското потекло на неговата мајка[91].

[90] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 56.
[91] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 56.



Фотогр. 3. Бал'м Султан, фотографија преземена од фејсбук-профилот на Баба Реџеп[92]

Со текот на времето, бекташкиот ред станал најзначаен народен *тарикат* и постепено ги апсорбирал другите *тарикати*, како и дервишките групи, познати како *абдали*, *календери* и *хајдари*, што му проповедале на народот од четиринаесеттиот век, па натаму[93].

Бекташките теќиња имале срдечен однос со Отоманската Империја. Таа ги помагала бекташите и морално и финансиски. Генерално, помошта вклучувала обновување на теќиња, така што теќињата прифатиле државен суверенитет[94].

Но, сите османлиски султани не биле наклонети кон бекташите. Еден од султаните што не се памети по добро е султанот Селим I, наречен уште и Суровиот (тур. Yavuz), татко на султанот Сулејман Величествениот. Тој во 1514 година, при еден бунт против него, егзекутирал неколку илјади алеви и бекташи, притоа изјавувајќи: „убивањето на еден бекташ вреди повеќе отколку убивање на 70 христијани"[95].

[92] Линк од фејсбук-профилот на Баба Реџеп: https://www.facebook.com/pages/Baba-Rexheb/153313558289?sk=photos_stream.

[93] Иналџик Халил, *Османската Империја: класично доба 1300–1600*, Слово, Скопје 2004, 213.

[94] Soyyer A. Yilmaz, *Bektašijski red u 19 vijeku*, prev.: Hamza Halitović, http://bektashiorder.com/bektasijski-red-u-19-vijeku, пристапено на: 10.9.2015.

[95] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

Меѓу најомразените османлиски султани кај бекташите е султанот Махмуд II од кого бекташите претрпеле најголема штета во нивната историја. Овој султан на 15 јуни 1826 година донесол ферман за укинување на јаничарскиот корпус и затворање на сите бекташки теќиња во османлиската држава.

И стварно во деветнаесетти век, илјада осумсто дваесе шеста година, султан Махмуд Вториот, тој направи еден ферман, со сунитски оџи, едно-друго. Од него, доста јеничери, доста баба, доста теќиња изгореле[96].

Вториот Махмуд нѐ запостел и последната школа наша бекташиска... Тој многу нѐ запустил, тој многу нѐ упропастил бекташизмот...[97]

Во ферманот издаден 1826 година, султанот Махмуд II го укинува јаничарскиот корпус, како и бекташкиот ред поради тесната поврзаност помеѓу нив. Во тоа време, причината за забрана на бекташите од страна на султанот била главно нивната ерес, но во реалноста тоа било политичка одлука, бидејќи и јаничарите и бекташите биле жариште на конзервативната опозиција кон реформистичката програма на султанот.

Бекташите денес раскажуваат дека султанот Махмуд II се заколнал дека ќе егзекутира 70 илјади бекташи. Доколку не може да се најдат толку многу бекташи за да ги обезглави, тој наредил да се исечат на парчиња бекташките гробови сè додека ветениот број не се комплетира[98]. Голем број бекташки теќиња биле демолирани, а други променети во медреси. Сеќавањата за султанот Махмуд II кај бекташите буди гнев и омраза. Некои го нарекуваат со погрдно име султан Мајмун, а голем е бројот на оние бекташи што често го проколнуваат неговото име.

По забраната, државата го поставила накшибендискиот *шејх* за старешина во *Пир Еви* (главното бекташко теќе), додека Хамдулах Челеби (кој бил бекташки шејх во Пир Еви) бил протеран во Амасија[99].

И покрај забраната на бекташите, голем број продолжиле да работат тајно. Некои од нив преминале во накшибендискиот *тарикат*, други се прикажувале како следбеници на сунитите, но само привидно, сè

[96] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.
[97] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.
[98] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 78.
[99] Soyyer A. Yilmaz, *Bektašijski red u 19 vijeku*, prev.: Hamza Halitović, http://bektashiorder.com/bektasijski-red-u-19-vijeku, пристапено на: 11.12.2014.

со цел да се спасат од прогонот на султанот, а во себе задржувајќи ја и тајно практикувајќи ја бекташката доктрина. Ваквата состојба продолжила сè до смртта на султанот Махмуд II.

По две децении, околу 1850 година, бекташите можеле повторно себеси јавно да се изразуваат. Теќињата биле повторно изградени или обновени, при што редот имал умерено заживување во следните децении, обновувајќи дел од неговата слава, но никогаш не се вратил на своето славно минато[100].

Значаен настан во историјата е формирањето на Република Турција во 1923 година и изборот за претседател на Мустафа Кемал Ататурк. Како што е познато, Ататурк за модернизација на земјата спровел неколку реформи, како што биле: укинување на султанатот, укинување на халифатот, секуларизација на општеството, укинување на медресите, официјализирање на латинското писмо, воведување на грегоријанскиот календар, отстранување на фесот и фереџето, признавање на еднакви права на мажите и жените, забрана на полигамија итн.[101]

Во склоп на овие реформи, во 1925 година, Националното собрание на Турција донесло одлука за затворање на сите теќиња и *тарикати* на територијата на Турција[102], при што на бекташизмот му е зададен уште еден удар од страна на државата.

Од дваес петта, Ататурк ги затвори, на закон донесе да се затвори тарикатите и се затвора и теќето бекташизам…[103]

Со законот број 677 од 30 ноември 1341 (1925) г. биле затворени дервишките теќиња и гробови, била укината должноста чувар на гробови и биле укинати и забранети одредени титули[104]. Сите теќиња и *завија (*помала форма на теќе) во Република Турција, во форма на *вакаф* (верска фондација) или како личен имот на нејзините *шејхови*, или основани на кој било начин, биле затворени. Оние што се употребувале како џамии или *месџиди* (мали џамии) биле задржани како такви. Сите редови (*тарикати*) што користеле титули како што се: *шејх*, *дервиш*, *мурид* (ученик), *деде*, *челеби*, *сеит*, *баба*, *емир*, помошник на *шејхот*

[100] De Jong Frederick, *The iconography of Bektashiism. A survey of themes and symbolism in clerical costume, liturgical objects and pictorial art*, http://www.islamicmanuscripts.info/reference/articles/Jong-1989-Iconography-MME4.PDF, пристапено на: 12.2.2014.

[101] *Ataturk's reforms*, http://www.allaboutturkey.com/reform.htm; http://tekadamdevrimi.com/index.php?option=com_content&id=629&Itemid=577, пристапено на: 2.3.2015.

[102] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА", Тетово 2008, 193.

[103] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[104] *Preservation of Reform Laws*, http://www.constitution.org/cons/turkey/part5.htm, пристапено на: 12.12.2014.

(*халифе*), гатач (тур. falcı), како и носењето на дервишката облека биле забранети. Гробовите на дервишките редови биле затворени, и професијата чувари на гробови била укината. Оние што отворале затворени теќиња, *завија* или гробови и оние што сакале да ги обновуваат, како и луѓето што биле наречени со некое од мистичните имиња споменати претходно, или оние што би им служеле ним, било предвидено да се казнат со најмалку три месеци затвор и парична казна, во најмала рака, од педесет турски лири[105].

По затворањето на теќињата и забраната за суфиските редови во Турција, во 1925 година, бекташизмот продолжил да се одржува од страна на значаен број луѓе, и обредните средби продолжиле да се одржуваат во полутајност во приватни куќи[106].

И покрај тоа што оваа забрана била дел и од реформите што ги спровел Мустафа Кемал Ататурк, навидум штетна за сите *тарикати*, односно дервишки редови, моите соговорници, бекташите од село Канатларци, гледаат со симпатии кон ликот на оваа историска личност. Тие не се согласуваат дека Мустафа Кемал Ататурк им наштетил или, пак, имал намера да му напакости на бекташкиот *тарикат*. Соговорниците сметаат дека Ататурк лично им помогнал на бекташите на тој начин што го повикал старешината на бекташкиот тарикат во тоа време, Салих Нијази-деде, и му понудил хотел во центарот на Анкара каде што бекташите ќе можат да ги извршуваат нивните обреди, лично ангажирајќи се за зачувување и продолжување на бекташкиот тарикат. Еден соговорник, во една драматична ситуација, видно револтиран од констатацијата дека Ататурк извршил реформи за затворање на *тарикатите*, ми напомена дека не може Мустафа Кемал Ататурк да донесе такви одлуки против бекташите бидејќи и самиот тој бил бекташ, односно потекнувал од бекташка фамилија, поточно дека неговиот дедо бил дервиш во некое од бекташките теќиња.

Види сега, кога ја затвара Ататурк текињата и рекол на Сали Нијази-деде, тој бил од Албанија... Оти престолнината е во Аџи Бекташи во Нефшеир... И Ататурк му рекол на Сали Нијази-деде: „Моментално немој да си заминиш Албанија, Анкара во хотел ќе седиш. И

[105] *The Turkish Law of 1925 Closing the Dervish Lodges*, http://www.dar-al-masnavi.org/anti-dervish.law.html, пристапено на: 10.1.2015.

[106] De Jong Frederick, *The iconography of Bektashiism. A survey of themes and symbolism in clerical costume, liturgical objects and pictorial art*, http://www.islamicmanuscripts.info/reference/articles/Jong-1989-Iconography-MME4.PDF, пристапено на: 12.2.2014.

тука ко скришум ќе ги праите прак, пак церемониите, адетите бекташки"[107].

Колку е почитуван Мустафа Кемал Ататурк од страна на бекташите од село Канатларци покажува фотографијата на која е претставен *мејданот*, просторијата за извршување на верските обреди во Дикмен-баба теќето, каде што, покрај другите предмети што ја красат оваа просторија, јасно се гледа ликот на Мустафа Кемал Ататурк поставен врз државното знаме на Република Турција.




Фотогр. 4. Ликот на Мустафа Кемал Ататурк поставен во десниот агол во мејданот од Дикмен-баба теќето во село Канатларци, фотографија направена при сопственото теренско истражување во теќето Дикмен-баба во Канатларци, 2013 г.

Пет години по донесувањето на овој закон, односно во 1930 година, поглаварот на бекташите Салих Нијази-деде преминал во Албанија и, со помош на тогашната држава и кралот Ахмед Зогу, својата активност ја продолжил таму[108].

[107] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[108] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА", Тетово 2008, 193.



Фотогр. 5. Салих Нијази-деде, фотографија преземена
од фејсбук-профилот на Баба Рецеп[109]

Поседол, ми се чини пет години, после пет години се решил дека си одам јас. Си оди, изгледа има тајно допис со тамо Албанија, со кралот Ахмет Зога. И со арно отишол и ја онадил на Ахмет Зога, кажал, како се случи во Турција, деталите, сѐ. Си рекол: „Дали можиме ние деделукот овдека да ги оживиме?“ Девам ет (да продолжиме) вели: „Да продолжиме овдека деделукот“. И Ахмет Зога рекол: „Добра смисла, али како ќе го донесиме Аџи Бекташ од Турција? Треба да го откопаме гробот, шо има таму остатоците...“ И после рекол: „Само овдека ќе можиш (х)алифе да бидиш. Пиши едно писмо и, и адет врати ја деделукот назад!“ Знајш кај нас ко дванаесе апостоли се тие. На еден кој ти е најверен и најучен и најзаинтересиран и патот, најзнајен е, ова поштаџија бил, поштар бил на Аџибајкал-деде после и му пишува писмо, кај мене исто имам и писмото фотокопирано, синко на Аџибајкал, овдека е. „Ја со Амет Зого зборнав, сакав деделукот тука да го пренесам, ама не ми го признај оти во право е, ќе треба и Аџи Бекташ да донесеме овдека. Дури јас сум овде во Албанија, ти продолжи ги таму церемониите, деделукот. Ако некоаш враќам, ќе ми ја вратиш деделукот.“ По договор му ја праќа една писмо. И така овие после Наџи Бајкал ваму Турција си тера како што доби и писмото[110].

[109] Линк од фејсбук-профилот на Баба Рецеп: https://www.facebook.com/pages/Baba-Rexheb/153313558289?sk=photos_stream.

[110] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

Како што можеме да забележиме од исказот на мојот соговорник, поглаварот на бекташкиот *тарикат* во тоа време, Салих Нијази-деде, се преселува во Албанија каде што ја продолжил неговата служба, но не како *дедебаба*, туку како *халифебаба*, еден чин подолу, бидејќи титулата *дедебаба* му ја предал на Али Наџи Бајкал, кој останал во Турција да го продолжи бекташкиот пат.

Е сега ама види, види, па Ќемал Ататурк шо напрал. Сега рекол: „Слушај Сали Нијази-деде, ти одиш Албанија, ама ти дури не оставаш човек на твојо место овде, нема да излезиш. Ти првин човеко остаи овдека, после кај сакаш ој си“[111].

По смртта на **Али Наџи Бајкал-дедебаба** во 1960 година, **Бедри Нојан** ја добил титулата дедебаба, која ќе ја извршува сè до неговата смрт во 1997 година. На 12 декември 1997 година, со гласање помеѓу *халифебабите*[112], еден од двајцата актуелни поглавари на бекташите во светот, **Али Хајдар Ерџан**, ќе биде избран за нов *дедебаба*[113].



Фотогр. 6. Бедри Нојан-дедебаба, фотографија преземена од фејсбук-профилот на Баба Реџеп[114]

[111] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

[112] *12.12.1997 Tarihli Dedebaba Seçimi*, линк од изборот за нов дедебаба во 1997 година: https://www.youtube.com/watch?v=mZnI7q8deAQ.

[113] *What is Bektaşlik (Bektashi Order of Dervishes)? -2*, https://nazenin.wordpress.com/category/bektashi-alevi/, пристапено на: 2.2.2015.

[114] Линк од фејсбук-профилот на Баба Реџеп: https://www.facebook.com/pages/Baba-Rexheb/153313558289?sk=photos_stream.

Што се однесува до Салих Нијази-деде, со неговата преселба во 1930 година бекташкиот *тарикат* во Албанија ќе доживее ренесанса. На Салих Нијази-деде му се припишува успехот во заживувањето на бекташкиот *тарикат* на целиот Балкан. Но, по десет години од неговото доаѓање во Албанија, поточно во ноември 1941 година, Салих Нијази-деде ќе биде убиен од италијанските окупатори, по што следи мрачен период за бекташкиот тарикат.

Со преземањето на власта од страна на комунистите во 1945 година, бекташкото влијание во Албанија постепено ќе се намалува, а конечно, во 1967 година, кога Енвер Хоџа ги забранил сите верски практики во Албанија, бекташизмот ќе биде целосно парализиран.

Во Тирана оти беше забрането бекташизмот таму, религијата сето беше забрана[115].

Кога оваа забрана била поништена, односно по колапсот на комунизмот во 1990 година, бекташизмот се возобновил, а неговото обновување во голема мера било помогнато и добило голема поддршка од бекташката заедница од Детроит, САД[116].

Само да напоменам дека во 1954 година група албански бекташи, кои избегале од режимот на комунизмот и дошле во Соединетите Американски Држави, го формираат првиот албанско-американски бекташки центар во Тејлор, Мичиген, во близина на Детроит, на чело со Баба Реџеп како водечка фигура на редот.

Баба Реџеп. Тој умре сега, илјада деветсо деведесет и петта година. Живеел во Детроит и го оснивал бекташиското текие во Детроит, Соединетите Американски Држави. Па, речиси, како влегол комунизмот во Албанија, и тој избегал во Запад. И отишол во Америка и го оснивал теќето, али го почитувале изглеа властите многу оти му дале дозвола да гради теќе и така[117].

[115] Сопствено теренско истражување, 2014 година, југозападен дел на Македонија, дервиш на 54-годишна возраст, Турчин.
[116] *Bektashism*, http://teqeusa.org/about/bektashism/ пристапено на: 10.1.2015.
[117] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.



Фотогр. 7. Баба Рецеп, основачот на првиот албанско-американски бекташки центар во Тејлор, Мичиген, САД; фотографија преземена од фејсбук-профилот на Баба Рецеп[118]

По 1990 година се ревитализира бекташизмот во Албанија, при што во 1991 година за врховен *баба* на реорганизираното бекташко старешинство во Тирана е избран Решад Барди-дедебаба[119], кој ќе остане на престолот до 2011 година, т.е. до неговата смрт. Во 2011 година на негово место доаѓа *дедебаба* Едмонд Брахимај или познат како *баба* Мунди, кој бил избран за поглавар на бекташите од страна на Советот на албанските баби и во овој момент се смета за еден од двајцата старешини на бекташката светска заедница.

3.1. Бекташизмот на Балканот

Преминувајќи на Балканскиот Полуостров, Османлиите со себе ја донеле својата религија, сунитскиот ислам, но, исто така, паралелно со

[118] Линк од фејсбук-профилот на Баба Рецеп: https://www.facebook.com/pages/Baba-Rexheb/153313558289?sk=photos_stream.

[119] Izeti, M., *Tarikatı Bektaşian*, „Çabej“, Tetovo 2001, 76, во: Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија“, *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ“, София 2009, 235.

сунитскиот ислам на Балканот навлегол и суфизмот, содржан во учењето на разните дервишки редови[120].

Голем дел од научната фела го посочува суфизмот како главна причина за прифаќањето на исламскиот поглед на светот од страна на општествата и групите што живееле на Балканот, а кои припаѓале на различни вери, култури и традиции[121].

Дервишкото начело за праведноста и еднаквоста ги привлекувало луѓето, па дури и христијаните. Таму каде што народот не бил задоволен со крутите објаснувања на свештенството, доаѓале дервишите, кои со своите мистични, но за народот привлечни и зачудувачки обреди влевале стравопочит. Дервишите развиле широка добротворна дејност и во своите теќиња му делеле бесплатно храна секому што ќе наминел во нив, без разлика на верската припадност. Знаеле да го обноват почитувањето на запустените христијански или претхристијански култни места и светители што биле присутни во сеќавањата на народот од даниот крај. Знаеле да покажат повеќе љубов и интерес кон малиот, обичниот човек и на тој начин да придобијат и исламизираат многу христијани[122].


Влијанието на дервишките редови се ширело од суфиските центри (теќиња), кои постоеле во повеќе градски населби и во многу села во Босна и Херцеговина, Србија, Македонија, Албанија и на Косово. Во споменативе области биле раширени разни дервишки редови, како што се: мевлеви, накшибенди, халвети, кадири, рифаи, бекташи, хамзеви и др., кои давале одреден тон не само на религиозна туку и на општествена и културна атмосфера во споменатите области[123].

[120] Стојановски Александар, редактор, *Историја на македонскиот народ*, том втори, „Македонија под турска власт (од XIV до крајот на XVIII век)“, Институт за национална историја, Скопје 1998; Čolić Ljiljana, *Derviški redovi muslimanski: Tekije u Skoplju*, Filološki fakultet u Beogradu, knjiga LXXIV, Beograd 1995, 6.

[121] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 208; Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 5; Čolić Ljiljana, *Derviški redovi muslimanski: Tekije u Skoplju*, Filološki fakultet u Beogradu, knjiga LXXIV, Beograd 1995, 6.

[122] Стојановски Александар, редактор, *Историја на македонскиот народ*, том втори, „Македонија под турска власт (од XIV до крајот на XVIII век)“, Институт за национална историја, Скопје 1998, 393.

[123] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 5.



Слика 4. Дервишки редови

Еден од дервишките редови што оставил силен белег во духовниот живот на Балканот е бекташкиот *тарикат*. Тој е еден од неколкуте *тарикати* што денес може да се пофали со присуство на голем број активни теќиња во разни делови на Балканот, особено во Македонија, Албанија и на Косово, и покрај репресиите што ги доживеал во различни периоди од неговото дејствување.

Првите навестувања за присуство на бекташите на Балканот, според одредени претпоставки[124], се појавиле со поединци мисионери, кои доаѓале на Балканот уште пред османлиските освојувања, со што создале поволни услови за прифаќање на исламот на овие простори. Се претпоставува дека нивното доаѓање било во две фази. Во првата фаза тоа биле дервишите испратени директно од теќето на Хаџи Бекташ Вели на Балканот, како што е мисијата на **Сар' Салтук** (тур. Sarı Saltuk). Во втората фаза биле испраќани дервиши од теќето Сеит Али

[124] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 51; Barkan, Ö. L., Osmanlı İmparatorluğunda Bir İskân ve Kolonizasyon Metodu Olarak Vakıflar ve Temlikler, İstila Devirlerinin Kolonizator Türk Dervişleri ve Zaviyeler, Vakıflar Dergisi, II. Ankara 1964, 279–353, во: Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009, 231.

Султан од Димотика, кои во различни места изградиле теќиња од каде што ја вршеле нивната мисионерска дејност[125].

И после своите дервиши за да го прошират ислам, овој правиот ислам, суфискиот и човечниот ислам, ги пуштат своите дервиши како мисионари[126].

Некои автори сметаат дека улогата на овие мисионери била планирана и остварувана со цел колонизирање на христијанските земји. Но, според други автори, овие претпоставки се без посериозни историски докази, се темелат главно на легенди и претставуваат фолклорна епика[127].

Кога зборуваме за присуството на бакташите на Балканот пред османлиските освојувања, неминовно е да се спомне името на мисионерот Сар' Салтук, кој, според преданијата, одиграл значајна улога во ширењето на бекташките верувања на Балканот и кој денес се смета за еден од поголемите светци во бекташката традиција.

Повеќето балкански *тарикати* го сметале Сар' Салтук за припадник на нивните редови. Сепак, Сар' Салтук се здобил со поголемо почитување меѓу бекташите и на Балканот повеќе е познат како припадник на бекташкиот *тарикат*[128].

Значаен извор за легендарниот живот на Сар' Салтук е *Салтукнаме* (Saltuknâme), дело објавено во три тома, каде што се собрани преданија за Сар' Салтук од Румелија и Анадолија од страна на Ебул Хајр Руми, а по наредба на султанот Џем, син на султанот Мехмед II. Се претпоставува дека делото е завршено во 1480 година[129].

[125] Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009, 231.

[126] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[127] Norris H. T., *Islam in the Balkans: Religion and Society Between Europe and the Arab World*, Colombia: University of South Carolina Press, 1993, 89; Иналџик Халил, *Османската Империја: класично доба 1300–1600*, Скопје 2004; Паликрушева Галаба, „Преданија за дрвишките редови кај Турците и Македонците", Македонски фолклор 56/57, Скопје 2001, 7–12, во: Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009, 231–232.

[128] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА", Тетово 2008, 102.

[129] Mičijević Senad, *Sari Saltuk, historija i mit*, Fondacija „Baština duhovnosti", Mostar 1435/2014, 13.

Покрај *Салтукнаме*, друг важен извор што дава сознанија за Сар' Салтук е прочуеното дело *Сејахатнаме* (Seyahatnâme) на Евлија Челеби[130].

За мисионерската дејност на Сар' Салтук, а во врска со ширењето на исламот, може да се види од собраните преданија што се наоѓаат во погоре споменатите дела, според кои Сар' Салтук несомнено се однесувал кон христијаните како кон неверници и непријатели, но, во исто време, тој поминувал добар дел од своето време во манастири и цркви маскирајќи се како христијански монах или светец[131]. Во црквите држел говори во лик на свештеник, на овој начин повикувајќи ги христијаните во ислам[132]. Исто така, се споменува дека Сар' Салтук убил патријарх или свештеник, го презел идентитетот на свештеникот и од неговата манастирска ќелија конвертирал многу луѓе во ислам[133].

Интересно е преданието во врска со гробот на Сар' Салтук, кое е широко распространето низ целиот Балкан. Имено, по неговата смрт тој го мултиплицирал неговото тело за да ги задоволи неколкуте бекташки центри што тој самиот ги основал. Преданието вели дека, по смртта на Сар' Салтук, на седум старешини им било кажано да земат по еден ковчег и да го однесат во нивното место. Онаму каде што ќе се појави телото на Сар' Салтук, таму треба да биде неговото турбе. Кога ги отвориле ковчезите, телото на Сар' Салтук се појавило во сите седум ковчези. Па, според тоа, неговото тело е погребано на седум различни места.

И сите земат ковчето, некој носат тамо во Добруџа, во овој во, некој па овде. Едниот сега оргинал кажуват во Охрид, во Круја, Албанија, во овие во Мостар је, Ајипаша Сари Салт'к близу Благај, Моста она, Буна реката. Еден таму негде Грчка каде е. На седим места. Оти седум број е свет број во сите вери[134].

---

[130] Čelebi Evlija, *Putopis. Odlomci o jugoslovenskim zemljama*, preveo, uvod i komentar napisao: Hazim Šabanović, Svjetlost, Sarajevo 1967, (назив на оригиналот: Çelebi Evliya, *Seyâhatnâmesi*, Istanbul 1314/1896 – 1318/1900).

[131] Anetshofer Helga, „Legends of Sarı Saltık in the Seyahatnâme and the Bektashi Oral Tradition", *Evliyâ Çelebi, Studies and essays commemorating the 400th anniversary of his birth*, Nuran Tezcan, Semih Tezcan, Robert Dankoff (eds.), English Edition, Ministry of Culture and Tourism, The Bank Association of Turkey, Istanbul 2012, 293.

[132] Mičijević Senad, *Sari Saltuk, historija i mit*, Fondacija „Baština duhovnosti", Mostar 1435/2014, 16.

[133] Anetshofer Helga, „Legends of Sarı Saltık in the Seyahatnâme and the Bektashi Oral Tradition", *Evliyâ Çelebi, Studies and essays commemorating the 400th anniversary of his birth*, Nuran Tezcan, Semih Tezcan, Robert Dankoff (eds.), English Edition, Ministry of Culture and Tourism, The Bank Association of Turkey, Istanbul 2012, 297.

[134] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

Меѓу ними едниот је во Охрид што е, во манастирот... Свети Наум. Ние викаме Сари Салт'к викаме[135].

Фредерик Вилијам Хаслак (Frederick William Hasluck), историчар и археолог од Англија, кој од 1899 до 1916 година престојувал на Балканот, во своето дело „Христијанството и исламот под власта на султаните" за гробот што се наоѓа во црквата Свети Наум, лоциран на крајбрежјето на Охридското Езеро, напишал: „Гробот на светецот е посетуван од бекташите од блиската околина, кои го идентификуваат светецот со нивниот сопствен Сари Салтик"[136].

„Дека припадници на други вери го почитувале светителот и манастирот се зборува и во Летописот на манастирот каде што се вели: 'Оваа света институција стекна голем углед и чест и кај друговерци, а особено кај Отоманите Бекташи, кои не се знае од какви причини, ова светилиште го викаат 'Сари Салтик-баба' што преведено од турски значело жолтобрадиот татко. Според едно предание еднаш кога дошле на гробот на свети Наум неколку Турци замолиле некој од поупатените да им ги објасни ликовите од фреските. Кога тој што им ги објаснувал рекол: 'Овој е свети Наум', тие радосно извикале: 'А тој е нашиот татко'.

Интересен бил и начинот на кој се молеле Бекташите. Тие кога ќе дојделе во манастирот чевлите ги оставале пред манастирската капија и до црквата се доближувале со метании. На враќање излегувале наназад секогаш свртени со лицето кон црквата и пак со метании"[137].

Во врска со времето на смртта на Сар' Салтук се споменуваат првите години по 1300[138].

Корисни информации за присуството на бекташите на овие простори црпиме од патописецот Евлија Челеби. За време на неговата посета на Балканот во 17 век, тој ги спомнува бекташките теќиња во Босна во градот Чајниче[139], потоа во населбата Голобрдица во Сараево и едно

[135] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[136] Hasluck Frederick William, *Christianity and Islam under the Sultans, Vol. I*, Clarendon Press, Oxford 1929, 70.

[137] *Свети Наум Охридски – Чудотворец: Исцелител и просветител на македонскиот народ*, http://www.mn.mk/kultura/6390, пристапено на: 9.1.2015.

[138] Ocaklı Nuray, *Demographic Structure and Settlement Patterns of North-Eastern Bulgaria: A Case Study on Niğbolu Sandjak (1479-1483)*, Ankara 2006, 30, http://www.thesis.bilkent.edu.tr/0003130.pdf, пристапено на: 10.1.2015; Kiel Machiel, *The Türbe of Sarı Saltık at Babadag - Dobrudja*, http://dergipark.gov.tr/download/article-file/12871, пристапено на: 10.1.2015.

[139] Čelebi Evlija, *Putopis. Odlomci o jugoslovenskim zemljama*, Sarajevo 1979, 402, во: Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА", Тетово 2008, 193.

во Бања Лука[140]. Во Србија бекташко теќе имало во Белград, изградено од страна на Мехмет Паша Јахјапашиќ, каде шејх бил дервиш Мехмед[141]. На Косово наишол на бекташки теќиња во Митровица, Дупница и Качаник[142].

Голем број научници како решавачка улога за присуството на бекташите на Балканот го наведуваат односот јаничар – бекташ. Како резултат на овој однос, во секое место каде што навлегле јаничарите, навлегле и бекташите[143].

По распуштањето на јаничарскиот корпус од султанот Махмуд II во 1826 година, бекташкиот дервишки ред нагло се намалил, што се должело на фактот што меѓу јаничарите имало многу бекташи и што биле силни поддржувачи на редот. Познато е дека оттогаш бекташкото учење изгубило многу од духот на учењето на Хаџи Бекташ Вели и на Бал'м Султан[144].

Кога во 1925 година бил укинат дервишкиот ред во Турција, Тирана станала центар на бекташите, бидејќи тука старешината на бекташкиот ред Салих Нијази-деде отворил *дергах* (теќе) претендирајќи да стане светски поглавар на бекташите[145]. Под негова јурисдикција биле неколку теќиња во Косово, Македонија, Грција. Меѓутоа, Салих Нијази-деде за време на Втората светска војна бил убиен од страна на италијанскиот окупатор[146].

Со преземањето на власта од страна на комунистите во 1945 година во Албанија, започнала агонијата на бекташкиот тарикат, која кулминирала во 1967 година со затворањето на теќињата, односно со забраната на сите религии во Албанија, донесена од страна на Енвер Хоџа.

По Втората светска војна, во периодот од 1945 до 1990 година, на просторот на поранешна Југославија *тарикатите* и теќињата биле

[140] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 169.
[141] Çelebi Evlija, *Seyahatname*, V, 381, во: Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА", Тетово 2008, 193.
[142] Çelebi Evlija, *Seyahatname*, V, 547, во: Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА", Тетово 2008, 194.
[143] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА", Тетово 2008, 193.
[144] Миков, Л., *Култова архитектура и изкуство*, 31, во: Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009.
[145] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 172.
[146] *Salih Niyazi Dedebaba 1876–1941*, http://bektashiorder.com/salih-niyazi-dedebaba, пристапено на: 12.1.2015.

главно во рамките на Исламската заедница. Во текот на овој период се издвојувало теќето во Ѓаковица под раководство на баба Ќазим Бакали, кој станал старешина на редот на целото балканско подрачје, Македонија, Косово, Албанија. Ова теќе одиграло значајна улога во зачувувањето на бекташката традиција на овие простори[147]. Голем број дервиши од различни теќиња во лидерската функција на баби биле назначени токму од ова теќе.

Ќазим Бакали... Тој беше главен во СФР Југославија... за бекташиите[148].



Фотогр. 8. Баба Ќазим Бакали, фотографија преземена од фејсбук-профилот на Баба Рецеп[149]

Како самостојна организација во 1974 година бил основан „Сојуз на исламските дервишки редови на Алија“ (СИДРА), со седиште во Призрен, кој започнал издавање на свое списание под наслов „ХУ“. Оваа организација четири години подоцна го променила називот во ЗИДРА – Заедница на исламските дервишки редови на Алија во СФРЈ.

[147] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 172; Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија“, *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ“, София 2009, 234.

[148] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[149] Линк од фејсбук-профилот на Баба Рецеп: https://www.facebook.com/pages/Baba-Rexheb/153313558289?sk=photos_stream.

Според пишувањето на списанието „ХУ“, во Југославија во 1978 година бројот на дервиши бил поголем од педесет илјади[150].

Повторна ревитализација на бекташкиот тарикат на овие простори се случува по 1990 година, кога голем број бекташки светилишта ќе бидат изградени, обновени и отворени. Преку активирањето на повеќе текиња ќе се засили активноста на практикување на бекташката доктрина, односно овие светилишта ќе влијаат врз зачувувањето и продолжувањето на бекташкиот пат.

3.2. Бекташизмот во Република Македонија

Иако исламот во Македонија се распространил, главно, како сунитски, заедно со него дошле и разни учења, движења и институции, т.е. разни дервишки редови со најразлична идеолошко-верска ориентација, од најконзервативна до најреволуционерна[151].

Мозаикот составен од дервишките редови што егзистирале во Македонија е многу шаренолик. За неговата шареноликост се погрижиле следниве *тарикати*: кадири, рифаи, шазили, мевлеви, сафави, халвети, садии, накшибенди, бајрами, мелами, бекташи и др.

Судејќи според текињата и турбињата што може да се сретнат низ територијата на Македонија, слободно може да се каже дека бекташкиот дервишки ред бил еден од најраспространетите *тарикати* во Македонија.

Историскиот развој на бекташкиот *тарикат* во Македонија, како и во целиот регион, се поврзува со подемот на бекташкиот ред од почетокот на 16 век со дејствувањето на Бал'м Султан[152].

За присуството на бекташкиот *тарикат* во Македонија во 16 век сведочи најстариот објавен пишан документ во врска со едно бекташко светилиште. Тоа е еден запис од 1544 година, чиј оригинал се чува во Архивот на Претседателството на Владата на Република Турција во

[150] Čolić Ljiljana, *Derviški redovi muslimanski: Tekije u Skoplju*, Filološki fakultet u Beogradu, knjiga LXXIV, Beograd 1995, 9.

[151] Стојановски Александар, редактор, *Историја на македонскиот народ*, том втори, „Македонија под турска власт (од XIV до крајот на XVIII век)“, Институт за национална историја, Скопје 1998, 393.

[152] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 184; Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија“, *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ“, София 2009, 232.

Истанбул. Станува збор за теќето Х'д'р-баба[153] во Македонски Брод, кое се смета за најстаро бекташко светилиште во Македонија.

Во споменатиот запис од 1544 година се вели: „*Завие* Хизир баба, познато под друго име Никола баба. Ова *завие* го основал дервиш познат под името Хизир баба, во близина на село Брод. Тоа е место каде што поминуваат патниците и им се укажува гостопримство. Во стариот царски попис е забележано да не се зема ушур и данок од неговите нивје, лозјето, бавчите, кориите, воденицата и ливадата. Сега, при извршената проверка, е утврдено дека во споменатото *завие* живее дервишот Али баба, кој точно ги опслужува и им укажува гостопримство на минувачите.

Служители на споменатото *завие* кои сега ги опслужуваат патниците и населените во неговата близина се следниве: Али баба, *шеик* на споменатото з*авие*, Вели деде, Хасан Абдал, Худаверди деде, Хусеин деде, Аш'к деде, Перване Абдал. Лица седум"[154].

Од истиот период, од 16 век се претпоставува дека потекнуваат Дикмен-баба теќето во Канатларци за кое подетално ќе зборуваме во понатамошниот дел од овој труд, како и теќето Харабати-баба, познато уште и како Серсем Али-баба теќе во Тетово.

Харабати-баба, односно Серсем Али-баба теќето: *изградено е на седми февруари илјаду петсто триес осма година ставени се темелите*. *Меѓутоа не бил во ова големина, помало бил*. *После за време на Рецеп-паша стариот што е тука закопан, и тој му има подарено на теќето овој имот*[155].

Според одредени извори, теќето го основал Серсем Али-деде[156], додека во времето на Харабати-баба, теќето е претворено во комплекс и го достигнало врвот на својот развој.

---

[153] Повеќе за ова теќе види кај Конеска Елизабета, „Дилеми околу историјата на црквата Св. Никола или Х'д'р баба турбето во Македонски Брод", *Гласник*, год. 50, број 1, Институт за национална историја, Скопје 2006.

[154] *Tapu defteri* No. 232, s 210a, Istanbul, Başbakanlık Arsivi, во: Петровски Трајан, *Дервишки прстен*, Култура, Скопје 1994, 84; Стојановски Александар, „Едно потврдено предание", *Музејски гласник на Историскиот музеј на Македонија*, 4, Скопје 1979, 53–57, во: Конеска Елизабета, „Дилеми околу историјата на црквата Св. Никола или Х'д'р баба турбето во Македонски Брод", *Гласник*, год. 50, број 1, Институт за национална историја, Скопје 2006, 162–163.

[155] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, западен дел на Македонија, дервиш на 58-годишна возраст, Албанец.

[156] Серсем Али-деде бил тетовец и служел како везир во Високата порта во времето на султанот Сулејман, кој истовремено бил оженет со сестрата на Серсем Али-деде, Махидевран Султан. Меѓутоа, тој подоцна ја оставил службата и се повлекол во главното бекташко теќе во Киршехир, каде што стигнал до положба поглавар.

Други информации говорат дека теќето е основано во времето на Харабати-баба, кој на местото во кое се запалило кандилото на Серсем Али-деде го основал теќето. Токму поради ова и теќето се споменува со две имиња: Серсем Али-деде и Харабати-баба[157].

Обновувањето и претворањето на Харабати-баба теќето во голем комплекс кон крајот на втората половина од 18 век му се припишува на Реџеп-паша и неговиот син Абдурахман-бег, кои повеќе од еден век независно владееле во поголемиот дел од централна и западна Македонија.

Теќето Харабати-баба се состои од комплекс згради што претставуваат архитектонско единство: зграда за бекташки церемонии и обреди, за живеење на бабата и дервишите и зграда за домашна економија, сите оградени со високи ѕидови во кои постоеле и пушкарници за одбрана.

Теќето имало, во согласност со учењето на бекташите, четири порти – четири влезови (тур. dört kapı). Главната порта била изградена од убаво обликуван камен, на северната страна.

Најубавиот дел од овој комплекс претставува *шадрванот*. Тој, всушност, е отворен павилјон на правоаголна основа, а се состои од водоскок и издигнат дел што служел за време на летото за извршување на бекташките церемонии.

Во рамките на теќето се наоѓаат повеќе *турбиња* (гробови). Прво е изградено *турбето* на Серсем Али-баба, првиот старешина на теќето, подигнато на многуаголна основа. Многу подоцна до него се изградени две простории: во едната е погребан Реџеп-паша, а во другата, поголема, се гробовите на *бабите* – лидерите на теќето. Во тој текиски комплекс, наследникот на Реџеп-паша, Абдурахман-паша, издвоил мал дел во северозападниот агол за *харемлак* (женско одделение), со посебни ѕидови, а се состои од куле и приземје со еден кат. Ова го подигнал за ќерката Фатима, која, исто така, е погребана во турбето на теќето со другите *баби*[158].

Се чини дека не постои ваков комплекс на Балканот каде што се содржани сите белези на бекташкиот *тарикат*, што го прави ова теќе едно од најубавите и најрепрезентативни бекташки светилишта на Балканот.

[157] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 195.
[158] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 176.



Фотогр. 9. Дел од објектите во Харабати-баба/Серсем Али-баба теќето, фотографии направени при сопственото теренско истражување во теќето Харабати-баба, 2013 г.

Најбујната активност на бекташкиот *тарикат* на просторот на денешна Македонија се забележува почнувајќи од втората половина на 18 век, па сè до крајот на 19 век. Вклучувањето на некои месни водачи во бекташкиот *тарикат* во овој временски период, каков што е случајот со Рецеп-паша и Абдурахман-паша, влијаело врз непречениот развој на бекташките активности, како и врз изградбата на многу нови бекташки теќиња и завија[159].

Фредерик Вилијам Хаслак, кој истражувал во бекташките центри и теќиња на Балканот во првите децении од 20 век, во своето дело „Христијанството и исламот под власта на султаните“ дава одредени информации за присуство на бекташки теќиња во Македонија на почетокот од 20 век. Неговиот опис е следниов: во Манастир (Битола) има мало теќе во градот, со гроб на Хусаин-баба, основачот, кое датира од

[159] Birge John Kingsley, *Bektaşilik Tarih*, превод на турски Reha Çamuroğlu, Istanbul 1991, 83, во: Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 194–195.

1872/1873; ова теќе било неоштетено во 1914. Во соседството имало уште две теќиња.

Во К'шова (Кичево) било теќето основано од Х'д'р-баба, се вели дека било старо и населено со 6-7 дервиши. По смртта на последниот *баба*, теќето било затворено и, од страна на Србите, претворено во црква Св. Никола.

Во Канадлар (Канатларци) сè уште постои големо теќе за кое се вели дека било основано пред 200 години од страна на Дикмен-баба, кој го наследил Курд-баба.

Во Скопје пред војната имало две бекташки теќиња наречени по Мустафа-баба и Сулејман-баба, најверојатно уништени во 1923 година.

Други теќиња во овој регион биле во Калканделен (Тетово) – каде сè уште егзистира големото и значајно теќе што го содржи веројатно гробот на Серсем Али. Во близина на станицата на Александрово, помеѓу Куманово и Скопје, постои мало теќе со гроб на Караџа Ахмед.

Исто така теќиња имало во Штип и Купрулу (Велес).

Во Струмица, поточно во струмичката област, пред Балканската војна имало бекташко теќе што го содржело гробот на светецот Исмаил-баба. Денес ова теќе е уништено[160].

Покрај овие теќиња наведени од Хаслак, на почетокот на 20 век во Македонија се забележани и следниве бекташки теќиња и *турбиња*: *турбето* на Гази-баба во Скопје, теќињата Џарар-баба и Којун-баба во Тетово, теќето на Џафер-баба во Гостивар[161], во Штип на Хамза-баба, во Велес на Хаџе-баба, во Дебар на Али-баба[162], во Кичево на Мухарем-баба.


[160] Hasluck Frederick William, *Christianity and Islam under the Sultans*, *Vol. II*, Clarendon Press, Oxford 1929, 523–525.

[161] Izeti, M., *Tarikatı Bektaşian*, „Çabej", Tetovo 2001, 163, во: Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009, 233.

[162] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение за културна афирмација „СКОФИА", Тетово 2008, 196.



Фотогр. 10. Шукри-баба, старешина во теќето во Штип, 1920 г., фотографија преземена од фејсбук-профилот на Баба Реџеп[163]



Фотогр. 11. Мухарем Ахмед-баба, еден од старешините во Х'д'р-баба теќето, фотографија преземена од фејсбук-профилот на Баба Реџеп[164]

[163] Линк од фејсбук-профилот на Баба Реџеп: https://www.facebook.com/pages/Baba-Rexheb/153313558289?sk=photos_stream.
[164] Линк од фејсбук-профилот на Баба Реџеп: https://www.facebook.com/pages/Baba-Rexheb/153313558289?sk=photos_stream.

Големите историско-политички турбуленции на балканскиот простор во текот на целиот 20 век донесле особено големи промени за исламската култура и традиција во чиј состав значајно место заземале и *тарикатските* заедници[165].

Историско-политичките настани во овој период, како пропаста на Отоманската Империја, Балканските војни, Првата и Втората светска војна, потпишувањето на неколку договори за „доброволна" размена на населението, комунистичката ера итн., негативно се одразиле врз бројноста на следбениците на бекташкиот *тарикат*, а воедно придонесле за затворање на многу бекташки теќиња во Македонија. Некои од бекташките теќиња биле претворени во христијански храмови, како што е примерот со теќето Х'д'р-баба во Македонски Брод, кое во периодот меѓу двете светски војни било повторно обновено во црква Св. Никола. Други биле пренаменети во угостителски објекти, како што е случајот со Харабати-баба теќето, од кое во 70-тите години на 20 век некои делови биле претворени во ресторан и хотел. Некои биле целосно уништени како последица од воените дејствија.

Во втората половина на 20 век, светла точка во зачувувањето на бекташката традиција на овие простори, попрецизно во Македонија, Албанија и на Косово, било теќето во Ѓаковица под раководство на баба Ќазим Бакали. Голем број дервиши од различни теќиња од Македонија во лидерската функција баби биле назначени токму од ова теќе, односно *насип* зеле непосредно од раката на баба Ќазим[166].

По 1990 година бекташкиот *тарикат* во Македонија отворил нова страница во својата историја. Тоа е период кога се засилила активноста на практикување и следење на бекташкиот пат преку активирање на повеќе теќиња, како што се: Харабати-баба теќето во Тетово, кое дури во 1993 година повторно ја вратило својата основна функција, потоа, новоизграденото Х'д'р-баба теќе во Кичево и, секако, едно од постарите теќиња во Македонија, Дикмен-баба теќето во Канатларци, кое

[165] Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009, 233.

[166] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 172; Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009, 234.

беше цел на моето истражување. *И во Преспа има едно, дервиш Алија сега имат модерно едно теке градено*[167].

Покрај теќињата, значајно место заземаат и турбињата, често посетувани и силно почитувани од бекташите. Такви се Х'д'р-баба турбето во Македонски Брод, потоа, гробот во манастирот Св. Наум, за кој се верува дека е на Сар' Салтук, како и турбињата што се наоѓаат во рамките на споменатите теќиња.

Етничката припадност на бекташите во Македонија е различна; најбројни меѓу нив се Албанците и Турците, а помал е бројот на Македонци.

3.3. Современа состојба на бекташката заедница во Република Македонија

Последните години од 20 век помеѓу бекташите се јавува идеја за формирање единствена заедница на бекташите во Македонија, која набрзо била правно реализирана од страна на бекташите од Харабати-баба теќето, но во која членувале и бекташи од Канатларци.

Али ние формиравме бекташиска заедница. И поглаварот је, поглаварот беше вооо, тетовското теќе, во Арабати-баба теќе. Во двеилјадита година беше формирана бекташиската заедница[168].

Нивната регистрација во Единствениот судски регистар траела само неколку години, т.е. до донесувањето на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група[169] во 2007 година. Заради формално-правно задоволување на критериумите за пререгистрација на овој закон, неизбежна била пререгистрација и на бекташката заедница.

Бекташиската заедница во Република Македонија е регистрирана во двеилјата година со помош на, овој беше на власт Арбен Џафери од ПДШ и ВМРО со Љубчо Ѓеорѓиовски кога беше на власт, тие нè регистрираа. Тоа регистрација беше до две илјади седма и ни извадија еден фамозен закон, тие шо се регистрирани верските заедници од хиљаду деветсто девеес осма година, тие остануваат. За нас тие

[167] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[168] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[169] „Указ за прогласување на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група", *Службен весник на Република Македонија*, бр. 113, 20.9.2007.

други од две илјади тие се, треба пререгистрација, поново да направат[170].

Иако, навидум, нивниот проблем лежи во пререгистрацијата што сè уште не може да се изврши, сепак, скриената заднина на проблемот е спорот на бекташката заедница со Исламската верска заедница во Македонија околу имотноправните односи за објектот Харабати-баба теќе во Тетово. Според кажувањата на моите соговорници, ИВЗ го попречува формирањето и регистрацијата на независна тарикатска заедница во Македонија за да не се добие самостоен правен статус на бекташката заедница во Македонија, а со тоа да се оневозможи водењето на спорот за теќето во Тетово.

Ние од две илјади седма сме направиле документација, сè уште нас не нè регистрираат и нè третираат како Вранишковски нас бекташиите овде во Македонија[171].

Објаснувањето на надлежните судски органи за одбивањето на регистрацијата било во тоа што нивното име „бекташка“ веќе било содржано во името на Ехлибејтската бекташка религиозна група на Македонија, со седиште во Кичево, а која е уредно регистрирана во Единствениот судски регистар. Случајно или не оваа регистрирана група веднаш добила поддршка од Исламската верска заедница.

Оти, кај Муртеза-баба ааа, тие, тие имаат регистрирано Ехлибејтска, Ехлибејтска бекташиска религиозна група. И сега ние не смејме, ние не смејме сега да, да формираме заедница, бекташиска заедница бидејќи името бекташиска веќе е искористено. И сега можиме ние само со друго име[172].

Исто така, во образложението на судските органи стои дека изворите на учење биле исти како кај друг регистриран верски субјект, т.е. со Исламската верска заедница, која е регистрирана на 14 ноември 2008 година, и дека не бил доставен доказ за сопственост на седиштето наведено во барањето врз основа на кој судот би можел да утврди дека седиштето Харабати-баба теќе е нивен имот[173].

Ние не можиме да се регистрираме оти направија Исламска заедница на светот да кажи дека не е против бекташиите, ги регистрира овие Ехлибејтска бекташиска заедница. Тие стаиле и ели-бејт божем,

[170] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.
[171] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.
[172] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.
[173] *Службен весник на Република Македонија*, број 154, година LXIX, 7 декември 2012, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/59A663CC6B61A64094D8390F618ACE5E.pdf.

една, едно пет члена од Кичево тие што се одвоени што го зеле, зеле тие, тие го имат и хиљафетот го земат од Турска, од турските баби таму едно-друго. И тие напраија поделба едно-друго. Али тие не се како заедница, тие се религиозна група. Религиозна не, не учествува, а ние сме, додека ние сме бекташиска заедница. Да не бевме бекташиска заедница регистрирана, види овие, за баба Едмонд Брахимај, нели е овде жигот на Република Македонија?! Да има право да, да делува Едмонд Браимај овде[174].

Во Македонија бекташите се под силен притисок од официјалните сунити, фундаменталисти, и од ИВЗ, која е предводена од албански сунитски свештеник Сулејман Реџепи.

Според кажувањата на соговорниците, во 2002 година, вооружени членови на радикалните струи во исламот со премолчена согласност на ИВЗ влегуваат во теќето Харабати-баба и го заземаат целиот комплекс. Тие го окупирале теќето, секако без судска одлука и без правен документ, само за да наложат фактичко присуство тука и да го присвојат целиот комплекс.

Бекташите од нерегистрираната заедница се стационирани и користат само една просторија во теќето, каде што ги чекаат резултатите од правните лавиринти за сопствената (пре)регистрација, но и од денационализацијата на Харабати-баба теќето и на другите теќиња на кои полагаат право.

Исламската заедница две илјади и втора година нè окупира нас, влезе со сила едно-друго овде. Ние чекајќи да добиеме денационализација, документите се подадени едно-друго, имаме тапии од османлискиот период, од српско, хрватско и словенско кралство и голема Албанија кога било овде... Па влегоја, не окупираа овде со раката на владата. Владата, владата е регулатор на, на верските, овие односи[175].

По донесувањето на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група во 2007 година, идеја за формирање на бекташка група се јавила и кај една група бекташи од Кичево. Нивната идеја била реализирана на 10 септември 2010 година кога во Единствениот судски регистар била запишана Ехлибејтската бекташка религиозна група на Македонија, со седиште во Кичево[176], која моментално е единствената регистрирана религиозна група на бекташите во

[174] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.
[175] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.
[176] Види: *Службен весник на Република Македонија*, број 154, година LXIX, 7 декември 2012, http://www.slvesnik.com.mk/Issues/59A663CC6B61A64094D8390F618ACE5E.pdf

Македонија. Поглавар на оваа религиозна група е Муртеза Пашо-халифебаба, кој е единствениот бекташ во Македонија со титулата халифебаба. Тој хилафетот го зел од Турција, од раката на Али Хајдар Ерџандедебаба.

Оваа регистрирана група веднаш добила поддршка од Исламската верска заедница. Сулејман Реџепи, поглаварот на ИВЗ, набрзо по регистрацијата на оваа религиозна група, во медиумите изјавил: „Тие (Ехлибејтската бекташка религиозна група на Македонија, м. заб.) ја признаваат ИВЗ како матична институција, и се става крај на сите оние што сакаат да манипулираат и лажно да се претставуваат“[177].

Ваквата постапка предизвикала негодување кај другите бекташи, особено кај оние од Харабати-баба теќето. Тие сметаат дека овој потег на ИВЗ за признавање друга бекташка религиозна група е последица на проблемот со теќето во Тетово, а сè со цел да се оневозможи нивно понатамошно регистрирање и постоење и на тој начин да се изгуби правната битка околу сопственоста врз теќето.

Покрај единствената регистрирана бекташка група, во Кичево егзистира уште една бекташка заедница, предводена од Ејуп-баба, кој е старешина во новоизграденото теќе Х’д’р-баба. Според добиените информации од соговорниците, изборот на легитимен наследник за старешина во теќето во минатото бил повод за несогласување и поделба помеѓу овие две групи. Групата што денес се наоѓа и ги користи просториите во новоизграденото теќе, предводена од Ејуп-баба, инсистирала изборот за нов баба да биде по принципот на ербабие, т.е. по заслуга, односно најспособниот член во заедницата, оној што е „стасан“, да биде избран за старешина. Наспроти ваквото застапништво, нивните опоненти, групата предводена од Муртеза Пашо-халифебаба, која денес има адаптирано простории во неговиот дом, каде што ги вршат нивните обреди, сметале дека изборот на баба треба да биде по принципот на евладие, т.е. по наследство, односно изборот за баба треба да премине од татко на син. Во конкретниот случај, принципот на *евладие* требало да се примени на еден од браќата Муртеза или Мусали, бидејќи нивниот татко, покојниот Зија-баба, неколку години ја извршувал функцијата старешина во теќето во Кичево пред да биде отфрлен.

Првиот баба што беше овде, овие го истераја одовде оти тој не реализираше некои работи. Не ги почитуваше прописите како што треба[178].

---

[177] *ИВЗ призна бекташка религиозна група*, http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=1022101013346&id=9&setIzdanie=22114. пристапено на: 1.2.2015.

[178] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.

Откога добија демократија, ја отфрлија Зија-баба, го избркаја од теќето, и „ние нејќиме со Турчин да бидиме“. Одма нацизам почнаја. И после Зија-баба дома си направи мејданче[179].

Денес помеѓу бекташите во Македонија се води полемика во однос на прашањето каде се наоѓа светското седиште на бекташите и кој ја извршува функцијата поглавар на светската бекташка заедница. Едни, главно бекташите со албанска етничка припадност, сметаат дека, со доаѓањето на Салих Нијази-деде во Албанија, седиштето на бекташкиот *тарикат* е пренесено во Тирана, Албанија, каде што и денес се наоѓа главниот бекташки центар на чие чело стои Едмонд Брахимај-дедебаба.

Сега моментално, баба е Едмунд Брахимај е. Тој е врховниот... Баба Мунди тој, тој е светски... Главното теќе е во Тирана... Тој на Турција не е институционално. Не можи баба да биде... Али Ерџан-дедебаба... Меѓутоа овие се поделија, отидоа, го зедоа хилафетот, зедоа во Турција[180].

Другите пак, пред сè бекташите со турска етничка припадност, сметаат дека седиштето на бекташите се наоѓа во местото Хаџи Бекташ во Република Турција, во местото каде што е основано првото бекташко теќе и каде што се наоѓа турбето на Хаџи Бекташ Вели. Тие за поглавар на светската бекташка заедница го сметаат Али Хајдар Ерџан-дедебаба.

Арно ама, нашите браќа сега овие Албанците: „Не! Тој (се мисли на Салих Нијази-деде, м. заб.) *ги донесе алиштата овдека, и ние ќе си продолжиме деделукот“. И затоа сега само умно и само така пре-гласени си терат веќе шесто, седмо, до некни жив беше Решат-деде, починa Решат-деде... Еее Монди-баба. Тој беше бекташиски баба без да се направи халифе и само се прегласил како деде... Не е до, не е до слога работава вака... И Турција деделукот не го признаваат и си тераат сега како муџерети. Во Албанија сега е, Албанија тие терат муџерет, нежентство. А, а Турција мутехил, мутехил. Женет*[181].

Во минатото имало обиди за заедничко дејствување на бекташите во Македонија, да се сплотат и да дејствуваат како една заедница, како што и претендира бекташизмот во своето учење на заедништво, или како што ќе речат турските дервиши – *бирлик* (тур. birlik), односно

[179] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[180] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[181] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

албанските – *башким* (алб. bashkim-i), со значење единство. Но, кратко време по нивното соединување, поради одредени недоразбирања, како што велат тие од етнички карактер, ќе дојде до повторно разделување.



Фотогр. 12. Лево: Едмонд Брахимај-дедебаба, светски бекташки старешина со седиште во Тирана, Албанија. Десно: Али Хајдар Ерџан-дедебаба, светски бекташки старешина со седиште во Хаџи Бекташ, Турција. Фотографиите се преземени од интернет.

Овие си велат: „Веќе ние со Турџите нејќиме да бидиме“. И си терат по свое таму донекаде во тајна... Сега и тој е со Албанија, и со него сме малку лут оти јас сум веќе со Турџија, па и се малку нацисти бе чоек. Одиме ние со моето комбе, имав јас во времето работев таксист турбо дизел фор транзит едно комбе, ден и ноќ таму бевме, одевме за бекташи. Кога разбираме тие нацизам си праат. Еден ден така за Неврузу Султан бевме, имам исто и касета за него, подигнав јас рака и: „Куш?“ Ми вели: „Што?“ А бе куш карга, турски нешто и ние со сазојте. „Аа, не“, рече, „забрането турски.“ Шо бе забрането турски?! Зошто бе чоек? И рече „турски забрана“. Како бе забрането?! Ние дојдовме за бекташизам, ако дојдовме овдека вака нацистички ќе ми извините реков, за само албански јас не сум... Ама сакам на мајчиниот јазик. „Не“, рече, „сас ко.“ Ни сас, софљуте такво неш-

то се онадува, ааа реков јас од сега овде не, не. Издржавме некако и затоа не дојдовме... Добро е и така со Албанците се замразивме, ние останавме со Турција едни, Турците, едни ги признаа ним, Турците... Се одделија. Дојдовме само на име Аџи Бекташ го имаме сите заедно, ама... Ќешке да не беше вака, ќешке да не дојдеше ова вака[182].

„Шо бе вие од Канатларци, Турците да дојдат, овде да бидите главни во Македонија, во бекташиска заедница? Апсолутно не можи!“ Албанците така ни викаа[183].

[182] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 54-годишна возраст, Турчин.

[183] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

4. ДОКТРИНА КАРАКТЕРИСТИЧНА ЗА БЕКТАШИТЕ

Ова је остаен пат од Муамед, Алија, бекташизмата. Преко дванаестте имами и преко дванаестте имами останало во рацете на, на евлиите, односно на светците. И ќе стигнат во рацете на Унќар Аџи Бекташи Вели, и тој ќе го ширит бекташизмата во практична состојба. Истата бекташизма што го, што го употребиле тие во тајност тогај, Муамед и Али и седумнајсет верници од Алија.

И ви оставим уште две нешта аманет, Куранот еден, и мојот ели-беј два[184].

Од овие искази на мојот соговорник, може да се насети суштината на учењето на бекташите, односно може да се насетат дел од догмите или темелните точки на верското учење на бекташкиот *тарикат*. Имено, бекташкиот тарикат нуди уникатно и препознатливо читање на **Куранот**; следење на учењата и практиките на пратеникот **Мухамед** и хазрети **Али**; почит кон семејството на пратеникот Мухамед – ***ехли-бејтот***; почит кон **12-те имами** и **14-те безгрешни жртви**, т.н. ***масуми*** (masum-i pak), деца на имамите; потоа, верување во ***евлии***, т.е. **светци**; следење на светиот пат на **Хунќар Хаџи Бекташ Вели** и доктрината на **четирите порти**, која не може да се замисли без ликот на ***муршидот*** или учителот, кој го знае најдобро патот што води до севишниот **Алах**, односно **Хак**, односно **Вистината**.

Во продолжение ќе се обидам да дадам краток осврт на дел од темелните точки на верувањето на бекташите.


4.1. Божествената природа на имамот Али

Бекташите го почитуваат *хазрети* Али, зетот на Мухамед и негов братучед, за кого сметаат, како негов најблизок човек, дека бил најдобро упатен во тајните на патот кон Бог. Бекташите го сметаат Али за основоположник и бранител на нивниот *тарикат*[185].

[184] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.

[185] Светиева Анета, „Бекташите (Бегинци) во Преспа како верска и етничка заедница“, *Етнолог*, год. 2, број 3, Здружение на етнолози на Македонија, Музеј на Македонија, Скопје 1992, 104.

Оваа доктрина е остаена од Алија. Тој е основач на мистиката на исљамот[186].



Фотогр. 13. Имам Али, сопствена фотографија направена во домот на дервиш-рехбер Али во Канатларци, 2014 г.

Пратеникот Мухамед ја презентирал Божјата објава, Куранот, но патот за разбирање на внатрешното значење и за длабинското поимање на објавата е, сепак, Али, поради што Али кај бекташите зазема предоминантно место[187].

Пратеникот Мухамед рекол: „Јас сум градот на знаењето, а Али е неговата порта“. За да се влезе во градината на исламското знаење, поединецот мора да помине низ портата, која е големиот Али[188].

Бекташите отишле толку далеку во теоретското објаснување на значењето на Али, поради што создале култ кон него и го возвишиле до степен на божество. Таа деификација на Али се изразува и во нивниот израз *бисмишах* (арап. bism-i Şah) – во име на царот или во име на

[186] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.
[187] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 134.
[188] Sulejmani Arben, *Haji Bektash Veli and the Bektash Path in Albania and Macedonia*, http://www.georgefox.edu/ree/Sulejmani_Haji_Jan%202014.pdf, пристапено на: 9.3.2015.

Али наместо куранското *бисмилах* (арап. bism'il-lahi) – во име на Алах[189].

Како што може да се види, една од централните догми во бекташизмот е возвишувањето на имамот Али до степен на божество. Доказите што ја обезбедуваат основата за ова верување се пронајдени во бекташката верзија на *мирач* и во преданието поврзано со Собирот на 40-темина (тур. kırklar meclisi). Овие традиции се раскажуваат и се забележани во бројни *нефеси*. Постојат разни верзии со мали варијации, кои го содржат во суштина следново известување: за време на *мирачот*, пратеникот Мухамед побарал од Бог да го тргне превезот што стоел помеѓу нив за да може пратеникот не само да го слуша туку и да го види. Барањето било прифатено: превезот бил тргнат, и Мухамед се нашол лице в лице со имамот Али.

За време на неговото чудесно ноќно искачување на престолот, Мухамед сретнал лав, кој му го попречил патот, па, за да го одврати и замолчи лавот, му фрлил прстен во неговата уста. Подоцна, во одреден момент, за време на Собирот на 40-темина, Али го извадил од својата уста истиот тој прстен што Мухамед му го фрлил на лавот. Тогаш Али му го вратил назад на пратеникот Мухамед.

Дополнителна евиденција за божествената природа на Али е обезбедена преку настаните околу неговата смрт. Имено, Али ги информирал своите синови Хасан и Хусеин дека по неговата смрт ќе дојде човек што ќе биде со прекриено лице, кој ќе се погрижи за неговиот погреб[190].

Кога навистина се остварile предвидувањата, Хасан и Хусеин, не можејќи да се воздржат, потрчале по човекот за да видат кој е тој. Кога го стигнале, тие инсистирале да им го открие неговиот идентитет. Тогаш „туѓинецот" го тргнал превезот и им го покажал лицето: тоа бил самиот Али, чудесно носејќи го сопственото тело да го погребе[191].

Гореспоменатите преданија, кои покажуваат како Али е идентификуван во бекташката мисла со самиот Господ, се надополнуваат со фактот што мнозина бекташи во нивните молитви и поздравувања често во еден здив го изговараат Али во заедништво со Алах и пратеникот Мухамед, на пример: О Алах, о Мухамед, о Али (тур. Ya Allah, Ya

[189] Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 162.
[190] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 139.
[191] De Jong Frederick, *The iconography of Bektashiism. A survey of themes and symbolism in clerical costume, liturgical objects and pictorial art*, http://www.islamicmanuscripts.info/reference/articles/Jong-1989-Iconography-MME4.PDF, пристапено на: 12.2.2014.

Muhamed, Ya Ali) или ја употребуваат фразата: „Hak-Muhammed-Ali aşkına“ со значење „За љубовта на Бог–Мухамед–Али“.

Голем број научници сметаат дека бекташите намерно го изедначуваат Али со Алах и Мухамед во едно тројство, познато како *учлер* (тур. *üçler*), и на тој начин се обидуваат да го изедначат Али со Бог, но и да ја поврзат бекташката форма на исламот со христијанството и со концептот на светото Тројство: Отецот, Синот и Светиот Дух.

Поголемиот број од бекташите, најверојатно, нема со леснотија да го опишат како тројство, барем не во христијанска смисла, бидејќи нивното споменување на Алах–Мухамед–Али е дел од нивното верување во концептот на *единството на постоењето* (арап. *wahdat al-wujud*)[192].

Според оваа доктрина, Бог се смета за основа на секое битие, и не постои ништо друго освен Него. Сè што постои може да опстојува само благодарение на тоа што поседува еден аспект од Божествената реалност. Па така, Мухамед и Али се само претставници на божествената енергија. Божеството е далеку поголемо во неговата реалност отколку неговата креација.

Во врска со споменатиот статус што го ужива имамот Али, бекташите често пати се нарекувани *алеви* или се изедначени со припадниците на алевизмот, *алеви-бекташи*.

Во суштина, алевизмот и бекташизмот како религиски доктрини и пракси денес не можат да се раздвојат ако се исклучат некои детали при спроведувањето на религиските церемонии и специфичности во однос кон некои духовни водачи[193]. Па така, често може да се слушне: „Јол фаркл’ јок, сурек фаркл’ вар“ (тур. Yol farkı yok, sürek farkı var) со значење: „Не постои разлика во патот, само во практиките“.

4.2.Ехли-бејт

Приврзаниците на бекташкиот *тарикат* ја изразуваат нивната цврста посветеност и љубов кон *ехли-бејтот*, односно ги почитуваат членовите на семејството на пратеникот Мухамед, Фатима, Али, Хасан и Хусеин[194].

[192] Jazexhi Olsi, *The Bektashi Tarikah of Dervishes*, http://reocities.com/djalosh/bektashi.pdf, пристапено на: 13.11.2014.
[193] Antonov Aleksandar, *Muslimani u Bugarskoj*, http://behar.hr/muslimani-u-bugarskoj/ пристапено на: 9.3.2015.
[194] *The Path to Insight,* http://bektashiorder.com/the-path-to-insight, пристапено на: 9.3.2015.

Оттука произлегува основата на два од фундаменталните принципи на бекташизмот: *тевела* или љубов кон сите оние приврзаници на Али и *ехли-бејтот* и *тебера* или одбегнување на сите оние што не го сакаат и не го почитуваат *ехли-бејтот*[195].

„Мојот ели-беј је пет пречистени души од свемочниот Бог.“ Ели-беј се сматрат вака: Муамед еден, Алија два, Фатима три, Асан четири, Усеин пет. Што се крие во Куранот, во тешката филозофија, овие петмина умеат да го објаснат, а други не умеат да го објаснат[196].

4.3.12 имами

Покрај посветеноста спрема Мухамед и Али и љубовта кон *ехли-бејтот*, бекташите имаат видливо почитување и кон дванаесетте имами.

Многумина верувале дека Божествената светлина што го вдахнала Али преминала на неговите потомци, кои според тоа се кадарни да го толкуваат езотеричното значење на Куранот[197].

12-те имами што се почитувани од страна на следбениците на бекташкиот *тарикат* се: Али, Хасан, Хусеин, Зејнел Абедин, Мухамед Бакр, Џафер Садик, Муса Казим, Али Рида, Мухамед Таки, Али Неки, Хасан Аскари и Мухамед Мејди. Тие се најголемите авторитети на исламот и единствениот автентичен и веродостоен извор на пратеникот.

Кога зборуваме за 12-те имами и бекташизмот, тука би го потенцирале шестиот имам Џафер Садик, поради тоа што бекташите го прифаќаат Џафер Садик како нивен патрон, односно бекташите се сметаат себеси за следбеници на верското учење и практика на *месепот*, т.е. правната школа на Џафер Садик. Во одредени прилики може да се слушне како бекташите за себеопределување го употребуваат терминот џаферити.

Е сега од на бекташијата пример да прашаш на бекташи, на Вели-баба: „А бе кој си ти?“ – „Јас сум бекташи.“ „Ауу добро. Од кој месеп си?“ Е сега ако знајт Вели-баба ќе речит: „Имам Џафер-и Садик месеп“. – „А добро, се признава оти си бил бекташи.“ Ама ако не знајш месепо, ее како шо праиме муабет прееска, значи, и тогај ќе

[195] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 140.

[196] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.

[197] Иналџик Халил, *Османската Империја: класично доба 1300–1600*, Слово, Скопје 2004, 211.

рече: „Аа, ти не се бекташ. Значи, шом не знаеш месепо, од кој месеп си, ти не си бекташија, лажиш ти“[198].

За последниот од имамите, Мухамед Мејди, бекташите веруваат дека не умрел, туку дека исчезнал, односно Бог го сокрил, и неговото враќање особено се очекува. Тој ќе се појави заедно со Исус на Судниот ден со цел да ја исполни својата мисија, да донесе мир и правда во светот.

4.4.Евлии (светци)

Кога мистичната унија со Бог не е сосема јасна, тука е култот на чудотворните светци преку обожавање на нивните гробови, кој преовладува во бекташката вера[199].

Оти овде се верува Господ преку светците, да се разбереме[200].

Бекташите укажуваат длабока почит кон „блиските луѓе на Бог“ – *евлиите*, односно светците. Светците, вклучувајќи ги Хаџи Бекташ Вели, Бал'м Султан и оние што одиграле значајна улога во проширувањето на редот, како што се Сар' Салтук, Серсем Али-деде, Абдул Муса и Кајгусуз Султан, често се споменуваат во бекташките молитви и *нефеси*.

Една од манифестациите на почитувањето кон *евлиите* е изградбата и посетувањето *турбиња*. Мнозина бекташки теќиња пронајдени низ Анадолија и Балканот имаат или имале *турбиња* поврзани со нив, кои ги содржеле гробовите на познатите *баби* или дервиши, најчесто основачи на теќето. Овие теќиња и *турбиња* продолжуваат да бидат места за редовен аџилак на бекташите, но исто така и за оние што не се бекташи, па дури и за оние што не се муслимани. Турбињата се гледаат како центри на моќ и духовност, што е од суштинско значење за бекташкото верување, но и како спроводник на милоста божја, на просперитет, заштита и среќа, односно на божјата благодат т.н. *бараках*[201].

[198] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, југозападен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 75-годишна возраст, Турчин.
[199] Doja Albert, *A Political History of Bektashism from Ottoman Anatolia to Contemporary Turkey*, http://m-hosseini.ir/safavid/articles-1/57.pdf, пристапено на: 27.9.2015.
[200] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.
[201] Sulejmani Arben, *Haji Bektash Veli and the Bektash Path in Albania and Macedonia*, http://www.georgefox.edu/ree/Sulejmani_Haji_Jan%202014.pdf, пристапено на: 9.3.2015.

4.5. Извор на доктрината

Има на многу места, што бекташизмата је све од Куранот. Појќе пишува за нас, за ова доктрина, овде во ова книга, него за надворешното што оџите ова го држат вака (го става Куранот под мишка, м. заб.)… *Па, иначе потеклото на доктрината бекташиска је од самиот Куран... То е све Куран, бе душо*[202].

Бекташите ги базираат нивните практики и обреди на езотеричната внатрешна или мистична интерпретација и разбирање на Куранот (тур. batini yorum), наспроти егзотеричното, надворешното или буквалното значење (тур. zahiri yorum).

Затоа ние си велиме бекташиите, Куранот го знаиме внатрешно[203].

Како персонификација на овие два аспекти на значењето на Куранот се јавуваат, од една страна, пратеникот Мухамед, како олицетворение на надворешната интерпретација, и имамот Али, од друга страна, како олицетворение на внатрешното скриено значење. „Али е Куранот што зборува, додека Мухамед е средство преку кое Куранот стана јавен."

Според верувањето на бекташите, токму овие два лика, Мухамед и Али, му го пренеле знаењето од Куранот на Хаџи Бекташ Вели: еднаш, кога учителот на Хаџи Бекташ Вели, Локман, влегол во училницата, видел две фигури што му го предавале Куранот на Бекташ. Кога бил запрашан од страна на учителот, Хаџи Бекташ Вели одговорил дека оној од неговата десна страна бил Мухамед, а оној од неговата лева страна – „столбот на светоста", „служителот од *кевсерот* (изворот)", „лавот на Господарот", „Господарот на светот", „командантот на верниците" – Али ел Муртеза. Едниот го учел за надворешната наука, другиот езотеричното знаење, и двајцата користејќи го Куранот[204].

Локман Перенде доаѓа и гледат Хаџи Бекташ во една одаја, од далеку идет, гледа светлост. Кога се приближа, тие се губат. И го терат сосила, ќе ми кажеш што се, пет години, шес години: „Дете,

[202] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, старешина – баба во бекташкиот тарикат на 75-годишна возраст, Албанец.
[203] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, југозападен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 55-годишна возраст, Турчин.
[204] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 36.

кој те учи тебе?“ – „Ја тој професорот, надворешниот свет пророкот Муамед – шеријатот, додека тарикот имам Али“[205].

Бекташите сметаат дека Куранот заедно со Тората, Зебурот и Евангелието ги сочинуваат четирите свети книги објавени на човештвото, кои еднакво се почитувани од нивна страна.

И сега таа мистика на исљамот е врзана уско со Куранот. Алија вели вака: „Од Адам и Ева до Абрахам се дојдени сто четири свески на преѓашните пејгамбери“. Сто и четири свески знание за свемочниот Бог кој се користат за добробит на човекот. Е велит: „Од овие сто и четири свески се оснивани три книги: Тора – Теурат од Мојсеј, Зебур од Давид и Инџиљ од Исус“. И додават Алија овде, велит: „Што се криет во тие преѓашни три книги го знам све, што е изваено, исфрлено и ставено нешто друго, и тоа го знам све. Што се криет во тие три книги целосно је овде во Куранот“. ...Оти, фактички је, или Мојсеј или Давид или Исус или Муамед или кој сакаш, све ти је исто[206].

Одгледувањето на верската толеранција и почитувањето на другите свети книги освен Куранот ги направило бекташите да бидат граѓани на светот со љубовно чувство кон сите суштества, посебно за човекот како главно дело на Творецот на Универзумот[207].

За бекташите не било важно прашањето со која книга ќе се постигне соединувањето со Бога, дали со Куранот или со Библијата. Важен бил само крајниот резултат, човекот да биде подобар и духовно посовршен[208].

Ибн Араби ваквото поимање ќе го преточи во стихови на следниов начин:

„Моето срце дојде во една состојба што зеде секаква форма,
Некогаш манастир за свештеници,
Некогаш се претставува како Ќаба,
Некогаш ги содржи и страниците на Теврат,
Некогаш содржи страници на Куранот,
Мојата религија, мојата вера и мојата совест е (љубовта)...“ [209]

[205] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.
[206] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.
[207] Arkivi Qëndror Shtetëror i Republikës së Shqipërisë, Fondi 483, viti 1932, Dosia 1,1.
[208] Arkivi Qëndror Shtetëror i Republikës së Shqipërisë, Fondi 483, viti 1932, Dosia 1,1.
[209] Baba Rexhepi, *Mistiçizma Islame dhe Bektashizmi*, Tiranë 2006, 92, во: Красниќи Мемли, *Албанската национална преродба, мисионерското Библиско друштво и бекташизмот 1814 – 1897 година*, докторска дисертација одбранета на Институтот за историја, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2012.

Бекташите, исто така, се служат и со хадисите, а црпат информации и од книгите *вилаетнаме* или *менак'бнаме*, книги што ги опишуваат настаните од животот на големите евлии, текстови што им помагаат на бекташките *баби* и *дервиши* да продолжат по патот на нивниот патрон светец (*пир*) – Хаџи Бекташ Вели[210].

Исто така, бекташите ја употребуваат и книгата „Хадика" од Фазула, која се чита за време на *матем*, т.е. во деновите на жалост во месецот мухарем.

Ја собирал една збирка, целокупната ситуацијата во Кербела каква онаде, зошто дојде до таа работа, до таа војна значи, до таа... Тоа се чита кога иди муарем месецот[211].

Освен овие книги, важни извори на бекташките верувања и мисли се мистичните поеми *нутук* и музичките балади – *нефеси.*

Припадниците на бекташкиот *тарикат* придаваат големо значење на својата поезија, која ја нарекуваат со името *нутук*, што во буквален превод значи 'кажување'. По стандардите на овој дервишки ред, поезија смее да пишуваат само *дервишите* што добиваат духовно вдахновение – *илхам* и што за тоа имаат дозвола – *изин* од својот учител.

Нутук врз чија основа е компонирана музичка композиција се нарекува со името *нефес*, што во превод значи 'здив'. Бекташите ги изведуваат *нефесите* за време на своите верски обреди, и поради тоа тие имаат обредна функција, а нивните текстови донекаде се сметаат свети бидејќи во нив се пренесени постулатите на бекташкиот духовен пат[212].

Со изведба на *нефесите* се дава живот, виталност и мир на умот; тие имаат значајна функција во пренесувањето на бекташката доктрина од генерација на генерација[213].

Нефесите се пишувани во форма на стихови, често поврзани со догмите на редот. Јазикот на кој се пишуваат најчесто е турски. Темите во *нефесите* се изразени со посебен стил, а зборовите се употребени во нивното фигуративно значење. Изведувачите на *нефесите* се наречени *захир* или *ашик*[214].

---

[210] Sulejmani Arben, *Haji Bektash Veli and the Bektash Path in Albania and Macedonia*, http://www.georgefox.edu/ree/Sulejmani_Haji_Jan%202014.pdf, пристапено на: 9.3.2015.

[211] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, југозападен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 55-годишна возраст, Турчин.

[212] Halitović Hamza, *Bektašiska književnost 1/5*, http://behar.hr/bektasijska-knjizevnost-15/#, пристапено на: 11.9.2015.

[213] Shindeldecker John, *Turkish Alevis Today*, http://www.alevi.dk/ENGELSK/Turkish_Alevis_Today.pdf, пристапено на: 9.3.2015.

[214] Islam Aida, Leshkova Zelenkovska Stefanija, *Between Social Transformation and Continuity: Bektashi Sufi Music Tradition in the Republic of Macedonia*, http://www.ccsenet.org/journal/index.php/res/article/viewFile/35537/20910, пристапено на: 12.9.2015.

И, на крајот бекташите ќе речат: „Најголемата света книга што треба да се прочита е човекот“.

Меѓутоа бекташите има, две општа книга, книга, она книга вака што се става в џеб и што спиет, имаш и книга, жива книга што е професорот, муршид-и ќамил, Куран-и атик (совршениот учител, подвижниот Куран) [215].

4.6. Доктрината на четирите порти

Бидејќи бекташите го сметаат Куранот како еден од главните извори на нивното учење, тие се повикуваат на него, поточно на еден *ајет* во кој велат дека се наоѓа есенцијата на нивното верување.

Ми стварамо човјека и знамо шта му све душа његова хаје, јер Ми смо њему ближи од вратне жиле куцавице[216].

Ово је божји збор. Сега кога е Тој поблиску во нас него мие во себеси, е сега од, од овде више натака, почнуват да биде тајна во нас. Затоа е тајна бекташизмата[217].

Бекташите веруваат дека Бог се наоѓа во секое срце и сметаат дека Него треба да го бараме во нас самите.

Верата е едно, Господ е еден, али Господ не бараме ние во, во небесата, бараме во нашите срца, овде[218].

Главната цел на бекташкиот духовен пат е совршенството на човечката душа. Тоа е пат што ги утврдува своите патници со етички и духовни принципи што ги носат поблиску до Божеството[219].

Не си чист, треба да умреш од егоизмот, од материјализмот, од љубомора, од, тие работи се[220].

И тие што влегуваат во патот на Муамед–Алија, тоа ден, овде се прекина смртта на егото, да го усмрти човекот егото, сопственото го, за да останет самиот Бог[221].

---

[215] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[216] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец; Куран 50:16, https://islamu.wordpress.com/kuran/sura-50-kaf/, пристапено на: 21.2.2015.

[217] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.


[218] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[219] Sulejmani Arben, *Haji Bektash Veli and the Bektash Path in Albania and Macedonia*, http://www.georgefox.edu/ree/Sulejmani_Haji_Jan%202014.pdf, пристапено на: 9.3.2015.

[220] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

И ќе речат: *Дури не се роди човек два пати, не може да замислит за светата небес, за света душа, дури не се роди два пати. Сега, еднаш си се родил од мајка, а по втор пат да се родиш со душа, да ти душата свети. Е, за да душата свети, да добиеш светлост во сопствените гради*[222].

За прочистување и усовршување на една душа, односно за достигнување на фазата „совршен човек“ (тур. insan-ı Kamil) и доживување на божествената реалност и крајната вистина, во бекташкиот *тарикат* постојат четири порти (тур. dört kapı) низ кои верникот треба да помине. Тоа се: *шеријат* (исламски верски закон), *тарикат* (внатрешната патека или учењето и практиките на редот), *марифет* (мистично спознавање на Бог) и *хакикат* (непосредно искуство, т.е. соединување со Реалноста)[223].



Слика 5. Приказ на четирите порти што верникот треба да ги помине за конечно соединување со Вистината

Низ овој процес поединецот се обврзува да го следи духовниот водач (*баба*, *деде*, *пир*, *муршид*), чија задача е да го води лицето до крајната Вистина.

[221] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.
[222] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.
[223] Asghari Seyed Amir Hossein, *A short survey on common doctrines between Bektashi order and Shi'ism*, http://www.academia.edu/2478810/Bektashism_and_Shia_Islam, пристапено на: 9.3.2015.

Овие порти некои бекташи ги поврзуваат со четирите основни космички елементи: вода (шеријат), воздух (тарикат), оган (марифет) и земја (хакикат)[224].

Лицето што се подготвува да влезе во *тарикатот*, уште за време на церемонијата за примање нов член во бекташкиот *тарикат* наречена *икрар ајини* (тур. ikrar ayini), се запознава со оваа доктрина. Водачот (тур. rehber) го упатува новиот член кон *бабата* или старешината на редот, правејќи четири чекори, при што на секој чекор *рехберот* изговара:

– *Еселаму алејкум шеријат еренлери* (поздрави, возвишени на шеријатот);
– *Еселаму алејкум тарикат еренлери* (поздрави, возвишени на тарикатот);
– *Еселаму алејкум марифет еренлери* (поздрави, возвишени на марифетот);
– *Еселаму алејкум хакикат еренлери* (поздрави, возвишени на хакикатот)[225].

Исто така, запознавањето на новиот член со доктрината на четирите порти е спомната од страна на Орхан Ханчерлиоглу во неговото дело „Историја на мислата“ во кое се вели: *Муршидот му става тач на кандидатот на глава и на уво му ги шепнува овие зборови: „Биди над шеријатот, информирај се за тарикатот, придонеси за марифетот и биди константен во хакикатот“*[226].

Бекташките старешини оваа доктрина ја пренесуваат на еден мошне интересен сликовит начин преку примерот со коцка шеќер, преку кој воедно се прикажани и различните категории верници што се дел од структурираната верска хиерархија на бекташкиот *тарикат*.

Имено, најпрво *ашикот* може да види во речник што значи зборот шеќер и како се употребува – тоа е *шеријат*. Потоа, *мухипот* може да земе една коцка шеќер и директно да ја набљудува и да ракува со неа – тоа е *тарикат*. Следниот чекор е кога *дервишот* ќе го проба шеќерот и ќе дознае за неговиот вкус – тоа е *марифет*, и на крајот, кога

[224] De Jong Frederick, *The iconography of Bektashiism. A survey of themes and symbolism in clerical costume, liturgical objects and pictorial art*, http://www.islamicmanuscripts.info/reference/articles/Jong-1989-Iconography-MME4.PDF, пристапено на: 12.2.2014.
[225] *The unknown Alevi Bektasi Belief of Humanity & Tolerance 5*, https://www.youtube.com/watch?v=-z-30ZvRLsA, пристапено на: 13.2.2015.
[226] Hançerlioğlu Orhan, *Düşünce tarihi*, Remzi Kitabevi, altıncı basım, (шесто издание), Istanbul 1995, 150.

шеќерот е веќе истопен во устата на *бабата*, е прикажан *хакикатот*, односно шеќерот се соединил со човекот и станале една целина[227].

Некои научници го опишуваат бекташизмот како толерантен ислам, кој не обрнува внимание на шеријатските закони. Се вели дека бекташите имаат тенденција да се фокусираат на *езотеричните аспекти* на исламот (***батин***) не обрнувајќи ни најмалку внимание на многу од *надворешните практики* (***захир***), како што е, на пример, петдневната молитва[228].

Бекташите не се согласуваат со ваквите обвинувања, велејќи дека имаат задржано одредена доза почит и однос на одредбите на *шеријатот*, при што ќе речат: „Никој не може да го занемари *шеријатот* за да стигне до Вистината".

Без надворешната форма, ништо не би го прифатило внатрешното значење, исто и без внатрешната посветеност, надворешното одржување би било шуплива школка[229].

Ние евели капи шеријат, шеријат је закон. Овие сунитите кардашите наши шо се, тие останаја во евели капи шеријат, тука тапкаат на место. А ние тарикатчиите си отидовме напред. Поминавме евели капи шеријат, дојдовме на тарикат, од тарикат на марифет и од марифат на акикат. Ова да ти објаснам појќе, прво одделение, второ, трето, четврто, и така до декат и до дедебаба да дојди работава. А ние си продолживме па поколението на Мухамеда[230].

4.7.Утврдување на верата

Најзначајни духовни лидери за бекташите, покрај хазрети Али и имамите, се и нивните основачи Хаџи Бекташ Вели и неговиот следбеник Бал'м Султан, за кои се смета дека ја утврдиле верата, односно ги поставиле темелите на овој *тарикат*[231].

[227] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 102.
[228] Asghari Seyed Amir Hossein, *A short survey on common doctrines between Bektashi order and Shi'ism*, http://www.academia.edu/2478810/Bektashism_and_Shia_Islam, пристапено на: 1.3.2015.
[229] Stewart P. J., *Unfolding Islam*, Garnet Publishing Limited, 2008.
[230] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 56-годишна возраст, Турчин.
[231] Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009, 229.

Бекташите го сметаат Хаџи Бекташ Вели за личност што добро го сфатила и го објаснила езотеричното во Куранот и затоа треба да се раководат според неговите начела[232].

Бекташизмот је од Хаџи Бекташ земен, го зел, тој студирал од сите вери, стал она оргиналот што е есенцата што е логиката[233].

Ако го земаме бекташизмот што го створил у илјада двеста педесет и осма година Хаџи Вели Бекташ тоа е бекташизма. Бекташи, хакикат бекташи само Хаџи Вели Бекташи. Тој бил евлија, тој бил точен бекташии[234].

Иако идејната платформа на основоположникот на овој дервишки ред – Хаџи Бекташ Вели се засновала врз Куранот, подоцна се јавуваат извесни размислувања што доведуваат до трансформација во традицијата на овој дервишки ред. Всушност, шиитската доктрина што е главниот белег на овој дервишки ред не произлегува од основоположникот, туку е интегрирана од страна на Бал'м Султан во 16 век[235].

На Бал'м Султан му се припишува дека ја утврдил постојната форма и содржина на обредите на редот, ја основал структурираната верска хиерархија, го вовел редот на *муџеретите* (неженетите), односно ја вовел практиката на целибат, која станала пракса за многу старешини во бекташките теќиња[236].

Е сега за Бал'м Султан е другиот оснивач, другиот продолжувач, кој го донел доктрината на муџаретлук, на неженење[237].

[232] Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009, 237.

[233] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[234] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, западен дел на Македонија, муслиман сунит на 40-годишна возраст, Албанец.

[235] Ислам Аида, *Музиката во обредите на Бекташите од село Канатларци.*

[236] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 56; Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009; http://www.iranicaonline.org/articles/bektasiya-a-syncretic-and-heterodox-sufi-order-found-principally-in-anatolia-and-the-balkans-with-offshoots-in-other-regi.

[237] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш на 58-годишна возраст, Албанец.

4.8.Хиерархија во бекташкиот тарикат

Од своето организирање од страна на Бал'м Султан, бекташите поседуваат структурирана верска хиерархија. Најнискиот степен во оваа хиерархија е ***ашик*** (тур. aşık) или вљубеник на патот. Овој термин се однесува на она лице што е привлечено и се чувствува лојално кон бекташките принципи и практики, но кое сè уште нема земено *насип*, односно сè уште не го доживеало обредот на премин. Терминот *ашик* се однесува на аспирант што е во процес на воведување во редот[238].

Иерархија тие го носат од Бал'м Султан. За да станеш бекташија, ти знаеш, треба вљубеник на таа доктрина. И за да станеш, треба со старите верници коишто е во таа братство, треба да комуницираш извесно време тие да те, тебе да те малку, и да видат со каква намера доаѓаш, што е работа[239].

Одредениот период је прво, со верниците надвор. Према своите можности, тие зрачат со знање и ќе му дават знање, колку тој да го има, да му служи за упатство и да добиват чесност, односно да се здобиват со, со една доза на дисциплина, на људска дисциплина. Да имат добар нарав, да нема лоши мишљења, тие да ги исфрлит, да биде упатен, и кога ќе биде како таков упатен, после ќе им го предаваат на дервишите[240].

Кај нас, првин има ашик – љубител на патот, ашик. После од кога ќе се вљуби на патот, ако сака да влезит внатре, и тоа веќе му се дава насип. Влегува на патот, насип, и станува мухип[241].

Вториот степен[242] или ниво на прогрес во бекташизмот е ***мухип*** (тур. mühip) со значење 'верен пријател', 'предан пријател', 'наклонет пријател' и се однесува на оној што го има поминато обредот на премин, односно зел *насип* и според тоа е квалификуван да учествува полноправно во вообичаените церемонии на редот. Тој е член што ја дал својата заклетва на редот.

[238] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 163.
[239] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш на 58-годишна возраст, Албанец.
[240] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.
[241] Сопствено теренско истражување, 2014 година, југозападен дел на Македонија, дервиш на 50-годишна возраст, Турчин.
[242] Некои научници сметаат дека токму мухипот е првиот степен во бекташката хиерархија, бидејќи ашик е состојба на оној што сè уште е надвор од редот.

Церемонијата или обредот на премин во која поединецот се стекнува со статус *мухип* се нарекува *икрар ајини* (тур. *ikrar ayini*), церемонија на исповедување на верата[243].

Тие што се, што влегуват како муипи во бекташизмата и тие што се решат да останат да служат во теќето, тој ќе служи три години како муип, како верник. Након три години, ако имат желба да му служи на бекташизмата, тогај ќе се праит дервиш[244].

За да може *мухипот* да стане *дервиш*, често се споменува период од илјада и еден ден или три години. Но, поединецот може да остане *мухип* засекогаш.

Е муип сега три години, илјади и една ден треба да, да е, за да биде дервиш[245].

Третиот степен е тој на ***дервишот***. Соговорниците велат дека целосната припадност кон бекташкиот тарикат се стекнува преку станување дервиш.

Доколку *бабата* од теќето одреди дека *мухипот* духовно се вклопува, може да ја избрше церемонијата со која ќе го подигне до степен на *дервиш*, но тоа се однесува само за машките членови. Женските членови не можат да станат *дервишки*, но ништо не ги запира нив во стекнување на уште повисок духовен ранг. Исклучок од ова правило е доколку во теќето не остане ниту еден *дервиш*, тогаш жена може да се направи *дервиш*.

Ако, ако, ако нема, ако нема начин да биди, да биди маж, маж, маж да биди. Ако нема кој да биди, можи жена да биди само до дервиш, жената можи да биди и до дервиш. За баба не можи[246].

Во моментот кога се назначува новиот дервиш, тој мора да одлучи дали ќе одбере живот во целибат (mucerredlik) или во брак (mutehillik)[247].

За време на церемонијата при заветот за *муџерит*, десното уво на дервишот се прободува, и оттогаш тие носат обетка како потсетник на нивната заклетва[248].

---

[243] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 163–164.

[244] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.

[245] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш на 58-годишна возраст, Албанец.

[246] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[247] Sulejmani Arben, *Haji Bektash Veli and the Bektash Path in Albania and Macedonia*, http://www.georgefox.edu/ree/Sulejmani_Haji_Jan%202014.pdf, пристапено на: 9.3.2015.

[248] Sulejmani Arben, *Haji Bektash Veli and the Bektash Path in Albania and Macedonia*, http://www.georgefox.edu/ree/Sulejmani_Haji_Jan%202014.pdf, пристапено на: 9.3.2015.

Дервишите ги извршуваат верските обреди и имаат право да облечат верска облека, *тач* и *х'рка*, кога се во теќето за време на церемониите. Надвор од теќето тие носат граѓанска облека. Иако тие официјално не припаѓаат на свештенството, во случај на отсуство на овие вторите, тие може да ги заменат нив и да ги извршуваат сите верски служби, заедно со оние на обредите на премин[249].

После тоа, ако е заинтересиран, ако учи веќе и со радос се одлучува за дервиш. Сега пак значи тука треба да учам значит на патот, уште да учам, уште да бидам подобар, уште да бидам по човечанство да имам, уште да имам појќе милост, уште да имам појќе љубов на луѓето на сѐ живо и на мачки и на куче и сѐ[250].

Како доказ за припадноста на *тарикатот* добиваат т.н. *теслим таш* – диск со дванаесет краци. Овој знак претставува сеќавање во слава на 12-те шиитски имами[251].

Во овој степен на дервиш постои уште една категорија, а тоа е *дервиш-рехбер*, кој се смета за главен помошник на *бабата*.

Четвртиот степен е тој на ***баба***. Должноста на *бабата* е да служи како духовен водач во корист на членовите од неговото теќе и на нивните фамилии[252]. Тој е квалификуван да им даде духовни насоки на верниците[253], да обучува дервиши и *мухипи* за понатамошен напредок.

Ти го знајш во бекташизмот муршид, баба, то је духовен татко[254].

Следниот степен во бекташизмот е рангот на ***халифебаба***, кого обично го придружува во неговата мисија врховниот лидер, *дедебабата*[255]. *Халифебабата* раководи со своето теќе, но и со сите други теќиња во неговата околина.

Конечно, на врвот на хиерархијата се наоѓа ***дедебаба***. Тој е највисокиот бекташки духовен водач. *Дедебабата* ги води сите околни теќиња и ја претставува бекташката заедница со особена чест[256].

---

[249] *The Organization of the Bektashi Order*, http://bektashiorder.com/organization-of-the-bektashi-order, пристапено на: 1.3.2015.

[250] Сопствено теренско истражување, 2014 година, југозападен дел на Македонија, дервиш на 50-годишна возраст, Турчин.

[251] Светиева Анета, „Бекташите (Бегинци) во Преспа како верска и етничка заедница", *Етнолог*, год. 2, број 3, Здружение на етнолози на Македонија, Музеј на Македонија, Скопје 1992, 105.

[252] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 165.

[253] Jazexhi Olsi, *The Bektashi Tarikah of Dervishes*, 4, http://reocities.com/djalosh/bektashi.pdf.

[254] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш на 58-годишна возраст, Албанец.

[255] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 165.


[256] Иналџик Халил, *Османската Империја: класично доба 1300–1600*, Слово, Скопје 2004.

Во однос на бројот на *халифебаби* и *дедебаби* во светски рамки, според сфаќањата на бекташите, секогаш нивниот вкупен број треба да изнесува дванаесет, симболизирајќи ги дванаесетте имами од кои првиот *дедебаба* го претставува имамот Али.

Еден је дедебаба и единаесет халифебаба треба да има[257].

Тука треба да бидат дванаесе тие. Не смее да пречекори на тринаесе. И еден од тие алифињата ако почини... Се избира тука пак со глас едно алифе, или ако почини дедето од тие дванаесе после[258].

За да стане *ашикот мухип*, како и за да стане *мухипот дервиш*, потребно е одобрение од *бабата.* Но, доколку *дервишот* треба да стане *баба*, тој сега мора да добие дозвола или декрет од повисок чин, односно од *халифебаба*. Бабата, халифебабата и дедебабата, кои се нарекуваат водачи, сите мора да бидат луѓе совршени во сите работи што се однесуваат на патот.



Слика 6. Хиерархија на бекташкиот тарикат

[257] Сопствено теренско истражување, 2014 година, југозападен дел на Македонија, дервиш на 50-годишна возраст, Турчин.
[258] Сопствено теренско истражување, 2014 година, југозападен дел на Македонија, дервиш на 50-годишна возраст, Турчин.

4.9. Хуруфско влијание

Следејќи го новото водство од страна на Бал'м Султан со акцент на заветот за целибат на дервишите, следниот важен чекор во бекташкото верување е навлегувањето на тајното учење ***хуруфизам***[259].

Хуруфското движење се појавило преку делата на иранскиот мистик Фазлула Астарабади (Fazlullah Astarabadi, 1340 – 1394) и се засновало врз кабалистичката филозофија поврзана со нумеролошкото значење што им се припишува на буквите од азбуката и на нивна комбинација, па оттука и името *хуруф* што на арапски значи буква[260].

Еден пример што може да посведочи за хуруфското влијание се наоѓа во идејата Али и Мухамед да бидат изедначени со Бог. Имено, ваквото изедначување е скриено во нумеричката вредност на буквите што ги формираат имиња Али и Мухамед, чиј збир е еднаков со збирот од буквите rā и bā формирајќи го зборот *rabb* со значење Господар, т.е. Бог[261].

Резултатот и целта на хуруфско-бекташкото учење е човекот како врвно откровение и олицетворување на божеството да се приближи кон возвишена позиција, така што тој да стане предмет на обожавање[262].

Во ова учење се работи за барање на духовна перфекција преку правилно однесување и прикривање на верувањата преку комплексен симболизам што проникнува во бекташките обреди, облеката, уметноста и поезијата[263].

Во продолжение предлагам да видиме дел од симболизмот застапен во секојдневната практика кај бекташите, кој се смета дека влече корени од хуруфизмот.

Еден, три, пет, седум, дванаесет, четрнаесет, седумнаесет, триес два, четириесет, хилјади една, овие се[264]...

- Бројот **еден** го симболизира возвишениот Алах.
- Бројот **три** го претставува тројството Алах–Мухамед–Али.

[259] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 85.
[260] Asghari Seyed Amir Hossein, *A short survey on common doctrines between Bektashi order and Shi'ism*, http://www.academia.edu/2478810/Bektashism_and_Shia_Islam, пристапено на: 7.2.2015.
[261] De Jong Frederick, *The iconography of Bektashiism. A survey of themes and symbolism in clerical costume, liturgical objects and pictorial art*, http://www.islamicmanuscripts.info/reference/articles/Jong-1989-Iconography-MME4.PDF, пристапено на: 12.2.2014.
[262] Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 150.
[263] „Bektashi Sufi Order", *Encyclopedia of Islam*, Encyclopedia of World Religions.
[264] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

- Бројот **четири** ги означува четирите порти.
- Бројот **пет** стои за *ехли-бејтот* (Мухамед, Али, Фатима, Хасан и Хусеин).
- Бројот **седум** го сочинуваат *ехли-бејтот* заедно со Хаџи Бекташ Вели и Бал'м Султан, според едни, или *ехли-бејтот* заедно со *мелекот* (ангелот) Џебраил и Селман-и Пак (близок пријател на Али), според други.
- Бројот **дванаесет** ги симболизира дванаесетте имами.
- Бројот **четиринаесет** ги претставува четиринаесетте безгрешни деца на имамите, т.н. *масуми* (ma'sumu pâk), кои загинале при битката кај Кербела.
- Бројот **седумнаесет** ги означува најблиските придружници на имамот Али, од кои првиот е Селман-и Пак.
- Бројот **четириесет** ги прикажува четириесетте светци чудотворци.

Од облековните елементи, како најбогата со симболични претстави се издвојува капата, т.н. *тач*, или „тачот на Хусеин", изработена од **четири** парчиња валано платно сошиени заедно, врз кои се протегаат **дванаесет** гајтани/набори, кои на врвот се соединуваат во **едно** испупчено место. Дванаесетте гајтани/набори ги претставуваат 12-те имами, четирите парчиња се четирите порти: *шеријат*, *тарикат*, *марифет* и *хакикат*, додека испупченото место ја симболизира единствената Вистина, Алах.



Фотогр. 14. *Тач*, карактеристично покривало за глава кај бекташите, фотографија направена при сопственото теренско истражување во Канатларци, 2014 г.

Околу вратот *бабите* носат *теслим таш* (тур. teslim taşı), „камен на предавањето“. Тоа е камена плочка со **дванаесет** запци. *Теслим ташот* има двојна симболика, од една страна го симболизира соединувањето на човечката индивидуалност со вечната Вистина, а од друга страна ги симболизира душите на дванаесетте имами.

Теслим ташот, ово е дванаеска бројка, дванајс имами е[265].



Фотогр. 15. *Теслим таш* – „камен на предавањето“, фотографија направена при сопственото теренско истражување, 2014 г.

Бабите најчесто носат сличен, но многу поголем камен наречен *палихенк* (palihenk) на нивниот појас. Околу половината опашуваат појас т.н. *кемер*, и тоа **седум** пати, што ги симболизира седумтемина[266].

[265] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[266] De Jong Frederick, *The iconography of Bektashiism. A survey of themes and symbolism in clerical costume, liturgical objects and pictorial art*, http://www.islamicmanuscripts.info/reference/articles/Jong-1989-Iconography-MME4.PDF, пристапено на: 12.2.2014.



Фотогр. 16. *Палихенк* и *кемер*, фотографија направена при сопственото теренско истражување, Канатларци, 2014 г.

При нивните поздравувања бекташите се прегрнуваат **три** пати, што симболично ги претставува Алах, Мухамед и Али, а многу често нивните поздравувања се проследени со зборовите: ја Алах, ја Мухамед, ја Али.



Фотогр. 17. Запалени *чираци* за време на бекташкиот верски обред *мухабет*, фотографија направена при сопственото теренско истражување во Дикмен-баба теќето во Канатларци, 2014 г.

Во нивните молитви и *нефеси* многу често се среќаваат термините: тројца (тур. üçler), петмина (тур. beşler), седуммина (тур. yediler), дванаесетмина (тур. on iki), четиринаесетмина (тур. on dört), четириесетмина (тур. kırklar), што алудира на веќе споменатите лица.

При нивните церемонии бекташите палат свеќи т.н. *чираци*, чија бројка варира од заедница до заедница, односно од едно до друго теќе. Најчесто се палат 12, 14, 17 свеќи, во знак на душите на 12-те имами или 14-те безгрешни деца или 17-те светци, блиски пријатели на Али итн.

Понатаму, при нивното консумирање на обредниот напиток *дем* или на обредната храна за време на верскиот обред, секој присутен во просторијата, т.е. во *к'рклар мејданот*, се напива три голтки или зема три залаци, повторно со значење на Алах, Мухамед и Али.

Кога сме кај обредната храна и пијалак, да напоменеме дека нивното консумирање се врши од еден ист сад или од една чаша што се подава од рака на рака на сите присутни во обредната церемонија. Тоа има симболично значење, а претставува единство (тур. birlik) во заедницата, но и единство/заедништво со Бог, што е и главната цел на бекташите.

4.10. Христијанско влијание

Во науката се смета дека бекташизмот во себе има инкорпорирано елементи од различни верски формации, меѓу кои и од христијанството.

Честопати се посочува дека поврзаноста на бекташизмот со одредени христијански елементи се должи на нивната поврзаност со јаничарите, но, исто така, постојат претпоставки дека бекташизмот примил христијанско влијание од страна на Бал'м Султан, вториот *пир* или основач на бекташкиот *тарикат*, пред сè поради христијанското потекло на неговата мајка[267].

Во текот на теренското истражување, во разговорите со моите соговорници, припадници на бекташкиот *тарикат*, постојано имав

[267] Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009, 232; Norris H. T., *Islam in the Balkans: Religion and Society Between Europe and the Arab World*, Colombia: University of South Carolina Press, 1993, 89; Паликрушева Галаба, „Преданија за дервишките редови кај Турците и Македонците", *Македонски фолклор 56/57*, Скопје 2001, 9.

прилика да слушнам споредби на одредени бекташки со христијански елементи. Во еден момент помислив дека е тоа поради мојата припадност на христијанството. Всушност, сметав дека моите соговорници, перципирајќи ме како припадник на христијанството, преку примери на мојата религија сакаат да ми го доближат нивното учење.

Така, на пример, во тие наши разговори можеше да се слушне: *Дванајс имами, иначе према вашето, апостули*[268]. Хазрети Алија е свети Илија, Сар' Салтук е свети Наум, Х'д'р-баба е свети Никола или свети Ѓорѓи, 40-те светци чудотворци се светите 40 маченици во Севастија или светите славни 40 битолски преподобномаченици, чиј спомен се празнува на 22 март по христијанскиот календар, што се поклопува со празнувањето на бекташкиот празник Султан Невруз – роденденот на Али, кој се празнува три дена, од 21 до 23 март.

Бекташизмот је многу вака со христијанството, со православните една љушпа на, на ова кромидот. Кај вас на четириесет мученици вели, ние четириесет светци[269].

Потоа, Собирот на 40-темина или како што го нарекуваат бекташите kırklar meclisi го споредуваа со Тајната вечера во христијанството. Дервишите ги изедначуваат со монасите, *бабата* со игумен, т.е. старешина на манастир.

Уште некои од примерите што ми ги посочуваа беа палењето свеќи во нивните верски обреди, консумирањето на алкохолни пијалаци, живот во целибат, почитување на христијански светци и посета на нивни гробови, исповедување на дервишите за нивните гревови, церемонија позната како *baş okutma*, во буквален превод „читање на главата" или „проучување на главата", која е задолжително да се направи барем еднаш на три години, инаку може да се изгуби членството.

Но, како што одминуваше теренското истражување, навлегувајќи подлабоко во суштината на нивното учење, сфатив дека сепак моето име, односно мојата религиска припадност не беше во целост мерило за таквата нивна интерпретација.

Имено, доколку внимателно ги погледнеме двете главни евангелски заповеди: 1. Возљуби Го Господа, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сите свои помисли (Лука 10:27); и 2. Возљуби го својот ближен како себеси (Матеј 22:39)[270], во нив

[268] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, старешина – баба во бекташкиот тарикат на 75-годишна возраст, Албанец.
[269] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.
[270] *Македонски православен календар*, Свет архиерејски синод на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, 2015, 7.

може да најдеме поткрепа за споредување со основата на бекташкото учење, односно со основните вредности на бекташкиот *тарикат*, а тоа се: љубовта кон Бог и љубовта кон човекот (тур. Tanri sevgisi, insan sevgisi).

Понатаму, запознавајќи се со етичките вредности кај бекташите што се изразени во популарната изрека *Елине, дилине, белине сахип ол* (тур. Eline, diline, beline sahip ol), со значење „биди господар на твоите раце, твојот јазик и твојот појас (во смисла на интимните делови)“[271], насетуваме повторно христијанска заднина, односно во нив се инкорпорирани дел од 10-те божји заповеди, како што се: не кради; не убивај; не сведочи лажно против својот ближен; и не врши прељуба[272].

Не смејш со рацете арам да ваќаш. И некој да има остаено нешто, не смејш да земиш. Иљи аку, иљи аку го загинал некој, ќе го земиш, ама ќе кажиш: „Верници, другари, пријатели, најдов ова, не је мое, не смеам јас ова да го земам за мене, да го користам, оти ова е туѓо“. И не треба никого да увредуваш, било кој народ, било која националност. Не треба да лажиш, не треба да кодошиш. А белине е, да не одиш со друга жена, по друга жена, по курвите да не одиш. Е, а, елине со рака да... А дилине да не зборуваш лоши работи, а белине да не одиш по други работи. Сахип ол, ти, ти треба сам себе да контролираш, да се, да се контролираш. Во основата и тоа отворено се кажува, значи свештениците кажуват на верниците. Отворено се кажува. Законот на Џенаб Ала е ова. И Џенаб Алах кога го створил и Адем али сељам, овие закони првин му кажал[273].

Тие услови ако исполнува можи да влези на бекташизмот, ако влезе пак продолжува[274].

Бекташите сметаат дека *абдестот* направен за време на иницијацијата останува да важи за време на целиот живот, сè додека поедине-

[271] Kressing Frank, „A Preliminary Account of Research Regarding the Albanian Bektashis – Myths and Unresolved Questions“, во: Kaser Karl, Kressing Frank, *Albania – a country in transition: Aspects of changing identities in a South-East European country*, Baden-Baden 2002, 65–92, http://www.philhist.uni-augsburg.de/lehrstuehle/volkskunde/lehre_verkn__pfung_mit_digicampus/ss07/Religion_als_Bestandteil_von_Ethnizit__tskonstruktionen/Downloads/Preliminary_Account_Albanian_Bektashiyye.pdf.

[272] *Македонски православен календар*, Свет архиерејски синод на Македонската православна црква – Охридска архиепископија, 2015, 7.

[273] Сопствено теренско истражување, 2013 година, југозападен дел на Македонија, дервиш на 50-годишна возраст, Турчин.

[274] Сопствено теренско истражување, 2014 година, југозападен дел на Македонија, дервиш на 55-годишна возраст, Турчин.

цот се воздржува од крадење, од предавство на тајните на редот и сè додека се придржува кон сексуалната забрана[275].

Десетте божји заповеди... елине, дилине, белине... Десетте божји заповести на Мојсеј: не кради, не тупај, не љуби, едно-друго, овој ги напраил на три: Е – елден... Ова рака тепат, крадет сè. Дил... Овој јазикот, тој нема коска али ломи. Шпионажа, сè прајт, елине, дилине и белине, на појасот, на појасот, коњот ќе го пуштиш во твојата нива... Елине – дилине – белине. Е–Д–Б. Знаеш што е едеп? Морален, неморален – едепс'з. Некој ако напрај некоја неморалштина, е едепс'з, тебе ќе те фатим[276].

4.11. Тајната наречена бекташизам

Анета Светиева, една од научниците во Македонија што ги истражувале бекташите, ќе забележи дека овој *тарикат* претставува затворена група, која, според своите норми, е слична на масоните каде што се почитува правилото: „Влези, па види"[277].

Затворен тип, само за тие што дале „беса". Оти бекташите викаа: „Бекташилер сер верер, с'р вермез" (бекташите збор даваат, тајната не ја даваат)[278].

Поради езотеричниот карактер на бекташкиот ред, главните церемонии, како иницијацијата (тур. nasip ayini), внатрешната, тивка молитва (тур. batın namazı), досега многу ретко биле прикажани за јавноста[279].

Во своите молитви и *нефеси* тие користат фрази неразбирливи за оние што не се воведени во редот, како на пример: *ahl-i Hak* (Божји луѓе, луѓе на Вистината), *Hak erenler* и *gerçek erenler* (оние што ја достигнале Божествената вистина), *destur* (со Твоја дозвола) итн., бидејќи тие

[275] BEKTĀŠĪYA, http://www.iranicaonline.org/articles/bektasiya-a-syncretic-and-heterodox-sufi-order-found-principally-in-anatolia-and-the-balkans-with-offshoots-in-other-regi, пристапено на: 11.3.2015.

[276] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[277] Светиева Анета, „Бекташите (Бегинци) во Преспа како верска и етничка заедница", *Етнолог*, год. 2, број 3, Здружение на етнолози на Македонија, Музеј на Македонија, Скопје 1992, 103.

[278] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[279] Kressing Frank, „A Preliminary Account of Research Regarding the Albanian Bektashis – Myths and Unresolved Questions", во: Kaser Karl, Kressing Frank, *Albania – a country in transition: Aspects of changing identities in a South-East European country*, Baden-Baden 2002, 69–70.

себе се сметаат за единствена заедница што го спознала Бог и ја достигнала Божествената вистина.

Откривањето на бекташките тајни на некој што не е припадник на овој *тарикат*, за бекташите претставува голем грев.

Припадниците на бекташкиот *тарикат* велат: *Гелме, гелме, донме, донме* (тур. Gelme gelme, dönme dönme), со значење „Не доаѓај, не доаѓај, ама не враќај се, не враќај се“. Во првиот дел од оваа бекташка изрека се истакнува тежината на патот што треба да се следи, така што од оние што пристапуваат на овој пат се бара голема жртва во смисла на откажување од многу задоволства, пороци, зли постапки итн. Во вториот дел од изреката се дава на знаење дека заветите што се даваат при влегување во *тарикатот* се толку тешки што нивното прекршување означува смрт[280].

Тој што доаѓа го губи својот имот, а тој што се враќа ја губи својата душа, својот живот[281].

Не иди, не иди, не иди. Ако доаѓаш, не се откажувај, не се враќај, не се враќај, немој да издаеш. Немој да издаеш, ако издаеш, тешко, дволичен си. Човекот се врзува, човекот се врбува, врзува за зборот, се врзува за реч[282].

Непридржувањето до тајните на редот може да доведе до одредени санкции, или може привремено да му биде забрането присуство на обредите на оној член што ги прекршил правилата, или во најлош случај тој може да биде исклучен од редот, што симболички е претставено со смрт на членот.

Во Кичево, ќе ти кажам еден пример во Кичево... Не го знаат, не го пријаме. Со каква намера доаѓа, да издае некој тајна. Еден па станал, бил гурбетчија во Београд. И овој, ајде, ајде. И тој влегуват, и после извесно време, бабата тука во теќето, прашуват овие верниците: „Каде е бе Виктор не идет?“ – „Е во Белград је тој.“ Знајш што велит тој? „Ej бил она, она моја вечера што сум гледал таа ноч, тоа мираџи или тоа, не бил ништо, едно-друго.“ Така рекол? „Да.“ Го оставам на раката на азрети Пирот, на Аџи Бекташ. Го проколнал. Ама овие не проколнуваат бабите и дервишите. Му рекол: „Го остава,“ оти затоа викам „не иди, не!“ Го оставам, значи тој дошол, а не

[280] Светиева Анета, „Бекташите (Бегинци) во Преспа како верска и етничка заедница“, *Етнолог*, год. 2, број 3, Здружение на етнолози на Македонија, Музеј на Македонија, Скопје 1992, 103.

[281] Hançerlioğlu Orhan, *Düşünce tarihi*, Remzi Kitabevi, altıncı basım, (шесто издание), Istanbul 1995, 154.

[282] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

дошол како што треба. И една, еден борец нему, домашните не можат да се приближат, некој смрдеа, ќе, аман, ама, ааа, рекол. Излегол стрелата од, нема што да прават. Тој дошол, дошол за интерес. И ти си, и ти викаш, ја ќе дојдам тука и ќе го издадам... Види сега, сега во тоа си[283].

Што му се деси? И тој го значи го одбил, готово загина човекот, млад. Он загина, загина готово млад си замина. Си замина, жал ми е, али со сопствена кривица и загина, отиде[284].

Овој дел би го заокружиле со еден заклучок во смисла на изнесување на најважните, круцијалните вредности на доктрината на бекташизмот.

Имено, бекташкиот дервишки ред се поврзува со името на Хаџи Бекташ Вели, *евлија*, кој живеел во Анадолија во втората половина на 13 век и кој се смета за основач и духовен лидер, односно свет заштитник на бекташкиот *тарикат*, според кого овој *тарикат* го носи своето име.

Бекташкиот дервишки ред се развил во синкретичко единство, односно комбинација од разни елементи што водат потекло од многу извори, почнувајќи од народни култови на Централна Азија и Анадолија, анадолско-турски, христијански, а подоцна и балкански, па до доктрината на хуруфите.

Бекташизмот во форма каква што ја знаеме денес не бил профилиран до 16 век. Поединецот одговорен за утврдување на постојната структура на бекташкиот ред бил Бал'м Султан (1473 – 1516). Нему му се припишува дека ја утврдил постојната форма и содржина на обредите на редот, ја основал структурираната верска хиерархија, го вовел редот на *муџеретите* (неженетите), односно ја вовел практиката на целибат, која станала пракса за многу старешини во бекташките теќиња.

Исто така, активностите – како вклучување на жените во верските обреди како рамноправни учеснички заедно со мажите и исповедување на дервишите за нивните гревови – се смета дека потекнуваат од времето на Бал'м Султан.

Како резултат на оваа трансформација, Бал'м Султан се смета за вториот светец и вториот основач (тур. İkinci Pir, перс. Pir-i Sani).

Бекташкиот *тарикат* нуди: уникатно и препознатливо читање на Куранот и следење на светиот пат на Хунќар Хаџи Бекташ Вели, кого бекташите го сметаат за личност што добро го сфатила и го објаснила

[283] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[284] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.

езотеричното во Куранот; следење на учењата и практиките на пратеникот Мухамед; возвишување на имамот Али до степен на божество; почит кон семејството на пратеникот Мухамед – *ехли-бејтот*; почит кон 12-те имами и 14-те безгрешни жртви т.н. *масуми* (masum-i pak), деца на имамите; верување во *евлии*, т.е. светци; следење на доктрината на четирите порти, која не може да се замисли без ликот на *мурши-дот* или учителот, кој го знае најдобро патот што води до севишниот Алах, односно Хак, односно Вистината.

Основата на бекташкото учење, односно основните вредности на бекташкиот *тарикат* се: љубовта кон Бог и љубовта кон човекот (тур. Tanri sevgisi, insan sevgisi).

Според нивната идеологија, човекот е битие што треба да се сака и тој има божји особини. Првиот стадиум на успех е човекот самиот да се запознае и да се сака себеси, бидејќи оној што се сака себеси го сака и Севишниот.

Во популарната бекташка изрека Eline, diline, beline sahip ol, со значење „биди господар на твоите раце, твојот јазик и твојот појас (во смисла на интимните делови)“, се инкорпорирани моралните вредности, како што се: не кради, не повредувај, не убивај, не клевети, не навредувај, не лажи, не врши прељуба, не блудничи, кои строго се почитуваат од страна на бекташите во текот на целиот нивен живот.

5. ЕТНОГРАФСКИ И ИСТОРИСКО-ГЕОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНАТЛАРЦИ

Селото Канатларци, т.е. Канатлар, се наоѓа во јужниот дел на Република Македонија, помеѓу градовите Прилеп и Битола. Сместено во Пелагониската Котлина, го зафаќа јужниот дел од Прилепското Поле. Од градот Прилеп е оддалечено околу 24 км.

Селото е рамничарско, на надморска височина од 620 метри. Атарот на селото има средна големина и зафаќа простор од 21,6 км^2.[285]



Слика 7. Местоположба на селото Канатларци

Селото Канатларци според просторот што го зафаќа, но и според бројот на жители, се смета за едно од поголемите населени места во неговата околина.

Во Канатларци постои основно училиште што го носи името „Кирил и Методиј“. Во него се одвива настава од прво до деветто одделение, и тоа на два јазици, на македонски и на турски јазик. На училиштето, низ историјата, во неколку наврати му било менувано името. Населението на Канатларци се сеќава дека првично го носело името „Ир-

[285] Панов Митко, *Енциклопедија на селата во Република Македонија*: *географски, демографски и аграрни обележја*, прво издание, Патрија, Скопје 1998, 146.

фан“, што на македонски јазик значи „Просвета“. Подоцна било промене-то во „Адем Махмуд“, па во „Гоце Делчев“, потоа во „Круме Волнароски“ и на крајот го добило сегашното име „Кирил и Методиј“.



Фотогр. 18. Основното училиште „Кирил и Методиј“, фотографии направени при сопственото теренско истражување во Канатларци, 2014 г.



Фотогр. 19. Ученици од трето одделение, с. Канатларци, 1958 г., фотографија преземена од фејсбук-профилот на KANATLAR ve ÇEVRE KÖYLERİ Kültür Sosyal Yardimlaşma ve Dayanişma Derneği[286]

Во Канатларци, исто така, постои Здравствен дом во кој основни медицински услуги користи населението од четири села: Подмол, Лопатица, Ерековци и Канатларци.

Има три продавници, добро снабдени, со богат асортиман. Во рамките на една од нив постои просторија во која се собира особено машкото население од Канатларци, најчесто во вечерните часови, и игра друштвени игри: карти, табла и сл. Оваа просторија, исто така, е

[286] Линк од фејсбук-профилот: https://www.facebook.com/Kanatlar.istanbul/timeline, пристапено на: 21.3.2015.

опремена со билјард, пикадо и фудбалче со рачки, а населението има можност во неа да користи и интернет-услуги.

Во Канатларци се наоѓа бензинска пумпа на „Макпетрол“, која ги задоволува потребите на населението, а до пред 2-3 години работела и пошта, која денес не е во функција.

Доколку првпат дојде човек во Канатларци и се прошета низ селото да направи една обиколка, ќе се соочи со една интересна ситуација, односно ќе наиде на четири гробишта што се наоѓаат на четири различни локации. Со мала консултација со жители од селото може да дознае дека тие припаѓаат на различни етнички и верски заедници, а според нив може да се дознае за верската и етничката слика на селото. Имено, во рамките на теќето Дикмен-баба се наоѓаат гробиштата каде што почиваат Турците, но само оние што биле припадници на бекташкиот *тарикат*. На две различни локации во близина на селото се наоѓаат гробишта оградени со ограда од бодликава жица, во едните почиваат Турци припадници на сунитската гранка од исламот, а во другите Бошњаци. Во последните, православните христијански гробишта, кои се наоѓаат во рамките на црквата, почива македонското население со православна христијанска религија.



Фотогр. 20. Гробишта на четири различни заедници, фотографија направена при сопственото теренско истражување во Канатларци, 2014 г.

Според податоците добиени од последниот официјален попис на населението во Република Македонија од 2002 година, вкупниот број жители во Канатларци изнесува 972. Од нив најбројни се Турците, со

791 жител или околу 82 %, потоа Македонците – 111 жители или околу 11 %, Бошњаците – 69 жители или околу 7 % и 1 жител се изјаснил како Албанец. Со 263 домаќинства и со 972 жители, тоа е едно од најголемите села во поширокаата околија. Според конфесионалната припадност, 859 лица се изјасниле како муслимани, 107 лица како православни христијани и 6 лица се запишани под категоријата останати[287].

Најголем број од муслиманите во Канатларци, околу 80 %, се припадници на дервишкиот ред бекташи, а еден помал дел, околу 20 %, се припадници на сунитскиот огранок. Овие податоци околу процентуалната застапеност на бекташите се добиени во текот на моето сопствено теренско истражување во Канатларци. Точната бројка не може да се определи, бидејќи во пописниот список, во категоријата религиска припадност сè уште не постои посебна графа според која населението би можело да се определи како бекташи. Тие се принудени или да се изјаснат како муслимани, како што покажува статистиката, или да се изјаснат како останати.

Канатларци[288]	**Вк.**	**Мак.**	**Алб.**	**Тур.**	**Роми**	**Власи**	**Срби**	**Бошњ.**	**Др.**	**Не се изјасниле**
2002	972	111	1	791				69		
Мажи	526	63	1	420				42		
Жени	446	48	-	371				27		
мајчин јаз.		110	1	792				61	8	
Мажи		63	1	420				37	5	
Жени		47	-	372				24	3	
Религија	**православни христијани**				**муслимани**			**останати**		
вк.	107				859			6		
Мажи	61				462			3		
Жени	46				397			3		
Домаќинства				263	**станови (сите видови живеалишта)**					266

Македонија низ историјата била крстопат на движење на многу народи и етнички заедници. Некои од нив само поминувале, други се задржувале кратко, а трети го колонизирале пределот мешајќи се со

[287] *Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, дефинитивни податоци: Вкупно население, домаќинства и станови – дефинитивни податоци по населени места: Вкупно население според изјаснувањето за националната припадност, мајчиниот јазик и вероисповедта*, книга X, Државен завод за статистика, Скопје 2004.

[288] *Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, дефинитивни податоци: Вкупно население, домаќинства и станови – дефинитивни податоци по населени места: Вкупно население според изјаснувањето за националната припадност, мајчиниот јазик и вероисповедта*, книга X, Државен завод за статистика, Скопје 2004.

порано стационираното население и на тој начин учествувале во промените и во формирањето на поновата етничка и религиска слика[289].

Селото Канатларци како предел во Република Македонија ја дели истата судбина, и него го зафатил овој процес на промена на етничката и религиската структура, пред сè поради доселувањето на јуручко население за време на Османлиската Империја.

Првото име на селото Канатларци за кое постојат податоци било Аврамовци, што укажува на словенското потекло на името на селото, за кое дознаваме од турските пописни дефтери од 16 век, но, исто така, оваа информација често ја добивав и од соговорниците, жители на Канатларци.

Во пописот од 1544/1545 година селото било регистрирано со две имиња: Аврамовци, чие друго име било Канадлу (Defter-i mufassal № 232, 340b), населено само со муслимани, кое се наоѓа во непосредна близина на с. Ерековци. Во секторот на старото с. Аврамовци се населиле две јуручки заедници (џемаати), кои потоа оформиле постојани населби: Ереклер, т.е. Ерековци, и Канадлу или Канатлар, т.е. Канатларци[290].

Прво, прво селото се викало Аврамовца. Значи дури бил селото Аврамовца имало и тогај Турци ама измешан...[291]

Од објавените турски документи за Прилепската нахија од 16 век може да се следи и потеклото на населението од Канатларци; таму се наведува дека во селото се населиле јуручки заедници, односно џемаати (тур. cemaatlar).

Помеѓу турското население во Канатларци, особено кај постарата популација, зачувано е сеќавањето за нивното потекло, кое се пренесувало со генерации, така што тие често изјавуваат дека нивните предци биле Јуруци дојдени од Коња Караман, место што денес се наоѓа во Република Турција.

Некои научници сметаат дека потеклото на населението може да се следи од средината на 15 век (1440, 1468 г.), кога се регистрирани првите јуручки чифлизи во селото Канатларци во 1468 година, што упатува на фактот дека во селото отпорано имало доселено Јуруци[292].

---

[289] Неделков Љупчо, *Обреди на премин од животниот циклус на Македонците во Тиквеш*, Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија, Скопје 2014, 7.

[290] *Турски документи за историјата на македонскиот народ – опширен пописен дефтер за Скопскиот санџак од 1568/69 година*, превод, редакција и коментар: Александар Стојановски, том. VI, кн. II, Скопје 1988, 109.

[291] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

[292] *Турски документи за историјата на македонскиот народ – опширен пописен дефтер No. 4 (1467–1468 година)*, под редакција на Соколовски, М. и д-р Стојановски, А., Скопје 1971, 76,

Исто така, преку документите, покрај тоа што приближно се определува времето на првите доселувања, како и бројот на Јуруците во прилепско-битолскиот крај во 15 и 16 век, од даночните обврски може да се следи и нивното преминување од подвижно во стационирано население, односно од номадско во земјоделско, со основање свои села и со населување во градовите[293].

Анета Светиева, проучувајќи ги Јуруците и бекташите, заклучува дека, покрај припадноста на сунитскиот ислам, еден значителен дел од Јуруците што се доселиле во Македонија припаѓале на дервишките редови, посебно на бекташкиот. За оваа состојба зборуваат повеќе податоци од турските пописни дефтери од 16 век, каде што се среќава, на пример, податок за постоење на т.н. *џемаат* на Јонус Бекташ, селата Горно и Долно Бекташи итн.[294]

Во истиот период најверојатно се појавува и бекташизмот во Канатларци, на што се надоврзува и постоењето на бекташкото теќе **Дикмен-баба**, за кое се верува дека потекнува од првата половина на 16 век и кое се смета за едно од првите бекташки теќиња формирани во Македонија.

Ова теќе, според бекташките жители на селото, е подигнато на местото на веќе постоечко христијанско светилиште Св. Никола[295].

Легендата за настанувањето на ова теќе се врзува за Х'д'р-баба теќето што се наоѓа во Македонски Брод. Ова теќе, исто така, е подигнато на местото на постара православна црква Св. Никола. Подигнувањето на овие две теќиња на места поврзани со св. Никола ги потврдува ставовите на некои автори дека кај бекташите е присутно негувањето на култот кон овој христијански светец[296].

Од Брод је дојден еден од синовите од Алија, тој е Хад'р Баба во Брод. По некои, по некои, по некои бекташиски истории, што сум научел и прочитал, тој е дојден илјада триста деведесет и петта година. А осниван, го оснивал теќето од илјада триста деведесет и петта го-

во: Конеска Елизабета, „Турците – бекташи во селото Канатларци",*Историја*, год. XLI, број 1–2, Сојуз на историчарите на Република Македонија, Скопје 2005, 63.

[293] Конеска Елизабета, „Турците – бекташи во селото Канатларци", *Историја*, год. XLI, број 1–2, Сојуз на историчарите на Република Македонија, Скопје 2005, 64; Inaldžik Halil, *Osmansko carstvo*, 276, во: Ćehajić Džemal, *Derviški redovi u jugoslovenskim zemljama sa posebnim osvrtom na Bosnu i Hercegovinu*, Grafo-art atelje, Sarajevo 1986, 166.

[294] Светиева Анета, *Духовна култура на балкански народи и етнички заедници*, циклус предавања за студентите од четврта година по Етнологија и антропологија (ракопис), Скопје 2013.

[295] Ђорђевић Тихомир, *Наш народни живот*, књ. X, Београд 1934, 102, во: Конеска Елизабета, „Турците – бекташи во селото Канатларци", *Историја*, год. XLI, број 1–2, Сојуз на историчарите на Република Македонија, Скопје 2005, 64–65.

[296] Конеска Елизабета, „Турците – бекташи во селото Канатларци", *Историја*, год. XLI, број 1–2, Сојуз на историчарите на Република Македонија, Скопје 2005, 65.

дина до илјада четрсто петнајста година, готово било теќето. Хад'р Баба во Брод[297].

Информациите околу животот на Дикмен-баба се прилично сиромашни и се базираат повеќе на усните преданија отколку на пишуваните извори.

Бекташите од Канатларци нашироко го раскажуваат преданието за потеклото на теќето Дикмен-баба, од кое, пак, може да се научи и за потеклото на името Канатларци. Името, во тоа предание се вели следново:

Брод, ова Македонски Брод шо се вика... Таму бил Х'д'р-баба. Е сега турбето му е таму. Ооод Кичево, од Кичево. Тој во Кичево имал мегдан, после се префрил во, во Брод. И сега шо бидува, стасаа луѓево пример, кај Х'д'р-баба, е Дикмен-баба шо е кај нас овдека, кај него работа, кај него бил како дервиш. Седел таму... Со него живеел, служил[298].

И останале двајцата со Мемет-баба, Дикмен-баба заедно останале во то место. И Хад'р-баба му вели на Мемет-баба: „Мемет-баба, шиај, шиај го торбата... Ши-шијај го кожата". Значи од кожа праеле торба... За да носат, да земат вода... „А диќ." И Мемет-баба му рекол на Хад'р-баба: „Не шијам баба". – „Сега јас тебе ти велам шијај торбата, тулумот (мешина)." – „Аа, дикмем." И му рекол: „Дик тулуму!" Значи го викале тулум како торба. Тулум. „Оти ќе имаме гости, ќе имаме гости од друго место, свештеници со дервишите ќе идат, да не ни се смеат. Шиај го тулумо да не ни се смејат." – „Дик тулуму!" Овај му рекол: „Дикмем тулуму". Зегол, зел тулумот на рака и оди. Ааа, и од бунар или од кладенче или од река налеј вода и му рекол: „Ej вода, да не течиш од, од, од скинатото место!" Ама и тој станал светец чудотворец. Го земал тулумо, го крева на рамо и го носи на теќето. Хад'р-баба ко гледа: „Ааа", рекол, „зошто ми рече дикмем баба, дикмем баба. Значи и јас сум светец чудотворец, ама и ти си... И ти си станал светец и чудотворец. И од сега ќе ти биди името Дикмем-баба"[299].

По овој настан Х'д'р-баба сфатил дека Дикмен-баба станал чудотворец, духовно созреал, па во една прилика му рекол: *Два лава, во*

[297] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.

[298] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

[299] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

еден постеќи (престол) не седат, за тебе треба да пуштиме одавде на друго место ти да живејш[300].

Потоа, според преданието, Х'д'р-баба зел од огништето зажарено дрво и го фрлил во далечината за да го одреди местото на новото теќе. Онаму каде што ќе падне дрвцето, таму треба да оди и да го основа новото теќе.

Како што седеле покрај огнот и клаил едно стапче, ама малце врвот почнал да гори, а стапчето имал околу метро и нешто, и ваќа то стапчето и рекол: „Овај нишанот до каде ќе оди, и ти таму ќе одиш, твоето огниште таму ќе биде". Е, го фрлил. Хад'р-баба го фрлил, то паднал во Коњари, а тоа во, во турско време бил. Шестотини куќи Турци имало таму[301].

Се збираат. „Шо е бе пријателе, шо сакаш? Шо бараш?" – „Еми шо барам, еден дел овдека во местово да дајте јас овде да, да живеам." – „Ние јабанџи човек овдека нејќиме и место не и даваме. Значи одавде бриши си"[302].

И Дикмен-баба нив ги колнел. „Од овој народ ни еден да не останите во ова село." А-а-а, од желадиве, овците многу ги јадат. Три раце извајл од џеб желади и фрлил на три страна во коријата. „Дај боже да биде ова сето корија, лозјето да бидат корија." И лозјето почна да растат како, како дрво. И ден по ден, ден по ден, стана корија[303].

И добро, нејќите, нејќите. Оттука дервиш Мемет... Се враќа па назад. Одат во Брод, и Х'д'р-баба прашува: „Шо е пријателе, шо дојде пак?" – „Еми за мене место таму не дадоја. И ме вратија, мора да се вратам назад." – „Добро, седи. Сега", рекол, „ќе прашаме уше еднаш, гламна ќе фрлиме, гламната кај ќе падни, ти таму ќе бидиш"[304].

И тој со чам се зел со нишанот со стапчето, фрлил пак и паднал во теќето. Да. И, и оттука доаѓа в село, горе. Голе, горе в село доаѓа и побара, побарал од луѓето место, со пари да купи. „Е колку место да ти дајме за тебе?" – „Место ќе ни дајте, јас имам еден конец" или

[300] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.
[301] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.
[302] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.
[303] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.
[304] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

с'р'м го викаат од кожа. Оодерена овца кожа, ама то е по краојве вака само сечена. Сечено, сечено, сечено, сечено, танко. Ко ќе испружиш, можи сто метра должина. И то, колку место ќе вати. А, толку место. Еве ви пари, толку место, или без пари за светецот. „Добро", рекле. „Колку што ваќа местото, овај с'р'мот, како, како метро шо е, толку место ќе ви дајме." И му даваат на светецот место, и овде си живее. Овде си живее[305].

Како што споменавме претходно, според ова предание што го раскажуваат жителите на Канатларци се верува дека потекнува и името на селото Канатларци. Всушност, името Канатларци, односно Канатлар, доаѓа од множинската форма на турскиот збор канат, што во превод значи крило, односно крилја, а е поврзано со чудесното доаѓање на Дикмен-баба во Канатларци, патронот на бекташите, кој стигнал со летање, односно со крилја.

Е сега пак зел Х'д'р-баба од оданде некој гламна и ооор да фрли, фрли гламната, иди, иди, иди, иди и одавде децата, старите луѓе, младите гледаат. „Еее!", рекле. „Гледајте човек лета, човек лета! Канатлар' вар", значи крилја има. Лета човека, лета, канатлар' вар, канатлар' вар, и од тогај селото се менува, името Канатлар се добива. Дека виделе човеко како лета, ако, ако нема крилја макар врапца, авион што да е без крила не лета. Значи дервишо вероватно имало нешто што летал од Брод до овдека, и други кога гледал: „Еее", рекле, „види, види човек лета, човек лета, човек лета", секој вика и дошол горе, долу оор во теќето паднал[306].

Е, а, а и светецот значи Џенаб Ала му дава крилја на светецот на чуд, на чудотворецот. И затоа кога дошол овде и дал името Канатлар, канатлар је крилја. А, а, и од таму добива и името на селото, Канатлар – крила[307].

Денес, Дикмен-баба теќето во Канатларци има најголем број приврзаници кога се работи за бекташкиот *тарикат* во Македонија, кои во континуитет од неколку векови до денес ги практикуваат своите обреди.

Теќето Дикмен-баба се наоѓа на крајот од селото, издигнато на висорамнина од каде што може да се гледа убавиот пејзаж на целото село и неговата околина. Тоа се состои од комплекс зграда што претставуваат архитектонско единство оградени со ѕидови.

[305] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.
[306] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.
[307] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.



Фотогр. 21. Дикмен-баба теќето во Канатларци (гостинската куќа – *мисафирхане*, кујната – *аш еви, меѓданот* и *турбето* на Дикмен-баба), сопствени фотографии направени во Канатларци, 2013 г.

Пред самиот влез од теќето, од левата страна, се наоѓа поголем објект изграден на еден кат, познат како гостинска куќа (тур. misafir evi, misafirhane). Како што кажува самото име, наменет е за гости, поточно тоа е место каде што можат да преноќат гостите што дошле во посета на теќето и имаат желба да останат повеќе денови.

Друг објект што партиципира во комплексот зграда е кујната (тур. aş evi); тоа е поголема просторија опремена со голем број казани, каде што се приготвува храната за време на празниците.

Наспроти кујната е поставено теќето. Тоа е објект составен од повеќе простории, каде што централно место зазема „мегданот на 40-темина“ (тур. kırklar meydanı) или само мегдан (тур. meydan), голема просторија во која се одржуваат молитвите, *нефесите* и другите обредни активности.

Во рамките на дворот се наоѓаат бекташките гробишта, како и четирите *турбиња*, т.е. загради гробови на истакнати духовни лидери на бекташите, меѓу кои централно место зазема турбето на Дикмен-баба, патронот на бекташката заедница од Канатларци.

Турбето на Дикмен-баба претставува култен центар за бекташкиот *тарикат* во овој регион и често е посетувано од страна на бекташите, особено за време на верските празници.

Интересен е фактот што *турбето* на овој светец, освен од бекташите, е почитувано и посетувано и од страна на сунитите, па дури и од

христијаните, кои во одредени прилики кога имаат некоја мака (тур. dert) доаѓаат да бараат помош, односно лек (тур. derman) од Дикмен-баба, или едноставно да се помолат за здравје на нивното семејство, а за возврат го даруваат турбето на светецот со разни подароци и пари, а не ретко знаат да „таксаат курбан“, односно да ветат жртва.

Покрај Дикмен-баба теќето, во Канатларци се наоѓа уште едно светилиште што е од голема важност за бекташите, посветено на **Курт-деде**, уште еден духовен лидер на бекташката заедница во Канатларци.

За Курт-деде се верува дека бил голем чудотворец, според некои соговорници поголем и од Дикмен-баба. Населението од Канатларци за него има задржано едно предание што често се прераскажува, особено штом се спомне неговото име, во кое се манифестира неговата чудотворна моќ.



Фотогр. 22. Курт-деде, бекташко светилиште во Канатларци, сопствена фотографии направени во Канатларци, 2013 г.

Еден, еден верник, еден муип можи и бил дервиш. Овој веќе, овој веќе станал светец чудотворец. Името му бил Сејди. Тој секој вечер одел кај, кај другиот светец Курт-деде. А името му е Мемет. Тој одел со волојте, слегнал на шпилитарот, со дрвена кола, одел носел камења, Курт-деде. Курт значи је волк, дедо волк. Ее. Одел во куријата, од кај реките, ваму-таму, збирал камења за да се напрај тулбето. И му се пуштил еден волк, му ранил волот, и волот умрел, го изел. И Курт-деде го ватил за уши, за уше волкот. „Зошто ми напрај пакос? Сега овој волот сам нема да носи, не можи да трга ова колата.“ Се помо-

лил на, на Џенаб Алах и, се помолил на Џена Ала во, овој волкот да биди висок колку волот. И волкот станал колку волот, и го впрегнал. И... Аа, па, курт, курт. „А бе зошто си го впрегнал?“ – „Ами волот ни го изеде овој. Волот умре. И, го впрегнав да носат камењата до дома, кој ќе носи?!“ – „А бе деде Курт, како си го впрегнал?“ – „Еее, тоа“, вели, „Госпо знај.“ И после го пушта. Со, мава со камшикот еднаш и бега. Значи, чудотворештвото да го знат, да знат дека е светец е чудотворец. Зато го направ̀л то работа[308].

Ова предание веднаш ми асоцираше на преданието за св. Наум, визуализирано на мозаикот што го краси ѕидот над влезната порта од манастирот Св. Наум во Охрид, на кој е претставено како светецот, употребувајќи ја својата чудотворна моќ, успеал да спрегне диво животно под својот јарем.



Фотогр. 23. Мозаик на кој е прикажано едно од чудата што ги извршил св. Наум, сопствена фотографија направена во манастирот Св. Наум, Охрид, 2014 г.

[308] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

5.1. Перцепции за местото и потеклото на бекташизмот

На самиот почеток од теренското истражување, една од првите работи за кои бев заинтересиран беше прашањето каде точно припаѓаат бекташите, односно сакав да го дефинирам нивното место во исламот. Иако очекував дека нема да биде потребно многу време за да го дознаам ова и дека добиените одговори ќе ме насочат кон патеката полесно да стигнам до целта, сепак тоа не се случи, на мое големо изненадување, пред сè поради лепезата од различи одговори што ги добивав.

Кога ги запрашав соговорниците што мислат, каде припаѓаат бекташите, од каде може да се следи нивното потекло и, доколку е тоа можно, шематски да ми ја претстават нивната генеза, добив најразлични одговори, во одредени случаи и дијаметрално спротивни. Едни соговорници сметаа дека потеклото на бекташите треба да се бара во сунизмот. Други сметаа дека тие се посебна група во рамките на исламот, дека не може да се сметаат ни како шиитска ни како сунитска група. Имаше и такви што сметаа дека местото на бекташите не треба да се бара во рамките на исламот, дека тие припаѓаат надвор од тоа семејство. Поголемиот број од соговорниците сметаа дека бекташите се со шиитски произлез и дека нивното потекло треба да се поврзе исклучиво со имамот Али и *ехли-бејтот* (арап. Ahl al-Bayt), т.е. „луѓето од куќата“.

Согледувајќи ја сликата на добиените одговори во врска со позиционирањето на бекташите од страна на моите соговорници, се потсетив на приказната со слонот. Имено, во таа приказна четири лица биле внесени во една темна просторија во која претходно бил сместен еден слон. Преку допир на одредени делови од слонот, луѓето требало да опишат како го перципираат него. Се разбира, нивните описи биле различни. Првиот од нив го допрел слонот за неговата сурла и рекол дека слонот личи на големо црево. Вториот го допрел за неговите уши и рекол дека слонот личи на ладало. Третиот ја дофатил ногата, при што го опишал слонот како столб. Четвртиот го допрел телото на слонот и, не согласувајќи се со ниедно претходно објаснување, рекол дека слонот наликува на голема куќа.

Перцепциите на бекташите и другите припадници на исламот со кои разговарав се разликуваат, содржат доза на дистанцираност, па

дури и догматско несогласување. Религиските практиканти, дури и кога е во прашање суфизмот, односно бекташизмот, не знаат многу за теоријата и потеклото.

Тука се поставува прашањето: зошто бекташите или верниците воопшто толку малку знаат за религиите или религиските редови на кои им припаѓаат.

Информацијата добиена при моето теренско истражување во Канатларци, дека еден од дервишите во Дикмен-баба теќето во Канатларци е неписмен, поточно без стекнато официјално, односно формално образование, згора на тоа не знае да чита и да пишува, а сепак стекнал титула дервиш, што и не е мала работа, ме насочи одговорот на ова прашање да го барам низ призмата на фаворизирањето на религиската пракса наспроти религиското учење, што секако е во силна корелација со можностите за верски студии кај нас во минатото и денес и, се разбира, најмногу со народната традиција во која праксата, обредот имаат многу поголемо значење отколку теоријата, односно доктрината.

Всушност, оваа верзија на исламот настанала, живеела и се развивала главно меѓу неписменото население, како вид на усно предание и традиција. Тоа е сигурно и една од причините поради која пишуваните правила, дури и да постоеле, не би можеле во целост да бидат применети, односно не би имале никаква цел во средината во која никој не ни говорел на јазикот на кој тие правила би можело да бидат напишани, на арапски, односно пред турскиот и на персиски јазик. Значи, поради недостигот на пишани извори, учењето на големиот учител во различни делови на исламскиот свет е пренесувано главно усно, во вид на преданија за чудата на големите свети луѓе, но и практично, во вид на верски обреди.

Во руралните средини, населението ја градело својата визија во рамките на традицијата и ја живеело својата религија преку неа, онака како што *бабите* ја пренесувале, живееле со неа, ретко впуштајќи се во теолошката длабина или истражувајќи ги основите на своето верување и религијата. Тоа воедно било и најдобар начин за пренесување на верските вистини на населението на основа на кое колективното и индивидуалното паметење ја правеле народната традиција. Не било тоа средина за говор за комплицирани теолошки и филозофски, односно теозофски претпоставки на верската вистина, туку, наместо тоа, кај луѓето од руралното општество најдобар начин за учење на верата било да ги слушаат чудесните дела на светците, и најдобар начин да се биде добар верник било да се земат делата на овие светци за пример[309].

[309] Kukavica Edin Urjan, *Islam u Bosni, Ulomci iz knjige* „Islam na Balkanu“, u izdanju KDBH Preporod, Zagreb 2012, во: Behar – časopis za književnost i društvena pitanja, broj 105–106, http://behar.hr/muslimani-u-bugarskoj/# пристапено на: 10.2.2015.

Воедно верниците како полноправни учесници во верските обреди, следејќи го примерот на *бабата*, директно се запознавале, ги изучувале и ги негувале практиките, на тој начин пренесувајќи ги од една на друга генерација вредностите на *тарикатот*.

Исто така, вистина е дека бекташизмот, како и секоја друга религиска традиција на еден географски, културолошки и цивилизациски простор, адаптирал и супституирал одреден број елементи од претходни религиски традиции со нови.

Тоа е уште една од причините поради која ниеден од овие суфиски редови немаат одредени строги правила што живееле долго без деформации и промени; и, како што претходно споменавме, нема доволно пишани извори за нив[310].

Токму во ваквите согледувања го наоѓам одговорот на прашањето зошто верниците толку малку знаат за религиите или религиските редови на кои им припаѓаат, поточно за доктрината на тие редови.

Во продолжение предлагам да ги проследиме исказите на соговорниците, т.е. нивните различни перцепции во врска со местото на бекташизмот во исламот.


Бекташите се нераскинлив дел од сунизмот. Ваков одговор добив од припадник на сунитите. Кога го прашав зошто мисли дека бекташите треба да се сметаат за дел од сунитите, неговото образложение беше дека бекташите се повикуваат и го исповедуваат првиот столб на исламот – *шахада*: „не постои друг Бог освен Алах, а Мухамед е неговиот пратеник“ (арап. lā ilāha illā-llāh, muḥammadun rasulu-llāh), што ги става бекташите во ист кош со сунитите, односно слободно може да се каже дека бекташите водат потекло од сунизмот. Бекташите не го оспоруваат тврдењето за исповедување на *шахада*, но, за разлика од сунитите, бекташите ова исповедување го надополнуваат со имамот Али: „не постои друг Бог освен Алах, Мухамед е неговиот пратеник, а Али е неговиот пријател“ (арап. lā ilāha illā-llāh, muḥammadun rasulu-llāh, alī walī allāh). Оттука, може да се забележи дека имамот Али игра значајна улога, односно зазема централно место во верувањето на бекташите. Нивното почитување на Али е на маргините на обожавање, и често го изедначуваат со пратеникот Мухамед, а во молитвите и поздравувањата тие го изговараат во заедништво со Алах и пратеникот Мухамед: ја Алах, ја Мухамед, ја Али (тур. Ya Allah, Ya Muhamed, Ya Ali) или „за љубовта на Алах, Мухамед, Али“ (тур. Allah-Muhammed-Ali aşkına).

[310] Kukavica Edin Urjan, *Islam u Bosni, Ulomci iz knjige* „Islam na Balkanu“, u izdanju KDBH Preporod, Zagreb 2012, во: Behar – časopis za književnost i društvena pitanja, broj 105–106, http://behar.hr/muslimani-u-bugarskoj/# пристапено на: 10.2.2015.

Наспроти ваквото мислење, мнозина припадници на сунизмот со кои имав можност да разговарам стоеја зад тезата дека местото на бекташите не треба да се бара во рамките на исламот, тие припаѓаат надвор од тоа семејство. Сунитските муслимани се згрозуваат не само поради нагласеното шиитско верување на бекташите но и поради нивните секојдневни практики. Тие се повикуваат пред сè на фактот што бекташите не ги исповедуваат поголем дел од столбовите на исламот, поточно: не постат за време на месецот рамазан, не извршуваат редовни молитви, т.е. не ја извршуваат молитвата пет пати во текот на денот, не одат на аџилак во Мека, како и на тоа што нивните обреди се изведуваат во теќе, поточно во посебна просторија наречена *мејдан* (тур. meydan), а не во џамија. Потоа, за време на нивните обреди палат свеќи како христијаните, во нивните простории за обожавање се прикажани слики на имамот Али, на Хаџи Бекташ Вели, на дванаесетте имами, што потсетува на иконите во православното христијанство. Згора на сè, што можеби и најмногу ги иритира и им пречи на сунитите, е консумирањето алкохол при бекташките обреди. Со оглед на овие практики, сунитите сметаат дека тие во никој случај не можат да се сметаат за муслимани – сите овие практики ги оддалечуваат бекташите од исламот.

Па они ни сами себеси не знаат шо се. Ако го земаме бекташизмот што го створил у илјада двеста педесет и осма година Хаџи Вели Бекташ, тоа е бекташизма. Денеска не може да биде бекташизма ако намаз тој нема. Не може тој да биде бекташи кога тој пие алко(х)ол. Тоа не е бекташизма. Бекташи, хакикат бекташи само Хаџи Вели Бекташи. Тој бил евлија, тој бил точен бекташи. Тие не држеле слики на азрети Алија, тие не палет свечиња по гробишта. Они су биле прави... Ако влегуваш код нив, таму можеш да најдеш и слика на Мухамед а.с. Они го прљаат исламот. Се кажува во име на исљам, али у исљам не се. Зошо ние овде комшија ни се, треба да нив да му раскажувам исљамот како треба, зошто еден ден кога ќе излеземе пред Господ, ќе имаме и ние одговорност зошто не сме му го кажале исљамот на тој како је. Сум му рекол: „Ооо дервиш, еве бе месџид (место за намаз, м. заб.)*, дојди клајнај се намаз, и ти си муслиман, дојди“. Тој знаеш што ми рекол? „За нас се клајнал азрети Али, ние не се клајнаме сеа.“ Како ние да кажиме сега Мухамед а.с. се клањал за нас, ние не треба. Јас му реков: „Знаеш што дервиш? Дали се клањал за вас азрети Али?“ – „Јесте, се клањал.“ – „За вас и леб једел тој, зошто и вие једете сега леб? Оставете, зошто тој се ранел за вас.“ Да кажеме дека пиет алкохол. Џематот* (верниците, м. заб.) *може пие алкохол, али ти као поглавар, со тебе имам проблем да пиеше алкохол.*

Џематот на суниите има шо пиеат колку сакаш, има доста, ама да пие имамот, ако е, кога ќе го виде џематот дека пие имамот што тој ја знае верата, ќе кажува овие нѐ лажат, ова вера е, само нѐ лажат... Верување у еден Господ. За кој? За азрети Али. Ти денеска му правиш слика на азрети Али, сега ти му палиш свеќе на азрети Али. „Зошто му палиш свече?“ – „Да му праам нур (светло, м. заб.)*.“ Ти ќе му праиш нур на азрети Али. Ти че му правиш на једен човек нур што е гарантиран од дуња* (планетата Земја/светот, м. заб.) *дека е тој со џеннет. Ти нур сакаш да му правиш. И мислат дека ние не го сакаме азрети Али. Никогаш нема да го сакаш ти азрети Али повеќе од мене. Јас азрети Али го сакам повише од моја мајка и мој татко. Што дале тие за исљамот, мој татко и мој мајка тие не можат за мене да го даваат као, као, што сум бил нивниот дете. И не може да го сакаат никогаш колку јас шо го сакам, тој никогаш не може*[311].




Слика 8. Шематски приказ на соговорниците што сметаат дека бекташите не припаѓаат во исламот

Бекташите се посебна група во рамките на исламот. Не може да се сметаат ни како шиитска ни како сунитска група, туку се работи за чист суфизам. Групата соговорници што беа на вакво мислење сметаа дека главните карактеристики на бекташките верски обреди лежат во чистотата на срцето и духот на верникот, што е едно од главните суфиски начела.

[311] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, западен дел на Македонија, муслиман сунит на 40-годишна возраст, Албанец.

Чистотата на бекташите може да се постигне без да се следи сунитската или шиитската форма на обожавање[312]. Бекташкиот ред е мистично движење во рамките на исламот, кое, поради некои карактеристики на одделни елементи на учењето и официјални облици на организацијата, тешко може да се изедначи со доминантната сунитска и малцинската шиитска варијанта на таа религија[313].



Слика 9. Шематски приказ на оние соговорници што сметаат дека бекташите се посебна група во рамките на исламот


Поголемиот број од соговорниците сметаа дека бекташите се со шиитски произлез. Според нив, бекташите се многу блиски со официјалното шиитско учење, пред сè поради почитувањето на светата фамилија – *ехли-бејт* (Мухамед, Али, Фатима, Хасан и Хусеин), дванаесетте имами и 14-те *масуми* – малолетните безгрешни деца, поради славењето на *Невруз* (21/22 март) – роденденот на имамот Али, сеќавањето на маченичката смрт на имамот Хусеин на Кербела, т.е. Денот на *ашуре* и очекувањето на последниот имам Махди.

Во суфизмот, со текот на времето, навлегле многу идеи, но како што изгледа на нив најмногу влијание имала шиитската догма, што прави голем број мистични исламски редови да имаат доста изразен шиитски колорит. Но, тоа не значи дека тие можат да се изедначат со шиизмот, туку дека шиитската црта во овие движења е премногу изра-

[312] Osmani Edlira, *God in the Eagles' Country: The Bektashi Order*, http://www.iemed.org/observatori/arees-danalisi/arxius-adjunts/qm-17-originals/qm17_Osmani.pdf, пристапено на: 8.9.2014.

[313] Новаковић Драган, *Деловање Заједнице исламских дервишких редова Алије (ЗИДРА) на Косову и Метохији 1974–1991*, http://www.scribd.com/doc/176681172/Delovanje-zajednice-islamskih-dervi%C5%A1kih-redova-alije-zidra-na-Kosovu-i-Metohiji-1974-1991-pdf, пристапено на: 10.9.2014.

зена[314]. Бекташите не се шиити, но, како и шиитите, тие му даваат централно место на Али, зетот на пратеникот Мухамед[315].



Слика 10. Шематски приказ на оние соговорници што сметаат дека бекташите се со шиитски произлез

[314] Новаковић Драган, *Деловање Заједнице исламских дервишких редова Алије (ЗИДРА) на Косову и Метохији 1974–1991*, http://www.scribd.com/doc/176681172/Delovanje-zajednice-islamskih-dervi%C5%A1kih-redova-alije-zidra-na-Kosovu-i-Metohiji-1974-1991-pdf, пристапено на: 10.9.2014.

[315] Zoi Gkouma, *Balkan Muslims and Modern Identities in Bosnia, Albania and Bulgaria*, https://dspace.lib.uom.gr/bitstream/2159/15384/3/GkoumaZoiMsc2012.pdf, пристапено на: 10.9.2014.

Кога беа запрашани припадници на бекташкиот *тарикат* каде може да се бара потеклото на бекташизмот, мнозината од нив беа еднозначни, односно веднаш го споменуваа името, т.е. *месепот* (школата) на шестиот имам Џафер ал Садик (702 – 765 г. според христијанскиот календар).

Е сега од на бекташијата пример да прашаш на бекташи, на Вели-баба: „А бе кој си ти“? – „Јас сум бекташи.“ – „Ауу добро. Од кој месеп си?“ Е сега ако знајт Вели-баба ќе речит: „Имам Џафер-и Садик месеп“. – „А добро, се признава оти си бил бекташи.“ Ама ако не знајш месепо, ее како шо праиме муабет прееска, значи, и тогај ќе рече: „Аа, ти не се бекташ. Значи шом не знаеш месепо, од кој месеп си, ти не си бекташија, лажиш ти“[316].


Што се однесува до теологијата, бекташите го сметаат шестиот имам Џафер Садик за нивен покровител (патрон)[317]. Често се изјаснуваат како *џаферити*, т.е. следбеници на школата на шестиот имам Џафер ал Садик. Шестиот имам Џафер ал Садик бил учител и ментор на имам Ханифе и имам Малик, од кого подоцна се издигнале сунитските исламски школи (*месепи*)[318].

Џафери Садик... Шести имам и голем филозоф и голем имам бил. И овие талебињата (учениците) неговите Малиј, Хамбели се негови талебиња...[319]

Некои од нив, поконкретно бекташките старешини, одат уште подалеку, така што појавата на бекташизмот ја поврзуваат со појавата на самиот ислам, поточно за први бекташи ги сметаат пратеникот Мухамед и неговата фамилија, т.е. ехли-бејт (Мухамед, Али, Фатима, Хасан и Хусеин).


Значи, од кога Мухамед–Алија постои, и бекташизмот постои[320].

[316] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, југозападна Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 75-годишна возраст, Турчин.
[317] Hasluck Frederick William, *Christianity and Islam under the Sultans*, *Vol. I*, Clarendon Press, Oxford 1929, 163.
[318] http://www.paklinks.com/gs/religion-and-philosophy/41333-who-are-the-12-imams-of-the-shia.html, пристапено на: 20.10.2014.
[319] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.
[320] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 56-годишна возраст, Турчин.



Слика 11. Шематски приказ на оние соговорници што сметаат дека бекташите потекнуваат од месепот на шестиот имам Џафер ал Садик

Па, иначе потеклото на доктрината бекташиска је од самиот Куран. И прво се употребело во уска фамилија, на азрети пејгамбер Мухамед. И после тоа, после неговата смрт, ово останало во рацето на азрети Алија. И од азрети Алија остануват на неговиот син звани Хасан, и после на неговиот брат звани Усеин, и сво, све со ред, дванајст имами, иначе према вашето, апостули[321].



Слика 12. Шематски приказ на оние соговорници што сметаат дека потеклото на бекташите е од ехли-бејтот, т.е. „луѓето од куќата“

Од погоре изнесеното може да се види едно шаренило на перцепции од страна на верниците што припаѓаат на различни насоки во исламот во однос на прашањето каде точно припаѓаат бекташите.

Сфаќањето за ваквата слика првенствено лежи во недостигот на пишани извори за овој *тарикат*, а згора на тоа, оваа верзија на исламот настанала, живеела и се развивала главно меѓу неписмено население, како вид на усно предание и традиција, односно учењето на *баба-*

[321] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, старешина – баба во бекташкиот тарикат на 75-годишна возраст, Албанец.

та е пренесувано главно усно, во вид на преданија за чудата на големите свети луѓе, но и практично, во вид на верски обреди.

Објаснувањето за ваквото шаренило го наоѓаме во фаворизирањето на религиската пракса наспроти религиското учење, што е во силна корелација со народната традиција во која праксата, обредот имаат многу поголемо значење отколку теоријата.

Имено, верниците, немајќи конкретен извор за доктрината, за нејзините карактеристики, односно за вредностите, нив ги рефлектираат, т.е. ги изразуваат на начин на кој бекташизмот е воспримен низ внатрешниот свет на верникот, перципирајќи го низ призмата на својот сопствен поглед.

Сето ова сликовито е претставено во еден интересен пример, кој вели: ако една група сликари ги изведеме во една убава градина и од нив побараме таа убавина да ја изразат на платно, ќе видиме дека, иако сите го имале пред себе истиот пример, платната на сликарите ќе се разликуваат едно од друго. Ова е поради тоа што градината прво поминува низ внатрешниот свет на сликарот, а потоа, изразувајќи ги карактеристиките на езотеријата на сликарот, се изразува на платно. Штом реалноста е таква во естетските аспекти, во мистиката тоа е уште покомплексно[322].

5.2. Верски празници и духовни обреди

При моето теренско истражување во Канатларци, имав можност да присуствувам на двата големи верски празника на бекташите: Ашуре и Невруз. Овие два големи настани, кои се испреплетени со разни верувања, обичаи, магиски активности, заземаат значајно место во животот на бекташката заедница од Канатларци.

За време на моето присуство на овие два празника, може да се каже дека собрав најголем дел од етнографската граѓа, а згора на тоа се здобив со големо знаење не само за верските празници туку и за бекташката заедница и за бекташката доктрина воопшто.

Во овој дел ќе се обидам во кратки црти да ги опишам двата значајни верски празника на бекташите, Ашуре и Невруз, а исто така, тука ќе биде претставен и дел од духовниот обред *мухабет* со кој ми беше укажана посебна чест бидејќи имав привилегија да учествувам како полноправен член во бекташката заедница, што е редок случај за некој

[322] Изети Метин, *Тековите на тесавуфот*, Здружение на културна афирмација „СКОФИА“, Тетово 2008, 18–19.

што не е воведен во бекташкиот *тарикат*. Во таа прилика мој домаќин беше Вели-баба, еден од двајцата духовни лидери на бекташкиот *тарикат* во Канатларци, за што сум му особено благодарен.

Кога велам еден од двајцата духовни лидери, само да појаснам дека во Канатларци паралелно егзистираат две бекташки групи, кои се поделени околу прашањето за избор на духовен лидер – *баба*. Едната група, чиј духовен лидер е Вели-баба, го застапува правилото на *евладие*, според кое титулата *баба* е наследна и преминува од татко на син, додека втората група, на чие чело стои Џафер-баба, смета дека титулата *баба* се стекнува по заслуги, односно за духовен лидер треба да биде избран тој што е најспособен и кој има најмногу знаење за *тарикатот* во заедницата, според правилото на *ербабие*.

Нивното недоразбирање што резултирало со поделба на две групи ќе биде подетално разработено подолу во овој труд.

5.2.1. Невруз

Поводот за одбележување на празникот *Невруз* или, како што некои го нарекуваат, *Султан Невруз* е роденденот на имамот Али, кој се одбележува на 21 март, што се совпаѓа со денот на започнувањето на пролетта. Во минатото овој празник се славел три дена од 21 до 23 март, а денес неговото празнување е редуцирано на два дена.

Три дена треба да се празнува, ама три дена не се празнува[323].

Некаде околу пладне на 21 март 2014 година пристигнав во Канатларци со намера да присуствувам на верскиот празник *Султан Невруз*. Низ претходен телефонски разговор со *баџиана*, со овој термин се именува главната жена, т.е. сопругата на поглаварот, *бабата* на бекташката заедница, инаку името ѝ е Назмие, добив дозвола, односно покана да бидам гостин во теќето Дикмен-баба за овој празник. Исто така, ми укажаа посебна чест тие три дена да престојувам во нивната куќа, да бидам гостин во куќата на Вели-баба и *баџиана*.

Куќата во која живееја беше во близина на теќето, од типот т.н. братски куќи, една целина со два влеза, само два метри оддалечени еден од друг; изградена од плитар, а на самата основа, околу половина метар, изградена со камен, како некој вид заштита од капиларна вода. Куќата беше со приземје и еден кат. Во едниот дел живеат Вели-баба со неговата сопруга, додека во другиот дел живее семејството на бра-

[323] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 56-годишна возраст, Турчин.

тот на Вели-баба, нешто поброjно, заедно со сопругата, тројца синови, од кои во тоа време само еден беше оженет, потоа снаата и трите внучиња на возраст од 4, 6 и 8 години, значи вкупно на број 9 членови. Во текот на годината бројот на членови на нивното семејство се зголеми на 11 со доаѓањето на уште две снаи од Албанија. Имено, во последниве години станало тренд помеѓу момчињата во Канатларци да се бара жена од Албанија. Тие објаснуваат дека девојчињата од Канатларци сè повеќе среќата си ја бараат надвор од селото, особено во Турција, па, во недостиг на девојки, велат дека добра алтернатива се Албанките.

Иако за прв пат бев гостин кај Вели-баба, уште од самиот почеток се чувствував како со години да сум живеел во таа куќа. Не само што се чувствував слободно и комотно баш како во свој дом туку и таков ми беше односот спрема Вели-баба и Назмие, многу слободен, како да сме едно семејство. За волја на вистината, ниту нивниот однос кон мене не беше поинаков, слободни, отворени, без многу воздржаност или непријатност. Ако се знае фактот дека тоа беше само наша трета средба, а толку слободен и пријателски однос, сметам дека за брзо време ја стекнале мојата доверба и ме прифатиле како нивен член.

Да знаеш дека имаш куќа во Канатларци, тоа е нашата, кога и да посакаш можеш да си дојдеш – ќе ми кажеше во неколку наврати Назмие.

Кога сме кај празникот *Невруз*, подготовката за одбележувањето на овој празник започна попладнето на 21 март со активности како што се чистење на просториите и дворот од теќето, за што главно беа задолжени девојките и жените. Вечерта во теќето се собраа старешината, дервишите и некои членови на *тарикатот* поблиски на *бабата* и одржаа неколку молитви проследени со духовни песни, *нефеси* и закуска.

Наредниот ден, на 22 март околу пладне, во кругот на теќето, поточно на местото што е предвидено за принесување жртва, се собраа машките членови на *тарикатот*, главно тоа беа дервишите, предводени од старешината на теќето, *бабата*, при што беше принесена жртва, која специјално за тој ден ја имаа ветено братот на Вели-баба, Марче, и неговото семејство. Чинот на принесување жртва го изврши *курбанџија*, човек што постојано ја носи оваа титула.

Некои од жените донесоа мезе, салата, сирење, ракија и сол. Откако се послуживме со мезе, дервишите заедно со *бабата* изведоа молитва за жртвата што ќе се принесе за празникот. Откако завршија со молитвата, *бабата* го благослови ножот што ќе се употреби при колењето и му го предаде на курбанџијата, кој, пак, го бакна ножот и го постави на челото. Откако сè беше подготвено, овцата, односно жртвеното животно беше премачкано со сол, а потоа курбанџијата му стави

малку вода во устата, и акција! Бликна река крв, која се слеваше во сливник специјално направен за оваа намена. Додека курбанџијата ја обработуваше принесената жртва, дерење на кожата и селектирање на месото, другите присутни консумираа од сирењето, салатата и од *демот* – ракијата.

Штом веќе беше обработено месото, кое ќе се приготви за вечерашниот собир – *мухабет*, *бабата* со молитва, на некој начин, го означи крајот, при што сите го напуштивме теќето.

Во приквечерината, во теќето, поточно во *меѓданот*, се одржа духовниот обред наречен *мухабет*, кој се состои од вербална комуникација и музичка изведба зачинета со закуска или мезе, на која присуствуваа исклучиво членовите на бекташката заедница.

На овие собири *бабата* ја објаснува доктрината и дава духовни подигнувања вообичаено со помош на *нефес*[324].

Чим завршува верските обреди и после, значи свештеникот наредува, значи и други нефеси да се пеат и од, и од џанларите се бара[325].

Верскиот обред на бекташите, *мухабетот*, во суштина е драматично повторување, т.е. реконструкција на Собирот на 40-темина (Kırklar meclisi). Како што раскажуваат бекташите, со овој собир раководел имамот Али, а во него учество зел и пратеникот Мухамед, што се случило за време на неговото вознесение на небото.

Бекташите сметаат дека преку верскиот обред *мухабет* се приближуваат до Бог[326].

Во продолжение ќе се обидам да опишам како изгледа верскиот обред – *мухабет* на бекташите од Канатларци, одржуван за време на празникот Невруз.

Најпрво во теќето, поточно во *к'рклар меѓданот*, просторијата каде што се одвива обредот, влегува духовниот лидер Вели-*баба*, кој седнува на *постот*, или престолот, место резервирано за него, кое се наоѓа во левиот агол од спротивната страна на вратата. По него, според хиерархиски ред, влегува *дервиш-рехберот*, по него *дервишите*, па *мухипите* и на крајот *ашиците*.

Пред започнувањето на обредот се одржува тајна молитва на која присуствуваат единствено *бабата* и *дервишите*, кога најверојатно се палат *чираците*, т.е. свеќниците, кои горат за време на целата церемонија.

---

[324] Sulejmani Arben, *Haji Bektash Veli and the Bektash Path in Albania and Macedonia*, http://www.georgefox.edu/ree/Sulejmani_Haji_Jan%202014.pdf, пристапено на: 20.9.2015.

[325] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[326] Karaosmanoglu Jakub Kadri, *Nur Baba*, Džepna knjiga, Sarajevo 1957, 74.

Кога се влегува во *мејданот*, мора да се почитува следниов редослед: прво се бакнува прагот од вратата, која го симболизира хазрети Али – така сметаат бекташите, повикувајќи се на хадисот: „Ana Madinat al-'Ilm wa 'Aliyu Babuha“, што во превод би значело „Јас сум Градот на Знаењето, а Али е неговата порта“. Никако не смее да се стапне на прагот, туку задолжително треба да се пречекори. Откако ќе се пречекори прагот и ќе се влезе во *мејданот*, треба да се прекрстат рацете така што со дланките се допираат рамениците, а исто така, десниот палец на ногата се става врз левиот палец и се прави мал поклон кон *бабата*. Некои сметаат дека тоа е фигура на орел или на некоја птица, која може да се сфати како симбол на бесмртност на душата, а некои, пак, сметаат дека таа фигура ја симболизира буквата елиф, односно првата буква во арапското писмо. Откако ќе се направи мал поклон, еден чекор понатаму се наоѓа црна овча кожа на која се прави длабок поклон, т.е. треба да се клекне, да се бакне и да се допре со челото. Некои ја бакнуваат само еднаш, а некои до три пати. Откако ќе станат, повторно ги прекрстуваат рацете и се упатуваат накај Вели-*баба*, но на секои два-три чекори десното стапало треба да го допре левото. Пред седнатиот *баба* клекнуваат бакнувајќи му го коленото. Потоа, секој повторно се враќа на местото на црната овча кожа, но никако не треба да му врти грб на *бабата*. Повторно се поклонуваат и се бакнува црната кожа, и на крајот секој се упатува на местото каде што се седи. На местото каде што ќе седат се поставени бели овчи кожи, така што и тука се поклонуваат и ја бакнуваат овчата кожа, со што завршува обредот на влегување.

Инаку, во *мејданот* доминира „престолот на Мухамед“ (taht-ı Muhammad) – зелена дрвена конструкција што има три скалила. На неа стојат *чираџи*, односно свеќници на кои се поставени свеќи, и тоа два свеќници со по пет свеќи и уште два свеќници со по една свеќа. Но, на престолот горат само 11 бели свеќи, кои, заедно со уште три црвени свеќи, една поставена пред Вели-баба, втората кај оџакот во средината на просторијата и третата веднаш до вратата, кои горат за цело време додека трае обредот, го сочинуваат бројот четиринаесет што ги симболизира 14-те млади невини (безгрешни) деца, *масуми-пак*, кои загинале во битката кај Кербела.

Покрај „престолот на Мухамед“, во оваа централна просторија се поставени голем број реквизити што ја украсуваат целата просторија, но имаат и големо духовно значење за бекташите. Меѓу нив од најголемо значење се сликите на кои е преставен имамот Али, што е задолжителен елемент во секој *мејдан*.

По ѕидовите се поставени повеќе слики, фотографии, како и таписерии. Во десниот пак агол од спротивната страна на вратата, поставено е поголемо црвено турско знаме, во чиј центар се наоѓа ликот на Мустафа Кемал Ататурк.

Распоредот на седење во *мејданот* е следниов: на *постот*, т.е. на престолот, на челната позиција седи духовниот лидер, старешината на теќето, Вели-*баба,* па веднаш до него, од неговата десна страна седеше дервиш Али, брат на Вели-баба, до него *дервиш-рехберот Али*, а веднаш до него дервиш Абедин, па дервиш Џафер и уште двајца постари луѓе што се мухипи. Од спротивната страна на дервишите се наоѓаа другите членови, т.е. *мухипите и ашиците*, додека во еден дел од просторијата во компактна група се наоѓаа жените, кои се рамноправни учеснички во обредите со мажите, што го прави овој *тарикат* уникатен.

Зато бекташизмот је универзален, не гледат во полот, гледат во душата[327].

Водејќи се од доктрината за еднаквост на сите човечки суштества пред Бога, бекташкиот *тарикат* е единствен што ги интегрира жените давајќи им еднаков третман со мажите, како учесници во духовните обреди, но и како партнери во секојдневниот живот.

Токму поради вклучувањето на жените во бекташките обреди, како и поради затворениот карактер на бекташкиот *тарикат*, во смисла на тоа што верските обреди ги вршат тајно, во рамките на заедницата, при што секој не може да влезе и да учествува во обредите, во поширок контекст, често пати се искажуваат сомневања за природата и карактерот на случувањата, поради што бекташите често се мета на обвинувања, набедувања за разврат, посебно од страна на припадниците на другите дервишки редови, како на пример халветите, но и од муслиманите сунити.

За ваквото обвинување најчесто го користат изразот „mum söndü“, со значење „свеќата се изгаси“, што укажува на тоа дека со гасење на свеќите почнуваат неморалните активности.

Меѓутоа, ваквите обвинувања се косат со основните етички вредности кај бекташите, кои се изразени во популарната изрека „Eline, diline, beline sahip ol“, со значење „биди господар на твоите раце, твојот јазик и твојот појас (во смисла на интимните делови)“. Така, бекташите категорично ги отфрлаат ваквите обвинувања упатени кон нив.

Не! Тие знајш зашо кажува, оти нашите молитви се затворен тип. То е во џамии, во цркви отворен тип. Овде кај нас влегуваат само

[327] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

тие. Мојот брат од мајка, ако не е бекташија, не може да влезе. Јас сум на врата, бабата е тука, ја ги пуштам... И зашто нашиот тип затворен, зашто ние ги прајме тие молитви со свеќи прајме, тие викаат: „Свеќи палат“. И некој зашто сме заедно, мајка ми, сестра...[328]

Па, тие што се од стари жени до ќе најмладите жени што се влезени, ако не ги сматраш како своа внука и како свои сестри и како своа мајка, пак, не губи време, напушти го местото на некој друг што е способен и квалификуван на људски начин за тоа место. Вака велит Алија[329].

Што се однесува до верскиот обред, на самиот почеток, со претходен благослов од страна на Вели-*баба*, присутните се послужуваат со ракија, односно со обреден пијалак наречен *дем* и со сол. Консумирањето на обредниот пијалак се врши од еден сад што се предава од еден на друг човек. Присутните се напиваат по три голтки од садот со *дем*, притоа на секоја голтка изговараат Алах, Мухамед и Али, а воедно кажуваат разни благослови за празникот упатени кон Вели-*баба*.

Потеклото на консумирањето на обредниот напиток *дем* се поврзува повторно со Собирот на 40-темина. Имено, на собирот присутните ожеднеле, па посакале да се напијат нешто, но во тој миг во просторијата имало само една чаша вода и едно зрно грозје. Имамот Али го зел зрното грозје од масата, го притиснал над чашата со вода и им ја подал чашата на сите присутни, кои, пиејќи од еден сад, ја изгасиле жедта. Во сеќавање на тој настан, бекташите консумираат *дем,* кој станал дел од нивната традиција.

Кога седнале прв пат, немале што да пијат, што да јадат. „Што ќе прајме?“ Е, еден од грозје. И една чаша вода земале и грозјето на него и мешале и... И од една чаша сите пијале. Е сега. Е, да. Нашите сега од грозје одат на ракија, оти овде то, овде гледат сите, јани (значи) со грозје ракија прават[330].

Откако сите присутни ќе консумираат од *демот* и од солта, *бабата* определува некој член да почне да пее *нефес*.

Духовниот обред се отвора со изведбата на *нефесот* „Niyazına geldik Dikmen Babanın“, или „Дојдовме да се поклониме на Дикмен-баба“, што претставува духовна химна на ова теќе.

[328] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.
[329] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, бекташки старешина – баба на 75-годишна возраст, Албанец.
[330] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, мухип во бекташкиот тарикат на 24-годишна возраст, Турчин.

Една од строфите оди вака:

Niyazına geldik Dikmen Babanın	Дојдовме да се поклониме на Дикмен-баба
İsteriz insanı Dikmen Babadan	Го бараме човекот од Дикмен-баба
Dertilerde derde derman isteler	Страдалниците бараат лек за нивните маки
İsteriz dermanı Dikmen Babadan.	Бараме лек од Дикмен-баба.

По овој *нефес* се пеат редица други. За време на паузите помеѓу два *нефеса* присутните се послужуваат со разни мезиња, но и разговараат за содржината на *нефесите* што се изведуваат.

За послужување се задолжени двајца од присутните, кои ја делат храната, а на одреден период ги заменуваат други двајца. Тие што ги послужуваат присутните се наречени *саки*.

По завршувањето на духовните песни, во *мејданот* се поставуваат две *синии*, поголеми тркалезни маси на ниски ногалки, кои се поставуваат разделено една од друга. Околу едната маса седнуваат повозрасните членови заедно со *бабата* и дервишите, додека на другата маса другите *мухипи*. Се поставуваат лажици за секого и се поставуваат разни јадења на масата, како супа, грав, салата и секако „главното јадење“ – тава ориз со месо од принесената жртва. Секако, пред да се почне со консумирањето на храната, Вели-баба кажува молитва.

Сите колективно консумираат од еден сад што го симболизира заедништвото, кое е еден од главните белези на бекташите, и на тој начин завршува *мухабетот* некаде на полноќ.

По некое време веќе почнуваат присутните да си заминуваат со срдечни поздрави. Значи, заедничката софра, на некој начин, го најавува и крајот на *мухабетот*. На крајот Вели-баба ги гаси свеќите, и се напушта *мејданот*, а со тоа и теќето. Последен што излегува од теќето е *бабата*.

Ова е по втор пат да бидам присутен на обредот кај бекташите, и некако доста слободно изгледав, знаејќи горе-долу како се одвива обредот, што треба да се направи, како да се направи, што да се изговори итн. Но, кога ќе се потсетам на првиот пат, тогаш ситуацијата беше малку поинаква. Првиот пат навистина ми беше доста непријатно, за цело време бев згрчен, возбуден, на пример, кога ќе ме викнеше по име некој од дервишите или Вели-баба само за да ме праша како сум, што правам, чувствував мачнина во стомакот, благи грчеви, едноставно бев под стрес, односно тогаш доживував состојба на анксиозност.

Следниот ден, наречен уште и женски ден поради тоа што во теќето одат само женските членови на бекташкиот *тарикат*, се пеат *не-*

феси, во присуство на старешината, т.е. *бабата* како единствен претставник на машкото членство. Содржината на *нефесите* што се пеат главно се однесува на имамот Али.

За време на празнувањето на Султан Невруз најчесто се примаат нови членови во заедницата, секако, доколку постојат такви кандидати.

Се случуваат и новите приклучувања во *тарикатот*, т.е. оние што сакаат да стапат во бекташкиот ред „земаат рака“. За таа прилика, во *мејданот* во теќето, *бабата* во присуство и на другите позначајни членови, дервиши, со молитва и посебна поезија *неврузие*, го внесува кандидатот – муршидот во редот[331].



Фотогр. 24. *Џанлар*, т.е. верници за време на верскиот обред *мухабет* во *мејданот* на Дикмен-баба теќето, сопствени фотографии направени во Дикмен-баба теќето во Канатларци, 2013 г.

5.2.2. Ашуре

Вториот значаен верски настан за бекташите е одбележувањето на Денот на ашуре. Тоа е траурен празник и се одбележува во спомен на маченичтвото и смртта на имамот Хусеин, син на имамот Али и внук на пратеникот Мухамед, кој бил измачуван и убиен во местото Кербела, денешен Ирак, од страна на приврзаниците на умајадскиот калиф Језид[332].

[331] Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија“, *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ“, София 2009, 253.

[332] Конеска Елизабета, „Денот на ашуре кај тарикатите во Македонија“, *Транзициите во историјата и културата*, (Прилози од Меѓународната научна конференција одржана во Скопје на 30–31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), Институт за национална историја, Скопје 2008, 423; Јордановска Ста-

Ашуре се одбележува секоја година на 10-тиот ден од месецот мухарем, првиот месец од исламската година, на што му претходи период на жалост познат како *матем* или *матем ај*, кој може да трае од 10 до 12 дена.

Всушност, овој период на жалост ја претставува голготата на имамот Хусеин во Кербела, каде што десет дена бил измачуван без да му се даде капка вода да се напие и на крајот бил убиен.

Во Канатларци за време на *матемот*, т.е. периодот на жалост, бекташите, особено дервишите и *бабата*, секојдневно го посетуваат теќето. Периодот на жалост започнува со церемонија на која во сад со вода се меша грутка земја донесена од Кербела, и од тој сад потоа пијат сите присутни.

За време на *матемот*, во теќето колективно се чита од книгата Хадика во која е опишан трагичниот настан во Кербела. Читањето од книгата Хадика се изведува на тој начин што секој ден се чита по едно поглавје.

Покрај собирите во теќето проследени со читање и молитви, бекташите од Канатларци во овие денови на жалост се придржуваат до одредени правила и забрани, односно воздржувања што строго ги почитуваат. Така, на пример, бекташите се воздржуваат од консумирање вода, бидејќи имамот Хусеин имал забрана за секаков пристап до вода. Наместо вода, тие пијат маштеница, густи сокови, кафе, односно пијалаци што се матни. Во овој период не се консумираат алкохолни пијалаци. Исто така, се избегнува храна од животинско потекло и јадења што оставаат силен мирис, како лук и кромид, и не смее да се дојде во допир со крв. Забранети се сите веселби, сексуални задоволства и пороци. Исто така, во овој период бекташите се воздржуваат од капење, бричење, кратење на косите, менување облека, секакво одржување на лична хигиена[333].

Постапките, односно дејствата што не се прават во деновите на жалост се во сообразност со страдањата на лицата што биле во Кербела во текот на погубните денови. Опколени од непријателот во исцрпувачка битка, облеани во крв, тие страдале од глад и жед[334].

нислава, *Празникот Ашуре кај дервишкиот ред бекташи од село Канатларци*, дипломска работа одбранета на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ментор: проф. д-р Љупчо Ристески, Скопје 2014.

[333] Сопствени теренски истражувања во с. Канатларци, 2013 г.; Јордановска Станислава, *Празникот Ашуре кај дервишкиот ред бекташи од село Канатларци*, дипломска работа одбранета на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, ментор: проф. д-р Љупчо Ристески, Скопје 2014.

[334] Конеска Елизабета, „Денот на ашуре кај тарикатите во Македонија“, *Транзициите во историјата и културата*, (Прилози од Меѓународната научна конференција одржана во

Последниот ден од жалоста повторно се пие од садот во кој се наоѓа водата во која е измешана земјата од Кербела, која за целиот период на *матемот* се чува во *к'рклар мејданот*, во просторијата наменета за верски обреди.

Набрзо откако ќе заврши *матемот*, расположението веднаш се променува, и остатокот од годината главно е без емоционална жалост за Хусеин, иако тој и неговото семејство и потомци никогаш не се забораваат[335].

Периодот на жалост завршува со Денот на ашуре. Во 2013 година бекташите од Канатларци го одбележаа Денот на ашуре викендот на 16 и 17 ноември, иако точниот датум се паѓаше на 14 ноември. Одлуката да биде за време на викенд произлегува од можноста да присуствуваат учениците и студентите што се образоваат во Прилеп, Битола, Скопје или во други градови, а кои преку викенд доаѓаат во родното Канатларци.

Исто така, овие два дена, 16 и 17 ноември 2013 година, имав можност да бидам во Канатларци и директно да го набљудувам одбележувањето на овој настан, дури и да бидам директно вклучен во обредните активности.

Подготовките за одбележувањето на Ашуре започнаа во саботата на 16 ноември. Околу пладне, во дворот на теќето, колективно се собираа сите жители што сакаа да придонесат и да помогнат околу подготовките. При мојата посета на овој ден во дворот на теќето, покрај бекташите, затекнав муслимани сунити, но и христијани што активно беа вклучени во подготовките. Како што самите велеа, тоа го прават за здравје на нивните фамилии.

Активностите поврзани со чистење на објектите во теќето, чистење на опремата, односно казаните потребни за подготвување на храната, собирање дрва за огништата на кои се готви, потоа подготовка на прехранбените продукти и секако подготовка на јадењата им беа доверени на жените. Мажите беа главно ангажирани околу принесувањето на крвните жртви или *курбани*, обработката на месото, но и околу подготовките на пченицата: толчење, сушење, веење, која е неизоставен дел од главното обредно јадење – ашуре.

На местото каде што се принесуваа жртвите, Вели-*баба*, во присуство на неколку дервиши и други членови од заедницата, преку молитва го благослови настанот, но и ножот со кој ќе се изведе жртвопринесувањето.

Скопје на 30–31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), Институт за национална историја, Скопје 2008, 423.

[335] *The commemoration of the Day of Ashura*, http://bektashiorder.com/commemoration-of-ashura, пристапено на: 20.9.2015.

Што се однесува до бројката на *курбаните* што се принесуваат, таа може да достигне и над 30, како што беше случајот за време на мојата посета.

Бидејќи станува збор за големо количество месо, само еден дел од него се употребува за подготвување на храната што ќе се служи на Денот на ашуре, а другиот дел се дели помеѓу свештенството.

Истовремено со жртвопринесувањето, во дворот на теќето, неколку поединци беа задолжени за обработка на пченицата, првенствено за нејзино толчење во еден камен аван што се наоѓа во дворот на теќето, потоа нејзино сушење и на крајот веење за да се одвои лушпата од зрното.

Во меѓувреме, во кујната наречена *аш еви* (тур. aş evi) во која се наоѓаа дванаесет огништа на кои имаше поставено дванаесет казани, жените почнаа со подготвувањето на разни јадења. И покрај тоа што за подготвување на сите јадења беа задолжени жените, сепак, за главното јадење што се приготвуваше главната задача му беше доверена на маж, Ердуан, кој беше главен готвач за ашурето.

Вечерта, некаде околу полноќ, во *аш еви,* кујната, се почна со подготвување на *ашурето*, чорбесто слатко вариво, кое се подготвуваше речиси преку цела ноќ. Основна состојка на ашурето е пченица, во која се додаваат и различни намирници, меѓу кои доминира свежо и суво овошје, а чиј број треба да изнесува дванаесет, колку што изнесува и бројот на огништата и казаните во кои се подготвува храната, што го симболизира бројот на 12-те имами.

За цело време додека се вареше ашурето, во просторијата, покрај главниот готвач, се наоѓаше и Мевљуде, постара жена задолжена да го варди, чува ашурето од евентуални непожелни магиски влијанија или, како што некои велеа, „да не фрли некој нешто и сите да се затруеме“. Исто така, тука беше и Шефки, кој беше задолжен за одржување на огновите на кои се вареше ашурето, така што постојано им доставаше дрвца. Покрај нив, како помошници на главниот готвач одвреме-навреме се појавуваа повеќе млади лица, кои носеа прехранбени продукти – потребни да се додадат во ашурето. На оние што ќе ги совладаше дремка местото им беше во *к'рклар мејданот*, во просторијата каде што можеа одредено време да одморат.

Додека се подготвуваше ашурето, секој од присутните во кујната замешуваше во варивото со една голема лажица, притоа велејќи ми и мене да замешам неколку пати, со верба дека на тој начин ќе се обезбеди здравје, среќа, и бериќет.

Вториот ден, во неделата на 17 ноември, односно на Денот на ашуре, Вели-*баба* и дервишите се собраа во кујната каде што се подготвуваше ашурето со цел да ја осветат храната преку колективна мо-

литва. *Бабата* и дервишите беа првите што пробаа од осветениот казан со ашуре, земајќи по три лажици, и во исто време кажуваа кратки молитви наменети за Алах, за Мухамед и за Али, но споменувајќи го и имамот Хусеин. Потоа, сите присутни во кујната со ред пробаа од ашурето. Предност им се даваше на децата, особено на оние што сè уште не прозборувале, бидејќи се верува дека ашурето е лековито и преку неговото внесување би се подобриле психичките и физичките недостатоци на децата.

Откако ќе вкусат сите од ашурето, во дворот на теќето започнуваат да ги пречекуваат гостите што се дојдени за да присуствуваат на настанот. Во дворот на теќето се поставуваат маси каде што сите гости колективно ручаат од јадењата приготвени со месото од *курбаните*, како и од слаткото вариво – *ашурето*[336].

Меѓутоа, во дворот на теќето се поканети и се пречекуваа само машките гости, додека, пак, женските гости се пречекуваа во куќата на духовниот лидер – *бабата*, каде што сопругата на бабата наречена *баџиана* е нивна домаќинка.

Од јадењето што ќе остане, дел се раздава по куќите во селото, друг дел од храната и од ашурето се дели помеѓу најзначајните членови од бекташкиот *тарикат*.

Одбележувањето на Денот на ашуре продолжува и завршува вечерта во теќето, каде што се собираат членовите на бекташкиот *тарикат* и се одржува верскиот обред *мухабет*, кој завршува околу полноќ.

Покрај овие два значајни празници Султан Невруз и Ашуре, бекташите од Канатларци, исто така, секоја година ги празнуваат и Ѓурѓовден, т.е. Х'дерлез, Курбан бајрам и Касим или Митровден.

За Х'дерлез секоја година одат на излет на кладенец – извор, на местото наречено С'тма Сују (тур. Sıtma suyu), близу до селото, каде што со музика и веселба го одбележуваат празникот. Колењето на курбан на Х'дерлез е позната практика кај нив[337].

[336] Јордановска Станислава, *Празникот Ашуре кај дервишкиот ред бекташи од село Канатларци*, дипломска работа одбранета на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", ментор: проф. д-р Љупчо Ристески, Скопје 2014.

[337] Конеска Елизабета, „Одбележување на празникот Ѓурѓовден/Х'дерлез во црквата Св. Никола, односно турбето Х'д'р баба во Македонски Брод", *Македонски фолклор*, година XXXIV, број 65, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Скопје 2008, 130–131.

6. ПОДЕЛБА ВО БЕКТАШКАТА ЗАЕДНИЦА ВО КАНАТЛАРЦИ

Пред да ја согледаме моменталната состојба во бекташката заедница во Канатларци, нешто што би требало да се истакне, секако во корелација со оваа заедница, е постоењето и паралелното функционирање на две мошне значајни мисловни категории, кои се реализираат на две различни нивоа: на ниво на апстрактни структури и на ниво на конкретни факти[338].

Се работи за императивните категории присутни во народната култура на многу народи, а тоа е идеалниот (замислен) и реалниот (стварен) ред, или, како што ги нарекува Дуња Рихтман-Аугуштин, замислен ред и остварен ред[339].

Благодарејќи ѝ на природата на човекот, која е светла, но и темна во исто време, речиси без исклучок несовршена, како и на неговата потреба да ги оствари своите најскришни пориви, желби и соништа, кои може и да не ги следат размислувањата на мнозинството, често пати во најразлични животни ситуации се појавува расчекор меѓу замисленият ред (идеалната состојба), онаков каков што општествените норми го пропишуваат, и остварениот ред (реалната состојба), онаков каков што се посакува и де факто се случува[340].

Овие категории убаво ги има разработено и прикажано Љупчо С. Ристески во неговото капитално дело „Категориите простор и време во народната култура на Македонците“, во кое се вели: „Тргнувајќи од фактот дека истражувањата на повеќемина автори, како и нашите досегашни теренски истражувања покажуваат несомнено постоење на овие две значајни категории – мисловната структура на замисленото, идеалното, од едната страна, и реалното или оствареното од другата страна, станува повеќе од потребно во научните истражувања да се прави јасна дистинкција помеѓу овие две категории и резултатите што се добиваат

[338] Lévi-Strauss Claude, *Strukturalna antropologija*, Stvarnost, Zagreb 1989, 298, 308–312, во: Ристески Љупчо С., *Категориите простор и време во народната култура на Македонците*, Матица македонска, Скопје 2005, 19.

[339] Auguštin-Rihtman Dunja, *Struktura tradicijskog mišljenja: „Zamišljeni“ i „ostvareni red“*, Školska knjiga, Zagreb 1984, 13–14, во: Ристески Љупчо С., *Категориите простор и време во народната култура на Македонците*, Матица македонска, Скопје 2005, 19.

[340] Светиева Анета, *Социјална култура на Македонците*, циклус предавања за студентите од четврта година по Етнологија и антропологија (ракопис), Скопје 1998 – 2009.

од нив во текот на истражувањата. Се разбира, ова не го сугерираме само од аспект на објективизирање на истражувањата, за што особено се залагаме, туку и од аспект на тоа што во овие две значајни категории, особено во првата, **замисленият ред**, има посебно значење во структурирањето на народната култура, и посебно во народната религија.

Значи, категоријата на замисленото, **идеалниот ред**, во народните култури и религии најчесто функционира како непишано, но многу силно правило, кое влијае регулирачки на целокупното општествено и религиско однесување на луѓето. Оваа категорија се јавува како некој вид колективна свест, но и совест, императив на соодветното однесување или евентуален регулатор на несоодветното однесување. Секогаш одговара на тоа како треба нештото да биде организирано или како заедницата, јавноста, очекува да биде направено тоа. Во таа смисла, истражувачите на теренот секогаш треба да бидат внимателни до таа мера што веднаш треба да направат диференцирање на инфорамциите во поглед на тоа дали се изнесени на ниво на идеален/замислен или реален/стварен ред, со што би се избегнале евентуалните грешки при изведувањето на заклучоците. Се разбира, ова не треба во никој случај да значи избегување на информациите кои можеби воопшто не соодветствуваат на реалниот/стварниот ред, па поради тоа истражувачот, сметајќи ги за неточни, измислени или замислени, не ги зема предвид при анализирањето на некои специфични структури на народната култура. Меѓутоа, токму овој вид информации многу често можат да бидат едни од најдобрите индикатори за состојбите и показателите на механизмите и функционирањето на определени структури на народната култура“[341].

Некои антрополози, во врска со ваквото поимање на нештата се произнесуваат на следниов начин: „Согледувањето на реалноста може да биде различно, антропологот мора да биде крајно внимателен во опишувањето на една култура. За да го направи тоа точно, истражувачот треба да бара и да земе предвид три вида податоци:

1. Разбирањето на луѓето на нивната култура и општите правила кои тие ги делат – тоа е, нивното идеално чувство за тоа какво треба да биде нивното општество.

2. Степенот до кој луѓето веруваат дека тие ги набљудуваат овие правила – тоа е, како тие мислат дека самите се однесуваат.

[341] Ристески Љупчо С., *Категориите простор и време во народната култура на Македонците*, Матица македонска, Скопје 2005, 19–20.

3. Однесувањето кое може да биде директно набљудувано – тоа е, како антропологот всушност гледа што се случува“[342].

„Начинот на кој луѓето мислат дека треба да се однесуваат, начинот на кој тие мислат дека се однесуваат и начинот на кој тие всушност се однесуваат, можат да бидат многу различни. Со внимателно разгледување и споредување на овие елементи, антрополозите можат да издвојат збир правила кои можат да го објаснат прифатливиот опсег на однесување во рамките на една култура“[343].

Еден емпириски пример што го илустрира горе споменатото е случајот со бекташкиот *тарикат* во Канатларци. Имено, при моето теренско истражување во Канатларци, соговорниците, припадници на бекташкиот *тарикат*, зборуваа за бекташката доктрина, а во исто време ја перципираа и прикажуваа бекташката заедница од Канатларци низ призмата на идеалниот замислен ред, односно како таа треба да изгледа, да биде организирана и да функционира. Така, на пример, соговорниците укажуваа дека бекташката доктрина цели кон **заедништво**, односно постојано прокламира единство, соживот, мир, љубов, разбирање, дијалог, толеранција, хармонија. Исто така, членовите на бекташкиот *тарикат* меѓу себе се поимаат како браќа и сестри и треба да се возљубат еден со друг и никогаш помеѓу себе не треба да се мразат, да се клеветат, навредуваат, лажат, озборуваат, повредуваат, разделуваат итн. Доколку не се придржуваат до овие начела, местото не треба да го бараат во бекташкиот *тарикат*.

Слушајќи ги ваквите изјави, на прв поглед, мојата перцепција за бекташизмот и за заедницата од Канатларци беше речиси совршена, слика за идеална состојба на заедница и сјаен пример за нејзиното уредување и функционирање.

Господ кога, Ценаб Алах, кога го создал светот, го создал со името, со бекташиско, оти то е, бекташиството е, аа, најдобрио пат, на Господ Алах... И не смејш со рацете арам да ваќаш. И некој да има остаено нешто, не смејш да земиш... И не треба никого да увредуваш, било кој народ, било која националност... И како поединец. Не треба да караш, не треба да го малтретираш чоек. Не треба да лажиш, не треба да кодошиш... Човекот је како, како ангел, како ангел. Ангелите прават лоши, лоши работи? Не прават. Човек, Господ Алах го ство-

[342] Хавиленд Вилијам А., Принс Харалд Е. Л., Волрат Дејна, Мекбрајд Бани, *Антропологија: Предизвик за човештвото*, превод од англиски јазик: Виолета Настоска, Меланија Колеска, Арс ламина, Скопје 2013, 359.

[343] Хавиленд Вилијам А., Принс Харалд Е. Л., Волрат Дејна, Мекбрајд Бани, *Антропологија: Предизвик за човештвото*, превод од англиски јазик: Виолета Настоска, Меланија Колеска, Арс ламина, Скопје 2013, 359–360.

рил човекот да биди како ангел. И со устата не смејш никого да увредиш... Ниту да караш, ниту да малтретираш, ниту да лажиш[344].

Ако почниме сиромав или нација, боја, религија, вера, тогаш пред правдата Алах ќе ми излези образот со црн, оти не смеам јас да го мразам никого, и тебе Тој те создава... И Евреинот... И..., да ми прости сега Алах, и Ромот. Не, јас не смеам никој да речам од мене подолу. Јас сум најдолниот, ен аша адимир фукара. Значи адимир фукарает што ја сака и што сака да помогне на секого ако е чоек, ако не е човек тебељаве тебера. Тргни се од него настрана, глеаш дека нечоек. Ќе те онади, ќе те извалка и тебе, ќе, ќе почни да се онади, да се одзборува... Значи и затоа од него такви имаме ние совес, совет, тргни со него, не мисли зло, немој да го убиеш. Немој да го уништиш, овај[345].

Но, често пати идеалниот или замислен модел не се совпаѓа со реалниот или стварен ред. Така, на пример, и покрај тоа што бекташизмот прокламира единство, реалната слика на терен не е ни малку идеална.

Првенствено, доколку погледнеме низ историјата на бекташизмот, ќе видиме дека замисленият идеален модел отсликан во принципот на заедништво е срушен или разобличен на тој начин што се појавил конфликт и поделба помеѓу наследниците на Хаџи Бекташ Вели. Повод за разделувањето бил спор околу прашањето за избор на нивниот духовен лидер.

Имено, бидејќи Хаџи Бекташ Вели не оставил јасни упатства околу неговиот наследник како водач на бекташката заедница, по неговата смрт дошло до конфузија и поделба на две спротивставени страни – *челебии* и *бабаи*.

Челебиите тврделе дека тие се директни потомци на Хаџи Бекташ Вели и го објаснувале нивното потекло преку легендата за чудесното раѓање на нивниот предок од Кад'нџ'к Ана, жена позната уште и како Фатима Баџ' или Фатима Нурие, која била оплодена на чудесен начин, пиејќи вода помешана со крвта од Хаџи Бекташ Вели[346].

А за Хаџи Бекташ Вели, што бил чудотворец, Хаџи Бекташ Вели од тие, Фатма што реков, Кад'нџик, има едно предание. Тој зел абдест и од носот крв му текнал тука. И му рекол на девојчето: „Ова

[344] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[345] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 56-годишна возраст, Турчин.

[346] Hasluck Frederick William, *Christianity and Islam under the Sultans, Vol. I*, Clarendon Press, Oxford 1929, 162; De Jong Frederick, *The iconography of Bektashiism. A survey of themes and symbolism in clerical costume, liturgical objects and pictorial art*, http://www.islamicmanuscripts .info/reference/articles/Jong-1989-Iconography-MME4.PDF, пристапено на: 12.2.2014.

вода ќе го фрлиш негде кај што не се газит. Разбираш? Кај не се газит? Кај некое цвеќе, некој трандафил, едно-друго". Можда и тука ќе гази некогаш или, и ова била толку чиста била, викал: „Нема кај што не гази овде, едино..." Иууп, го пија тоа. И кога праша: „Што направи?" – „Го пиев." – „Немој бе дете, зашто?" Тогаш го зеде насипот. Знајш го зеде она? Вели насипот. Од, од насипо, од нејзе у едно, две, три доаѓаат. И од нему зато овие алевиите викаат дека Хаџи Бекташ се женил. Тој не се женил, немал интимен однос. Со тоа дошол, од крвта едно-друго...[347]

Поголемата група бекташи наречена *бабаи*, кои биле привржаници на Бал'м Султан, тврделе дека Хаџи Бекташ Вели целиот свој живот го поминал во целибат и немал биолошки синови, туку имал само духовни ученици (yol evladi)[348].

Едни велат дека Аџи Бекташ беше муџирет, неженет. А едни велат дека Аџи Бекташ беше женет. И првиот син му беше Османџик се викаше. Ааа, челебиите од таа потекло идат, челебии, челебиите. А едни велат дека Аџи Бекташ немаше потомство. Не бел евладе, бел значи од половина. Јол евладе, од патот...[349]

Според тоа, кај *челебиите* врховниот поглавар на *тарикатот* бил избиран по наследство – *евладие*, а кај *бабаите* по заслуги и знаење – *ербабие*[350].

Поделбата кај бекташкиот *тарикат* околу критериумите и правилата за избор на духовниот лидер – *баба* или *дедебаба* – по наследна линија или по линија на заслуга на некој начин допрела и станала пракса и во бекташката заедница во Дикмен-баба теќето во Канатларци. Во ова теќе напоредно егзистираат две групи, постојат двајца духовни лидери, два мегдани за одбележување на празниците, но и два *к'рклар мејдани* во кои се одржуваат верските обреди, едниот се наоѓа во главното теќе, каде што духовен лидер е Вели-баба, и приспособената просторија во *мисафирхането* – гостинската куќа, на чело со Џафер-баба.

[347] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, западен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 58-годишна возраст, Албанец.

[348] Hasluck Frederick William, *Christianity and Islam under the Sultans, Vol. I*, Clarendon Press, Oxford 1929, 162; Birge John Kingsley, *The Bektashi Order of Dervishes*, Luzac & CO., London W.C. 1937, 58; http://www.iranicaonline.org/articles/bektasiya-a-syncretic-and-heterodox-sufi-order-found-principally-in-anatolia-and-the-balkans-with-offshoots-in-other-regi.

[349] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 56-годишна возраст, Турчин.

[350] Миков, Л., *Култова архитектура и изкуство*, 15–16, во: Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија", *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ", София 2009.

Ошто има дедо ми праен муиби, тие доаѓат дедо ми, а има што од Вели татко му праи или од Вели, тие одат на Вели. Тука се разделат. Оти две баба има, две свештеник има и две други, јани...[351]

Тие се башка, ние сме башка. А, или и на, и на, и на, башка и на башка место, на башка место си праиме верски обреди[352].

Интересно е што разликите и главната причина за поделбата на бекташите во Канатларци не произлегуваат од верувањата и обичаите, туку од несогласувањето околу легитимноста на наследникот на *бабата*, што повеќе претставува политички отколку религиозен чин.

Ова не значи дека етнологијата и антропологијата треба да се занимаваат со политика, туку да ги следат, да ги забележуваат и да ги анализираат настанатите состојби, како и причините и резултатите од таквите состојби[353].

Како што претходно спомнавме, во бекташката заедница во Дикмен-баба теќето напоредно егзистираат две групи поделени околу критериумите и правилата за избор на духовниот лидер – *баба*, по наследна линија или по линија на заслуга.

Во продолжение ќе ги разгледаме двете групи и ќе ги проследиме настанатите состојби, како и причините и резултатите од таквите состојби.

6.1. Правило на ербабие

Во времето на моето истражување во Канатларци, во годините 2013 и 2014, на чело на групата што го застапуваше гледиштето на *ербабие* стоеше **Џафер-баба**, кој во тоа време имаше 80 години.

Покрај Џафер-баба, од повидните членови, односно оние што се имаа закитено со титулата *дервиш* беа: Зејнел Абедин, *дервиш Муртеза, дервиш, дервиш Сабедин, дервиш, дервишот Меџди, дервиш Зеќирија, дервиш Демир Али, дервиш-рехбер, тој му је, веќе десна рака на бабата, дервиш Меџди*[354].

[351] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, мухип во бекташкиот тарикат на 23-годишна возраст, Турчин.

[352] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[353] Ристески Љупчо С., „Етничките симболи и политиката“, *ЕтноАнтропоЗум*, бр. 2, Скопје 2002, 132.

[354] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.



Фотогр. 25. Џафер-баба, сопствена фотографија направена во Канатларци, 2014 г.

Оваа група членови, во однос на прашањето за избор на духовен лидер на бекташката заедница, категорични во нивниот одговор, истакнуваа дека треба да се примени правилото на ***ербабие***, т.е. за наследник на *бабата* треба да се избере најспособниот, најкадарниот, највештиот член во заедницата, оној што има најголемо знаење во заедницата, односно оваа титула може да се добие единствено по заслуга. Духовниот лидер треба да биде пример за целата заедница што ќе ги води и ќе ги изнесе верниците на правиот пат.

Ербабието, тој шо е, тој шо е, шо има појќе, појќе знаење, човечанство има, добар има, практи... Способен је за, за свештеник, за баба. Тој шо е најспособен[355].

Воедно, оваа група не се согласуваше со принципот на *евладие*, велејќи дека не може по секоја цена *бабата* да биде наследен од неговиот син. Што ако тој е најголемиот вагабонт, криминалец и расипник?! Па, како може некој што не ги следи догмите и не е запознаен со доктрината на редот да биде духовен лидер?! Тоа е исто како слеп човек да биде избран за водич на една туристичка група. Тој наместо да ги води луѓето, ќе ги загуби, ќе ги однесе право во бездна, во пропаст.

[355] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

Никако евљадието... Евљадие, евљадието од татко на син оди. Син му дали е ербаб, дали знај, дали не знај, ќе го седнат него. И негојте приврзаници, веќе тие стануват лопови... Сега овде има евљадија, кај, кај Велија шо си бил. Тие го воведоа... Да, а тие знат дека во бекташизмот е ербабието[356].

Сега Вели-баба кај што беше ја подржува Албанија, значи ербабие, неженет, а Велија овде тера евладие. Значи потомство тера Велија овдека. Од татко на син... Гледаш сега работиве. А Велија овдека терат сега евладие. Не можи бе сега златен Велија евладие[357].

Како што ме информира групата на Џафер-баба, по смртта на претходниот духовен лидер во Дикмен-баба теќето, а тоа е Идриз-баба, инаку татко на Вели-баба, некаде околу 2002/2003 година, настанала поделбата околу изборот за легитимен наследник на *бабата*, а со тоа почнале недоразбирањата и проблемите помеѓу двете групи.

И сега, свештеникот, значи на теќето, на Вели татко му, кога почина Идриз-баба, тој кога почина во, од две илјади и третата година мислам дека... Бевме заедно до тогаш[358].

Групата на Џафер-баба не ја признава легитимноста на духовниот лидер Вели-баба, првенствено поради тоа што не се согласува со правилото на *евладие*, наследување на титулата *баба* од татко на син, а второ, не го признава начинот на избор на Вели-баба во духовен лидер. Имено, оваа група смета дека Вели-баба, за да стане *баба,* зел *насип* или декрет од друг *тарикат*, а не од бекташкиот, што е во спротивност со нормите и правилата за избор во повисок ранг, кој треба да се изврши од страна на *халифебаба*, но исклучиво во рамките на самиот бакташки *тарикат*.

Џафер-баба требаше да го наследи. Ама, тој, тие не сакаја и праеле Вели-баба. Ама Вели-баба, немаше, не дава тај изим да бидат бекташиска баба, појде од исламска, зеде... И тие, и тие одат во Кичево имаме халифе, значи тој со поголем чин, Муртеза-халифе Пашо. Тие, ама и татко му беше жив негов, аа, Зија-баба. Оти, свештеникот, значи, дервишот, јас ако треба да земам свештенство, не од свештеникот, туку од халифе треба да земам свештенство. Халифатот дава свештенство... Аа, а синојте на Идриз-баба, Алија и Велија побараа од Зија-баба на, на, на дервиш на Вели, Велија беше дер-

[356] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.
[357] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 56-годишна возраст, Турчин.
[358] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

виш. Побараја за Велија да му дај свештенство. За свештеник, за баба да биди... Од Зија-баба. Зија-баба му вели: „Во теќето има Џафер-баба. Триесе години или триес пет години е свештеник во теќето и има многу верници. Над, над осумдесет, над сто верници има“. Оти, оти ашиците идат, сакат да бидат муип... И земат заклетва пред, пред свештеникот. И сега тие, ашиците велат: „Мојот свештеник је Џафер-баба, го почитувам него како, како мојот свештеник...“ Ги одбива. Џафер-баба требаше да биди... И, и сега вака Зија-баба му вели, на овие му вели, им вели на браќава, види: „Вие не смејте да бидите свештеник во теќето, има Џафер-баба тука, тој е триесе, триес пет години је свештеник. Тој има знање, има пракса, има теорија, има човечанство“. И тие сега одат во Скопје, во друга секта, во сектата на руфаите, тие шо се бодат со игли. Аа, од таму зема декрет, од таму зема декрет, и неговиот свештеник беше дојден овде теќето, му дава декрет. Му дава декрет, и вели: „Јас сум“, вели, „од сега свештеник“. Море ти си бекташиски све, дервиш. Не смејш ти да земиш од друга секта свештенство, законот така е. Сега православниот верник можи да биди од католичка заедница да земи свештенство?[359]

А баба Џафер има земено од Турција свештенство. Али, Ќазим Бакали му призна декретот. Оти, оти тој е одговорен за овде, и мора да се потпиши тој да, да се признава светенството[360].

Бабал'к го зедов од Асан-баба. Од Асан-баба дојдов, го донесов кај баба Ќазима. Тој халифе беше. Тој призна. Сега јас, оттука нава-му, имам осумдесе души направ[361].

Поради нивното несогласување, поточно поради неотстапувањето на *постот* во теќето, групата на Џафер-баба решила правдата да ја бара на суд, односно повела судска постапка против Вели-баба. Имено, оваа група го тужела Вели-баба дека е нелегитимен духовен лидер на бекташката заедница во Дикмен-баба теќето, како и дека бесправно ги има узурпирано објектите во теќето, така што се бара негово отстапување и доделување на теќето на користење на Џафер-баба.

...Ние ги дадовме на суд. Значи, ти одговараш кривично. Оти општината е наша, ние гласавме за ВМРО. Градоначалникот е наш. Во владата сите се од ВМРО-партијата, и претседателот и, и Грујо и... Ти-тие се, се согласуваат од владата и во градо, и овде... А овие,

[359] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[360] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[361] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, баба во бекташкиот тарикат на 80-годишна возраст, Турчин.

Алија и Велија дадовме на суд. Нека одговараат кривично, не смее теќето да, да одржи со, со документ од друга заедница, од друга секта. Дадовме на суд. Четири пати, пет пати, шес-седум пати бевме на суд... Тие после влегоја во исљамска заедница, и нас не назначија таму, дадоја лажна изјава, ние сме биле терористи... И прецедателo, уствари, поглаварот дека беше од (се смее)*, од, од Арабати-баба теќето, и нѐ турнаа овде на суд, паднавме. Паднавме на суд, плативме трошоците и така останавме. И тие ги назначија овде главни, влегоја во исљамска заедница, дадоја две илјади евра пари и ден-денеска се главни во теќето*[362].

Од ваквиот исказ на соговорникот гледаме дека групата на Џафер-баба го изгубила судскиот спор, така што крајниот резултат, односно судскиот исход бил во полза на Вели-баба на кого му припаднале просториите од теќето. Групата на Вели-баба им ја отстапила единствено само гостинската куќа, т.н. *мисафирхане*, во која групата на Џафер-баба има адаптирано *к'рклар мејдан*, просторија во која ги извршува верските обреди.

Што се однесува до *турбињата*, единственото *турбе* што заеднички го користат, т.е. на кое му служат и двете групи, е *турбето* на патронот, заштитникот на теќето, Дикмен-баба, додека на другите *турбиња* им служи, односно *измет* (тур. hizmet) им прави само групата на Вели-баба.

Во петок ден се оди во сите туљбина, а како служители, како служители, четири куќи се служители на Дикмен-баба, четири куќи се служители на Дикмен-баба, на, на главниот светец. А на другите туљбина се од нивна фамилија служители[363].

Е сега ние одиме, ама од теќе, од теќе од Џафера, од Топал Асан шо викаме, од нивнио деца шо идат, тие одат кај Дикмен-баба. Кај Исмаил-баба, кај Селман-баба турбето не одат, кај Идриз-баба турбето не одат. Нејќат, ето, тоа е тоа[364].

Во однос на прашањето за мандатот на духовниот лидер, припадниците на групата на Џафер-баба сметаат дека треба да биде доживотен, но само доколку духовниот лидер е „читав", т.е. физички и мисловно стабилен. Во периодот на мојата посета, членството од оваа група беше со идеја за избор на нов *баба*, кој би ја презел титулата од Џа-


[362] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.
[363] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.
[364] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

фер-баба, кој навлегуваше во 80-тата година од животот и се соочуваше со проблем на сенилност, така што не беше во состојба да ја води заедницата и верските обреди.

Значи, верски обреди не можи, не можи да прави, оти, оти веќе е стар, не можи да седи. Дури мозокот работи[365].

6.2. Правило на евладие

При мојата посета во Канатларци во 2013 и 2014 година, на *постот* во Дикмен-баба теќето седеше **Вели-баба** како духовен лидер на бекташката заедница. Негов помошник или, како што велеа бакташите, десна рака на Вели-баба беше *дервиш-рехберот* Али, еден од најстарите членови во заедницата и мошне почитуван во самата заедница. Покрај него, со титулата дервиш беа уште и дервишите Али, брат на Вели-баба, и дервишот Абедин.



Фотогр. 26. Вели-баба, старешина во Дикмен-баба теќето, сопствена фотографија направена во *меѓданот* на Дикмен-баба теќето во Канатларци, 2013 г.

[365] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, мухип во бекташкиот тарикат на 23-годишна возраст, Турчин.



Фотогр. 27. Групата што го практикува правилото на *евладие*; одлево: *мухип* Џафер, *дервиш-рехбер* Али, Вели-баба и *мухип* Назмие (*бациана*); сопствена фотографија направена во *меѓданот* на Дикмен-баба теќето во Канатларци, 2012 г.

Кога е во прашање изборот на нов *баба* во теќето во Канатларци, според кажувањата на соговорниците, инаку актуелни привржаници на група на Вели-баба, отсекогаш одел по принципот на ***евладие***, а тоа значи дека титулата *баба* се стекнувала по наследна линија, односно претходниот *баба* може и треба да го наследи неговиот син, а не според принципот на *ербабие*, или по заслуга.

Така, на пример, актуелниот духовен лидер Вели-баба ја наследил оваа титула од својот татко Идриз-баба, кој, со мал прекин, речиси четириесет години бил старешина во Дикмен-баба теќето. Потоа, Идриз-баба го наследил престолот од својот чичко Селман-баба, кој, пак, го наследил Иса-баба. Пред Иса-баба на *постот* седел Мустафа-баба, кој бил полубрат на таткото на Селман-баба.


Е сега види, Мустафа-баба и Селман-баба таткото исто од друга мајка[366].

Мустафа-баба го наследил Исмаил-баба, кој дошол на *постот* по смртта на Демир-баба, кој се смета дека е основач на сојот на Вели-баба, според кого и денес Вели-баба го носи презимето Демироски, но кој останал на *постот* многу кратко, само пет-шест месеци.

[366] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

Демироски затоа е сојот[367].

Е како што рековме од Исмаил-баба на Мустафа-баба, од Мустафа-баба... на Иса-баба, па од Иса-баба... на Селман-баба... од Селман-баба, Идриз-баба, значи ово сето ово од Вели-баба сој што ги броеја[368].



Слика 13. Духовни лидери во Дикмен-баба теќето низ историјата

Во една прилика при нашите разговори, еден од членовите на групата на Вели-баба ми раскажа еден настан според кој може да се забележи дека, уште за време на првите старешини во теќето за кои има сознанија, се почитувало правилото на евладие.

Види сега, Демир-баба кога дошол на бабал'к, шес месеци само бабал'к... Умрел. И теќето нас, остана без баба. Е сега теќето нас останува без баба, нема друг баба. После Демир-баба... Нема баба.

[367] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, баба во бекташкиот тарикат на 64-годишна возраст, Турчин.
[368] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

Останал од Демир-баба еден дервиш, и луѓево од теќе викаат: „Дервиш, ти ќе бидиш баба!“ Ама, дервиш... од друга фамилија, од Џафера фамилија, од теќе е како дервиш во теќето. И овој шо вели: „Јас вели не можам да бидам, јас можам да бидам, да напраам бабал'к, ама не ми, не дава законо, оти ние само од друга фамилија, за бабал'к друга фамилија... Не можам, јас можам, ама поради, треба да газам законот... Бидејќи јас не сум од тој сој“. Значи треба од Демир-баба сојот да дојди да биди баба во теќето[369].

Како што претходно спомнавме, оваа група често пати беше обвинувана поради начинот на избор на *баба*, односно поради придржувањето до правилото на *евладие*, што според групата на Џафер-баба е апсолутно погрешно. Но, Вели-баба и неговите приврзаници сметаат дека токму тие се вистинските следбеници на бекташкиот пат и придржувачи до бекташката традиција, а групата на Џафер-баба се оние што скршнале од вистинскиот пат и од традицијата. Според нивните искази, доколку историски се вратиме назад кај дванаесетте имами, кои се длабоко почитувани во бекташизмот, од каде што може на некој начин да се следи и почетокот на овој *тарикат*, ќе видиме дека уште тогаш владеел или се применувал принципот на *евладие*, така што наследувањето одело од татко на син, односно сите имами, почнувајќи од имам Али, биле во сродннички однос татко – син, со исклучок на вториот и третиот имам Хасан и Хусеин, кои биле браќа. Перципирајќи се себеси како вистински потомци на првиот имам Али, преку синџирот на вистински наследници – *силсила* (арап. silsila), групата на Вели-баба останала доследна на традицијата, односно продолжила да го практикува таквиот начин на избор или наследување на духовниот лидер.

Што се однесува до почетокот на несогласувањето на овие две групи, според кажувањето на членовите од групата на Вели-баба, тоа се случило уште за време на владеењето на Селман-баба, некаде околку шеесеттите години од 20 век, односно се спомнува 1968 година.

Заедно беа дури му беше на Велија татко му... А, или пред тоа, Селман-алифебаба дури тој беше... Заедно беа и после тоа се онадија, се закатија таму нешто, се скараја[370].

Во тоа време, поради преселба на Селман-баба во Турција, *постот* во Дикмен-баба теќето останал празен, што било причина за избор на нов *баба*, но и добра прилика за да се обиде Џафер-баба да дојде на *постот*.

[369] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

[370] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 56-годишна возраст, Турчин.

Еден ден, група од повеќе дервиши, со цел да изберат нов старешина во Дикмен-баба теќето, се собрале и заминале во Ѓаковица кај Ќазим Бакали, кој во тоа време бил со титула *халифебаба*, што значи бил овластен да даде *насип* или *декрет* за избор на нов *баба*.

Види сега, Сељман-баба од кога замина Турција, нашата теќево остана без баба. Ајде од тука заминаја во Џаковица, Вели-баба, овај Идриз-баба, Џаферка, Џаковица, Ќазим Бакали. Ама тој беше алифебаба, значи тој можеше, законот нас така дава, само тој можи да направи баба... Да намести. Дедебаба прави халифе, а халифе прави баба... И Топал Асан имаше еден, кривио Асан, сите од теќе. И сега Ќазим-баба прашува: „Џафер, ти сакаш да бидиш баба... на теќето?“ – „Нее баба еренлер, јас не можам.“ – „Добро, истај се малце понастрана. Ти Топал Асан?“ – „И јас не можам... Откажувам.“ – „Добро. Ти... Картал Џафер Бекташ?“ – „И јас не можам.“ Аха, е сега кога ти не можиш, тој не можи, е мора еден. „Ти Идриз-баба?“ – „Ако донесите одлука јас да бидам, јас да бидам.“[371].

Сепак овој нивен прв обид за избор на нов духовен лидер во теќето бил неуспешен поради немање консензус, односно слога помеѓу кандидатите и покрај настојувањето тоа да биде Идриз-баба.

Во меѓувреме од Турција дошол друг *халифебаба*, Абас-баба, кој, според кажувањето на моите соговорници, бил чичко на Идриз-баба, и тој го назначил Идриз-баба да биде новиот духовен лидер во Дикмен-баба теќето во Канатларци.

Дојде од Турција друг баба, алифебаба, од Сељман-баба брат му. Дојде од Турција тој, па напра Идриз-баба баба да биди... Абас-баба тој се викал. Абас-баба дојде...[372]

Со овој нов избор пропаднала желбата и замислата на Џафер-баба да го наследи *постот* во Дикмен-баба теќето, и на некој начин се појавило соперништво, односно ривалство помеѓу Џафер-баба и Идриз-баба.

Идриз-баба првично се задржал на *постот* само 3-4 години, бидејќи од Турција назад повторно се вратил Селман-баба, на кого му бил отстапен престолот. Но, само по 2-3 години поминати на *постот* во Дикмен-баба теќето, Селман-баба се разболел и умрел. Повторно на престолот се вратил Идриз-баба, кој останал сè до неговата смрт, до 2003 година, кога го наследил неговиот син Вели-баба.

[371] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

[372] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

После две-три години Сељман-баба се врати од Турција. Дојде фамилијарно во Канатларци. Жената му умре таму. Син му умре таму, тој со едно сна, едно внуче и едно внука... Дојде во Канатларци да живеј. Идриз-баба рече: „Дојде Селман-баба“. Па од Идриз-баба и Селман-баба, од Идриз-баба татко му и Селман-баба, браќа беа. Идриз-баба внук... од брат... Е сега, Идриз-баба, кога дојде Селман-баба, еве рече: „Посто, повели седи, ако мене Абас-баба ме напра... да седнам посто, баба ме напра, јас пак тебе те поштувам, повели, седи“. И Селман-баба пак продолжи година, две, три... Дојде време, и тој се разболи... И тој, Алах рамет ејле (Allah rahmet eyle = нека почива во мир, м. заб.)*, и тој умре, после па се Идриз-баба се продолжи... Идриз-баба пак на посто влезе, е сега од почеток до крај четириесе години Идриз-баба, значи се рачуна во тој пост шо седеше. Од четириеста година од кога умре Идриз-баба се на посто шо нашата баранние... Да биди Вели-баба на посто на Идриз-баба, и Вели-баба дојде, е сега еве десет, единајсе, дванајсе, тринајсе години точно не знам…*[373]

Е сега, овој Џафер од коа, пред Вели-баба, пред Вели-баба... Џафер, сега во теќено шо е. Ее Џафер-баба шо викаат... Башка, тој после баба се напра воо Турција, во Турција тој... Нешто, Асан-баба се викаше тој. Тирили Асан-баба. Од Турција таму заминаа и од кај него бабал'к зеде, дојде овдека, тој викаше јас сум баба. Ама нема право да биди тој бабал'к. Ова нашата бабал'к еве како иде[374]*. На фамилија*[375]*.*

Е сега, Идриз-баба дури беше жив, Џафер оданде стана, јас сум баба... Е така. Идриз-баба болен стана, Џафер не појде да види... Е сега, уше од то Идриз-баба, Ала рахмет ејли (Бог да го прости, м. заб.)*, умре, пак на, на трето муабето се враќам рисјани, Ѓупци, шо не, шо не... И Босанци и Шиптари сите дојдоа за погреб, теќешаните не дојдоа... „Е зошто Идриз-баба да биди, да бидам јас Џа, Џафер. Идриз-баба не знајт, јас сум, јас дојдов од Асан-баба.“ А бе не... Нешто разни, разни нечисти муабети, и од тоа Идриз-баба пак остана на посто четириесе години, овој само од страна лаеше*[376]*.*

Кога станува збор за декретот или документот со кој Вели-баба се здобил со титулата *баба*, за што беше обвинуван од членовите на групата на Џафер-баба дека наводно го стекнал од друг *тарикат*, поточно

[373] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.
[374] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.
[375] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, баба во бекташкиот тарикат на 64-годишна возраст, Турчин.
[376] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

од *рифаите*, Вели-баба ги отфрли ваквите шпекулации и обвинувања велејќи дека се невистинити и напомна дека *насип* има земено од бекташкиот *тарикат*, поточно од Јусуф Пирани-*халифебаба*, кој во тоа време дејствувал во бекташката заедница во Бугарија.

...Тој како алифебаба беше во Бугарија... Јусуф Пирани се викаше... Решат Барди како дедебаба беше во, во Албанија и тој прајт баба. Е сега треба баба. И ајде ти ќе одиш во Бугарија бабал'к ќе направиш. Некој од нив ајде ти во Тетово кај Серсем Али-баба дерјана таму ќе одиш бабал'к да направиј. Ее, Решат Барди во Албанија беше, ама тој ги праќаше... Е затоа, ова алифебаба шо дојде Вели-баба да направи баба... Јусуф Пирани, тој беше од Албанија, во Бугарија[377].

Проблемот на нетрпеливост и поделеност на двете бекташки групи од Канатларци во повеќе наврати бил тема на разговор и бил разгледуван во поглед на неговото решавање. Од она што го добив како информација од соговорниците, постоеле повеќе средби на двете групи, иницирани од поединци или групи, на кои се разговарало за настанатата ситуација, сè со цел да се постигне компромис за надминување на постоечкиот проблем. Ваквите средби се вршеле со посредство на медијатори, понекогаш тоа биле видни лица од селото, а понекогаш лица припадници на други бекташки или алевски *тарикати*. Последниот таков обид беше во 2014 година, во времето на моето истражување во Канатларци, кога група припадници на алевскиот *тарикат* од Германија беа иницијатори и посредници помеѓу двете групи. Нивната намера првенствено била целосна финансиска поддршка околу реконструкција на Дикмен-баба теќето во Канатларци, под услов што поскоро да се надмине кризата и повторно да се помират двете групи, да се обединат и да продолжат да дејствуваат во заедништво како една целина, како еден организам, за што се залага и самиот бекташизам.

Меѓутоа, последниот обид, како и сите претходни, не вродил со плод и не дал добар одговор за изнаоѓање решение на настанатата ситуација, така што проблемот остана на позиција статус кво.

Е сега, еве Али беше и едни алеви од Турција беа дојдени[378]*. Од Германија*[379]*. Беа и тие, и тие исто појдоа. „Немојте, бидите..." Е*

[377] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

[378] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

[379] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, баба во бекташкиот тарикат на 65-годишна возраст, Турчин.

сега, луѓето разбираш, брат брата нејќи...[380]

Во врска со постоечкиот проблем, Вели-баба и неговите приврзаници постојано ми напоменуваа дека портите на теќето се отворени за сите бекташи. Секој припадник на бекташкиот *тарикат* може да дојде да се приклучи во нивниот *тарикат* и рамноправно да учествува во верските обреди во теќето. Никого досега не вратиле од теќето и немаат таква намера, а она кон што целат е изнаоѓање решение за ваквата ситуација. Нивна голема желба е соединување на двете групи, и постојано апелираат и инсистираат за приклучување на групата на Џафер-баба кон нивната. Исто така, тие сметаат дека верски обреди и настани треба да се одблежуваат заедно во рамките на теќето, како што е редот и како што доликува, а не да се одбележуваат одвоено и надвор од теќето, како што тоа го прави групата на Џафер-баба. Меѓутоа, и покрај сите напори и апели за смирување од страна на групата на Вели-баба, ситуацијата останала непроменета, како што велат тие, пред сè поради незаинтересираноста на приврзаниците на Џафер-баба, кои на сите апели останале глуви и избегнувале контакт со стерешината на теќето Вели-баба за кого сметаат дека е нелегитимен старешина во теќето.

Да, ама и ден-денес на никому не велиме, ти шо бараш, шо идиш[381].

Е сега, има Бекташ три или четири колку синои. И сега три синои со Вели-баба не. И сега тие на сестра му: „Немој ви, Вели-баба да, да, да примите како баба, то не е баба". И сега тој баба се плаши со Вели-баба да има контак... Еее, гледаш шо се работи. Со нелуѓе да немаш работа[382].

Во однос на прашањето за изнаоѓање решение за подобрување на односот на двете групи, приврзаниците на Џафер-баба се согласуваат со замислата за приклучување и сплотување со групата на Вели-баба и за заедничко практикување на верските обреди во *к'рклар мејданот* во теќето. Меѓутоа, за да се изврши нивно повторно соединување, односно групата на Џафер-баба да пристапи во теќето, тие поставуваат еден услов, а тоа е промена на духовниот лидер во Дикмен-баба теќето, односно на *постот* да седне и теќето да го води Џафер-баба, а со тоа автоматски да се промени и начинот на наследување на поглаварот во теќето, т.е. да се примени во пракса правилото на *ербабие*.

[380] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.
[381] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.
[382] Сопствени теренски истражувања, 2014 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

Оваа замисла не ја прифаќа и категорично ја отфрла групата на чело со Вели-баба, и тука на некој начин замрзнуваат сите евентуални решенија и спогодби за излез од настанатата ситуација.

Многу пати зборнавме, ама изгледа не ќе може, оти сеа како Грција сега чисто ни го мати умот, ете и Велија така ни го мати умот. Вели: „Не! Ние ќе си тераме поколениа, евљадие. Нема шанса“, вели, „ербабие. Ти колку сакаш биди учен, способен, не!“ И шо ќе му можиш? Ништо, треба веќе да се колиме. А тоа не ни доликува, и така[383].

6.3. Начин на групирање – избор за пристап во одредена група

Кога станува збор за членството на двете групи во Дикмен-баба теќето во Канатларци, односно начинот на групирање или изборот на поединецот за пристап во одредена група, неговата одлука главно е диктирана од факторот **сродство**.

Сродството, всушност, означува културно дефинирани односи помеѓу индивидуите, кои се обично воспоставени преку фамилијарни врски. Сите општества го употребуваат сродството како основа за формирање на социјални групи и за класификации на луѓето. За најголем број општества, со цел да се разбере социјалната интеракција, однесувањето, мотивацијата, основно е да се знае како функционира нивниот сроднички систем[384].

Според дефиницијата на Мејер Фортес (Meyer Fortes) „сродството соединува, тоа создава права и морални обврски од кои не може да се ослободи“[385].

Како што спомнавме, сродничките односи во Дикмен-баба теќето во Канатларци се тие што имаат доминантно влијание, т.е. играат во-

[383] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 56-годишна возраст, Турчин.

[384] Петреска Весна, *Систем на сродство кај Македонците*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, книга 59, Скопје 2005, 13; Шутарова Елизабета, *Систем на сродство кај Македонците од Горна Бојмија*, магистерски труд одбранет на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2005, 45.

[385] Црвенковска Ристеска Инес, *Антропологија на сексуалноста – родовост и промена на биолошкиот пол по примери од ромската заедница во Скопје*, докторска дисертација одбранета на Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје 2015.

дечка улога при изборот на поединецот за пристап во групата на Вели-баба, односно во групата на Џафер-баба.

Кога велиме дека групирањето оди по сродничка линија, тука мислиме пред сè на два типа сродство: крвно или консангвино сродство и сватовско или афинално сродство. Во однос на крвното сродство, тука влегуваат оние членови што имаат крвни врски со *бабата*, но и помеѓу себе, како на пример: татко – син, родители – деца, браќа – сестри, додека, пак, што се однесува до афиналното сродство, тука спаѓаат оние членови што произлегуваат од сродство што се воспоставило преку брак, т.е. во оваа група спаѓаат сватовите на *бабата*.

Откако го воочив ваквиот начин на пристапување на членството во Дикмен-баба теќето во Канатларци, штом ќе дознаев дека одреден поединец е бекташ и член на одредена група, веднаш си го поставував прашањето на кого му е син/ќерка, односно татко/мајка и во каква роднинска врска е со *бабата*. Како дополнителна задача при моето теренско истражување, во неформални разговори, трагав по одговорот на овие мои прашања и на тој начин си креирав слика за потесното и поширокото семејство на *бабата*, односно создавав сеопфатна слика за сродничките релации во Дикмен-баба теќето во Канатларци.

Во групата што го практикуваше правилото на *евладие*, каде што бев чест гостин, можеше да се забележи дека сродничките односи беа поизразени: имено, поблиските роднини на *бабата* беа поекспонирани во работите поврзани со теќето, особено за време на одбележувањето на празниците Ашуре и Султан Невруз. Тие беа задолжени за чистење на дворот и на просториите во теќето, за подготвување на казаните, обезбедување огревно дрво, подготвување на храната потребна за обредните јадења, послужување на гостите, за складирање на месото и подароците итн.

Значи, како што можев да забележам, околу работите поврзани со теќето најмногу се бара помош и воедно се добива од најблиските роднини, како што беа браќата и сестрите и евентуално првите братучеди на *бабата*. Помош се бара и се добива од овие сродници и за решавање на некои материјално-егзистенционални потреби, помош во работа, најчесто во врска со земјоделските работи, особено при обработката на тутун, преку чија култивација голем дел од населението во Канатларци ја обезбедува својата егзистенција.

Еден од моите соговорници, воедно близок роднина на *бабата* ќе рече: *Од моите фамилија, од моите да сретнат така нешто, трчат на Вели-баба да дат, помагаат…*[386]

Треба да се има предвид дека давањето помош на сродниците треба да се согледа во зависност од самата природа на проблемот, потоа од остварениот тип на сроднички однос помеѓу семејството, односно сродникот, како и во зависност од другите фактори што влијаат врз одржувањето на сродничките односи.

Важноста на сродничките односи можеше да се забележи и во ситуации на седење во *мејданот* за време на верските обреди, при што поблиската рода седеше поблиску до *бабата*, односно до *постот* на кој седеше *бабата*.

Исто така, при одлучување, односно донесување решение за некои поважни прашања поврзани со теќето и со самата егзистенција на бекташката заедница, преовладуваше мислењето на поблиските сродници на *бабата*.

Воопшто може да се каже дека, без оглед на формите на нивното изразување, помеѓу семејството и категоријата сродници се воспоставени и траат обрасците на заемно помагање, солидарност и колективизам, кои се основни вредности на традициската култура[387].

Покрај сродството, фактор при избор на поединецот за пристапување во одредена група во Дикмен-баба теќето во Канатларци е и неговата политичка или партиска определба. Меѓутоа, не може да се каже дека овој фактор има големо влијание и игра значајна улога при изборот, туку се работи за одделни случаи, најчесто кога сродничките врски не се силно изразени и немаат одлучувачка улога во изборот на поединците.

Она што успеав да го забележам и констатирам, што оди во прилог на ваквата практика, беше тоа што добар дел од припадниците на едната група, секако на чело со нивниот старешина, беа љубители, т.е. симпатизери, а добар дел и партиски членови на политичката партија ВМРО–ДПМНЕ, додека, пак, одредени членови на спротивставената група беа поддржувачи на политиката на СДСМ.

[386] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

[387] Ивановић Зорица, „Градска породица у систему сродничких односа – прилог проучавању“, *Етнолошке свеске X*, Београд 1988, 164, во: Петреска Весна, *Систем на сродство кај Македонците*, Институт за фолклор „Марко Цепенков“, Посебни изданија, книга 59, Скопје 2005.

Појќе и сеа овдека партиски, Ес-де-ес – ВМРО стана... Партиски и, и, и речи вака, роднински оди[388].

Кога сме на полето на политиката, една интересна ситуација се случи за време на одбележувањето на настанот Ашуре во 2013 година. Имено, откако од страна на градоначалникот на Општина Прилеп беше свечено пуштен во употреба асфалтираниот пат во Канатларци, кој води до теќето, градоначалникот им го честита Денот на ашуре и ги удостои со своето присуство на обредниот ручек членовите на бекташката група за која спомнав дека се поддржувачи на политиката на ВМРО–ДПМНЕ. Но, за волја на вистината, тоа не го направи и во другата група за која се смета дека дел од членовите се симпатизери на политичката партија СДСМ и не се согласуваат со политиката на партијата на која ѝ припаѓа градоначалникот, така што можеше да се слушнат одредени коментари на негодување кон таквата постапка на градоначалникот. Тоа беше само мала потврда за постоењето на одреден ривалитет во однос на политичката определба помеѓу двете бекташки групи во Канатларци.

Меѓутоа, сепак, веќе наредната 2014 година, како што бев информиран од моите пријатели и според одредени фотографии што имав можност да ги видам, најверојатно поучен од минатогодишниот пропуст, градоначалникот на Општина Прилеп им го честитал Денот на ашуре и ги удостоил со неговото присуство на свечениот ручек и групата на Џафер-баба, но и групата предводена од Вели-баба.

[388] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 56-годишна возраст, Турчин.

7. ПРИЧИНИ ЗА КОНФРОНТАЦИЈА

Откако ја согледавме моменталната состојба во Дикмен-баба теќето во Канатларци, поточно состојбата на поделеност на две спротивставени групи околу изборот на духовниот лидер, се појавуваат низа прашања поврзани со настанатата ситуација, како на пример: зошто е толку значајно кој ќе седне на *постот* во теќето и ќе раководи со него, односно зошто се придава толкава важност на тоа кој ќе ја наследи титулата *баба*; која е скриената суштина на оваа титула; што носи со себе таа должност и какви бенефиции повлекува; дали преку титулата *баба* се стекнува одредена моќ и на кој начин таа се манифестира.

Од моето теренско истражување, поточно од прибраната етнографска граѓа, преку нејзина анализа, дојдов до одредени заклучоци што се наметнуваат како потенцијални одговори на претходно поставените прашања, кои во продолжение ќе бидат изнесени.

Според суфиските начела, потенцијалот за перфекција е присутен во секое човечко суштество, бидејќи Бог е присутен во секого. Меѓутоа, со цел да се оди низ портите на премин од духовниот развој и да се доживее Божествената реалност и крајната Вистина (hakikat), на поединецот му е потребен водач, духовен учител, *муршид*, кој самиот веќе ја има достигнато фазата „совршен човек“ (insan-ı kamil)[389].

Духовниот учител или *муршидот* во различни *тарикати* е наречен со различни термини: *баба*, *шејх*, *деде*, *ефендија* и др.

Во бекташкиот *тарикат* улогата на учителот, т.е. *бабата* е централна во духовниот напредок на индивидуата. *Бабата* има духовен и морален авторитет во заедницата, ужива голема почит и се перципира како духовник што ги води верниците на вистинскиот пат, односно духовник без кого патувањето кон Бога е незамисливо[390].

Духовниот учител или *бабата* е оној што го наследува *постот*, т.е. престолот во теќето, а со самото тоа, автоматски стекнува власт, која, според дефиницијата на Жорж Баландие, претставува признато право на одредени личности или некоја група со согласност на опш-

[389] Doja Albert, *A Political History of Bektashism in Albania*, http://www.tandfonline.com/doi/abs/10.1080/14690760500477919?journalCode=ftmp20, пристапено на: 27.9.2015.

[390] Конеска Елизабета, „Преглед на бекташкиот дервишки ред во Р. Македонија“, *Балканите между традицията и модерноста. Административни, социално-икономически и културно-просветни институции в балканските провинции на Османската империя (XVIII–XIX век)*, ИК „ГУТЕНБЕРГ“, София 2009, 237–238.

теството да донесува одлуки што се однесуваат на другите членови на општеството[391].

Значи, со самиот избор на нов *баба* во теќето, односно со самото доаѓање на *постот*, *бабата* стекнува неприкосновено право да донесува одлуки поврзани со бекташката заедница, односно има власт да раководи со теќето и има целосна контрола врз верниците.

Оваа негова позиција на предводништво или власт на некој начин претставува знак, односно показател за поседување и применување одредена моќ во рамките на *тарикатот*.

Кога станува збор за моќта, разни научници моќта ја перципираат на различен начин, па така, Роберт Штраус-Хупе (Robert Strausz-Hupé) во моќта препознава „власт на човекот над човек“[392], а Роналд Коен ја дефинира моќта како „способност за влијание врз однесувањето на други и/или стекнување влијание врз контролата со вреднувани дејства“[393].

Според францускиот филозоф Мишел Фуко, моќта е нешто посуптилно, сила облеана преку дискурс и знаење, имплицитна во сите меѓучовечки односи, начин според кој современите институции набљудуваат, дисциплинираат и контролираат[394].

Тед Ч. Левелен моќта ја опишува како однос на доминација втемелена врз непосредните способности на некој поединец, способности како посебно знаење, вештини или лична харизма. Реалните односи на моќта започнуваат да постојат со признавањето дека еден поединец има повеќе од моќта што е неопходна за донесување групни одлуки[395].

Глен Џордан и Крис Ведон за моќта велат дека е интегрален дел од културата, и тие сметаат дека сите означувачки дејства – односно сите практики што имаат некакво значење – вклучуваат и односи на моќ. Според нив, релациите на моќ во некоја конкретна означувачка практика можат да бидат во состојба на рамнотежа, но во нив најчесто има односи на доминација и субординација. Ние сме или активни субјекти, т.е. заземаме позиции од кои можеме да ја примениме нашата

[391] Balandije Žorž, *Politička antropologija*, preveo s francuskog: Nikola Bertolino, Biblioteka XX vek, Čigoja štampa, Beograd 1977, 63–64.
[392] Arendt Hannah, *Eseji o politici*, Antibarbarus, Zagreb 1996, 177, во: Novalić Fahrudin, *Rod, društveni položaj i moć*, http://behar.hr/rod-drustveni-polozaj-i-moc/, пристапено на: 13.7.2015.
[393] Левелен Тед Ч., *Политичка антропологија*, превод од англиски јазик: Димитар Симоновски, Табернакул, Скопје 2009, 89.
[394] Левелен Тед Ч., *Политичка антропологија*, превод од англиски јазик: Димитар Симоновски, Табернакул, Скопје 2009, 111.
[395] Левелен Тед Ч., *Политичка антропологија*, превод од англиски јазик: Димитар Симоновски, Табернакул, Скопје 2009, 89.

моќ во рамките на некоја конкретна општествена практика или сме потчинети на определбите на другите[396].

Во конкретниот случај, односно во случајот со бекташкиот *тарикат* во Дикмен-баба теќето во Канатларци, заземањето или наследувањето на *постот* во теќето од страна на *бабата* му дава право тој да има доминантна улога и да поседува и, во одредени прилики, да ја применува сета своја раскошна моќ, додека другите членови во бекташкиот *тарикат* се наоѓаат во позиција изразена низ стравопочит кон *бабата* и неприкосновено почитување на неговите определби.

Поимот моќ во современото сфаќање се јавува како израз на два значајни човечки односи – однос кон природата (моќ над природата) и однос кон општеството (моќ над општеството)[397].

Покрај поседувањето божествена и чудотворна моќ или можност да се комуницира со божествените сили, *бабата* во Дикмен-баба теќето во Канатларци во исто време поседува општествена моќ, односно сила или можност да влијае врз определени сегменти од општествените процеси и да ги контролира.

Разгледувајќи го поимот моќ, односно согледувајќи како моќта е сфатена од страна на разни научници, во продолжение ќе видиме на кој начин се практикува, се презентира и се интерпретира моќта на *бабата* во Дикмен-баба теќето во Канатларци.

Беатрис Манц (Beatrice Manz) во едно од своите дела запишала дека, во исламската традиција, способноста да се постигне и да се примени моќ може да се третира како знак на благодат, божји дар, бидејќи Бог им дал власт на оние што ги избрал за тоа[398].

Што се однесува до бекташизмот, таму постои непрекинат синџир – *силсила* (арап. silsila) на ученици и учители, преку кои бекташките духовни лидери се поврзуваат себеси и ја наследуваат моќта од основачот на редот, нивниот светец заштитник Хаџи Бекташ Вели. Овој непрекинат синџир на ученици и учители продолжува со врската од Хаџи Бекташ Вели до раните светци, до имамите и назад до Хусеин чиј учител бил имамот Али, кој, пак, бил ученик на пратеникот Мухамед, на кого сето знаење му било пренесено од самиот Бог преку неговиот посредник архангел Гаврил.

---

[396] Џордан Глен, Ведон Крис, *Културна политика: класа, род, раса и постмодерниот свет*, превод од англиски: Драган Јакимовски, Темплум, Скопје 1999, 23.

[397] Novalić Fahrudin, *Rod, društveni položaj i moć*, http://behar.hr/rod-drustveni-polozaj-i-moc/, пристапено на: 13.7.2015.

[398] Manz Beatrice, *Power, Politics and Religion in Timurid Iran*, Cambridge Studies in Islamic Civilization, Cambridge University Press, New York 2007, 48.

Потпирајќи се на овој континуитет, бекташките лидери се во релација со Бог преку посветеност и послушност кон нивните лични учители, и на тој начин тие ја наследуваат и пренесуваат моќта што потекнува од самиот извор, т.е. од Бог.

Она со што може да се пофали *бабата* во Дикмен-баба теќето, што го одвојува од другите членови во бекташката заедница, е привилегијата да посредува помеѓу верниците како немоќни земни суштества и семоќниот Бог. Тоа значи дека легитимно избраниот *баба* во теќето Дикмен-баба има улога на медијатор, односно поседува капацитет да комуницира директно со Бог.

Поврзувањето на старешината со божественото го прави неговото владеење компактно со Бога, што е знак на посебен статус на старешината[399].

Всушност, *бабата* се декларира себеси, но во исто време така го перципираат и другите членови на *тарикатот*, како божествена есенција, манифестација на Бог, но и како циклична инкарнација на Али[400].

Поради ваквата манифестација или воспримање на *бабата*, бекташите сметаат дека *бабата* има капацитет да прави чуда (тур. keramet), односно поседува чудесна сила, натприродна моќ, со чија помош може да дејствува во насока на решавање одредени проблеми со кои се соочуваат луѓето. Така, на пример, *бабата* може да влијае околу решавање на неплодност, болести, разни несреќи и друго, но, исто така, тој знае да изнуди бериќет или да побара заштита за целата заедница. Интересно е што оваа негова божествена моќ што ја поседува може да ја манифестира и да помага не само на своите ученици или во рамките на бекташкиот тарикат туку, исто така, и на секого што има потреба од неа, без разлика на неговата верска определба. Често може да се забележи како во Дикмен-баба теќето во Канатларци доаѓаат лица со различна конфесионална припадност за да побараат помош токму од *бабата*.

Луѓето знаат да речат: за секој *дерт* (мака) со кој се соочува човекот, *бабата* има *дерман* (лек).

Е како, како сила да речиме е Вели-баба, се надеваме, е ќе направи од Курано нешто, се надеваме може и ќе поможи... Е сега ние коа да се, ќе се собираме на теќе, и Вели-баба: „Алах, Господ бериќет да дае, да чува од лошо... Што лежат во болници, што лежат во затвор...

[399] Manz Beatrice, *Power, Politics and Religion in Timurid Iran*, Cambridge Studies in Islamic Civilization, Cambridge University Press, New York 2007.
[400] Doja Albert, *A Political History of Bektashism from Ottoman Anatolia to Contemporary Turkey*, http://m-hosseini.ir/safavid/articles-1/57.pdf, пристапено на: 27.9.2015.

Иницијално да поможи, да се куртулат... Господ, Господ деца да дај, да нема болести, да се чува...“ Сите тие работи Вели-баба[401].

Имено, чудата што ги прави *бабата* претставуваат еден од главните елементи на верско владеење. Тоа означува својство врз основа на кое некој станал старешина, „моќ“ што овозможува да дојде до израз нечија благотворна превласт[402].

Божествената моќ претставува предуслов за секоја власт или, најпосле, доказ за легитимноста на власта. Бекташите таа сила ја признаваат како способност да се дејствува врз луѓето и предметите, при што таа може да биде поволна или неповолна, зависно од начинот на кој способноста ќе биде употребена[403].

Бабата ја задржува оваа моќ дури и по неговата смрт, така што е воздигнат на ранг на светец, *вали Алах*, или „пријател на Бог“. На тој начин *бабата* продолжува да дава благодатна моќ дури и по смртта, а неговиот гроб станува место за аџилак[404].

Во Канатларци луѓето го посетуваат гробот на Дикмен-баба, но, исто така, не ги одминуваат ниту турбињата на другите светци, како она на Курт-деде, Мустафа-баба, Селман-баба, Исмаил-баба и Идриз-баба, каде што се молат за здравје, исцелување, напредок и притоа знаат да запалат свеќа или да остават дел од својата облека да преноќи во турбињата и да се напијат и да се измијат од водата што се наоѓа во садови поставена покрај гробовите на *бабите* со верување дека на тој начин ќе ја (при)добијат благодатната милост од светците.

Сега види кај нас Курт-деде еден, Дикмен-баба два, Мустафа-баба три, Селман-баба четири, Исмаил-баба пет, Идриз-баба... шес. Ние на сите турбина кога да одиме, од сите турбина ќе знајме оти ова турбе од Селман-баба, ова од Идриз-баба, Алах еренлер да поможи, оо болеста да немаме, Алах да ми дај…[405]

Од моите теренски истражувања во Канатларци имав можност да увидам како моќта што ја поседува *бабата* се рефлектира во повеќе насоки. Една од нив е одразена во улогата на народен судија, односно

[401] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

[402] Balandije Žorž, *Politička antropologija*, preveo s francuskog: Nikola Bertolino, Biblioteka XX vek, Čigoja štampa, Beograd 1977, 142.

[403] Balandije Žorž, *Politička antropologija*, preveo s francuskog: Nikola Bertolino, Biblioteka XX vek, Čigoja štampa, Beograd 1977, 140.

[404] Clayer Nathalie, *Muslim Brotherhood Networks in South-Eastern Europe*, http://iego.eu/en/threads/european-networks/islamic-networks/nathalie-clayer-muslim-brotherhood-networks-in-south-eastern-europe, пристапено на 16.2.2014; Елијаде Мирча, Кулиано Јоан П., *Водич кроз светске религије*, Народна књига, Алфа, Београд 1996, 194.

[405] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

легитимно избраниот *баба* има привилегија и моќ да постапува како советодавец и судија во рамките на Дикмен-баба теќето, поточно има можност да управува и да ги контролира меѓусебните односи на верниците во теќето во доменот на народното право.

Бекташите, поради проблемите што ги имале со државните власти во минатото, покажувале недоверба во институциите на власта. Поради оваа недоверба, но и поради силната традиција на народното обичајно право застапено во овој *тарикат*, во некои места бекташките заедници комплетно сами ги уредувале меѓусебните односи во доменот на народното право, кое Анета Светиева го дефинира како систем од правила што дејствуваат како самостоен извор на правото при регулирањето на односите меѓу луѓето во низа области на општествениот живот[406].

Начинот на кој дејствува тој систем од правила или т.н. народен суд е следниов: кога меѓу луѓето, а особено во редовите на *тарикатот* ќе избие каков било спор во врска со земните прашања, членовите се обраќаат кај *бабата*, кој донесува мудри пресуди.

*Бабат*а располага со инструменти на интерно решавање на настанатите проблеми. Казните што може да ги изрече се различни и многу ефикасни. Една од најтешките казни е онаа со која поединецот се исклучува од *тарикатот*, односно добива статус на *душкун* (тур. *düşkün*), термин што го користат бекташите од Канатларци за да означат суспендиран верник. Отстранувањето од теќето најчесто е привремено и може да трае од неколку месеци до неколку години во зависност од стореното дело. Интересен е податокот дека поединецот што е исклучен од теќето, при неговото повторно враќање во *тарикатот*, влегува како наполно неук, т.е. без разлика на неговиот претходен чин, тој пристапува во теќето почнувајќи од најнизок ранг.

Сепак, во Дикмен-баба теќето во Канатларци народното право повеќе било присутно во минатото, а особено изразено било за време на владеењето на Мустафа-баба, кој се спомнува како *баба* што уживал голем авторитет. Денес на некој начин теќето ја изгубило оваа функција, и покрај тоа што бекташите од Канатларци инсистираат да напоменат дека сè уште постои или е зачуван тој народен суд и судија во рамките на бекташкиот *тарикат*, дека и денес, доколку има некаков спор, повторно *бабата* е тој што носи правилна пресуда, а верниците припадници на бекташкиот *тарикат* се одговорни пред духовниот водач.

[406] Светиева Анета, *Социјална култура на Македонците*, циклус предавања за студентите од четврта година по Етнологија и антропологија (ракопис), Скопје 1998 – 2009.

Порано имало и такви закони. Овде имаше, значи тука му е и тулбето и гробот, името му е Мустафа-баба, значи в село. Верниците било од кој, дали христијанска дали во исламска, ако се скарале за нешто, никако не одале по судои. Иделе некои и кажувале на свештеникот: „Вака, вака работа, денеска двајца се скарани“. Дали, дали овчари, овчари или тутунџија или бостанџија се скарале. Е зошто? Па млади, се скарале. И двајцата ги викат свештеникот, значи, значи на помошниците на, на свештеникот, тие се дервишите. Дервишите ги викат и синојте и татковците да дојдат пред свештеникот во теќето. „Сега, ќе кажите шо имате направено.“ Првин на синој му. Тој вели: „Овај беше крив ваков, таков“. И после се прашува на татковците: „Ти си знаеш синот, дали е бељаџија, дали е добар, оти ти ќе го стегниш, ќе кажи. Еее син ми вака праел, така праел, е син ми е крив“. Ако не кажуват двајцата, и татковците од три до пет години нема да иде на теќето. Му се забранува. Ако не кажите правилното, му се забранува, му се забранува и верски обреди…[407]

Меѓутоа, на крајот сите се сложуваат дека, доколку се работи за спорови од покрупни размери, денес верниците го прескокнуваат овој народен суд и се одлучуваат правдата да ја бараат директно во државните институции.

Еден таков пример на спор од покрупни размери е несогласувањето околу изборот на духовен лидер или неотстапувањето на *постот*, што е и главното прашање за конфликт во теќето. Бидејќи *бабите* не успеале да го решат интерно, во рамките на самата заедница, поради немање консензус, односно разбирање, но и поради неможноста или немоќта на *бабата* да ја врши судската улога бидејќи и самиот е инволвиран во спорот, односно неговата легитимност е оспорена, правдата одлучиле да ја бараат во прилепскиот Основен суд.

Имено, судскиот спор започнал уште во далечната 1980 година, помеѓу тогаш засегнатите страни Идриз-баба и Џафер-баба, кога, кај мојот соговорник што ја сподели оваа информација со мене, почнале да доаѓаат засегнатите страни и да ги носат судските извештаи за нивно понатамошно толкување.

Овој спор траел со години и немал судска разрешница подолг временски период, заглавен по судските лавиринти, пред сè поради „неквалификуваните“ судии, како што ги нарекоа моите соговорници, кои немале доволно познавање за бекташизмот, т.е. за бекташката доктрина.

[407] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

Ваквиот тренд продолжил и по смртта на Идриз-баба, кога групата на Џафер-баба повторно повела судска постапка, овој пат против Вели-баба, не признавајќи го како легитимен духовен лидер на бекташката заедница во Дикмен-баба теќето поради земање декрет од друга заедница, како и обвинувајќи го дека бесправно ги има узурпирано објектите во теќето, така што се бара негово отстапување и доделување на теќето на користење на Џафер-баба.

Поради корумпираноста на судските органи, кои странките ги гледале единствено низ платежната моќ, според исказите на моите соговорници, спорот бил решен според изреката: „Она што не може да се добие со пари, може да се добие со многу повеќе пари“, така што судската пресуда била донесена во корист на онаа група што имала да даде повеќе пари и што го сторила тоа, и конечно бил решен судскиот спор, но не и реалниот проблем, кој и понатаму останал присутен во Дикмен-баба теќето во Канатларци.

Сепак, судското решение претставува сигурен доказ што му дава гаранција и сигурност на актуелниот *баба* слободно да ги врши сите верски обреди и да може да управува со Дикмен-баба теќето во Канатларци.

...Ние ги дадовме на суд... Не смее теќето да, да одржи со, со документ од друга заедница, од друга секта... Паднавме на суд, плативме трошоците и така останавме... Дадоја две илјади евра пари и денденеска се главни во теќето[408].

Покрај улогата на народен судија или можноста да ги контролира меѓусебните односи на верниците во теќето, *бабата* својата моќ ја манифестира и во други правци.

Кога беа запрашани моите соговорници: „Зошто е борбата за власт во теќето?“, односно: „Која е причината за поделба на две спротивставени групи?“, некои од соговорниците дадоа едноставен, но во исто време многу интересен и прецизен одговор, а тоа е: „Кој да раководи со нашите пари, со парите на верниците“, односно: *Сега сме поделени због ова, због ова работа, због парите*[409].

Ваквите одговори отвораат простор да се разгледа уште една причина за поделбата во теќето или даваат можност да се насети уште една област каде што *бабата* ја манифестира својата моќ. Имено, моќта на *бабата* во Дикмен-баба теќето придонесла тој да може да стопанисува со имотот на теќето, да има увид во финансиите, но и да распо-

[408] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[409] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

лага со одредени ресурси, односно да биде главен раководител во процесот на создавање и дистрибуција на ресурсите во теќето.

Борбата за превласт ја потврдува теоријата дека таа првенствено претставува борба за завладување со средствата што ја зацврстуваат и насочуваат силата на власта[410].

Глен Џордан и Крис Ведон велат дека моќта им овозможува на некои индивидуи и групи да остварат за себе одредени посебни можности што им ги одземаат на другите[411].

Една личност или една група стекнува општествено признат приоритет во пристапот до одредени ресурси[412].

Еден настан од каде што имав можност да ја забележам оваа манифестација на моќ, поточно да ја забележам улогата на *бабата* во менаџирањето со парите и добрата, беше поврзан со одбележувањето на Денот на ашуре. За Денот на ашуре се собираат пари од верниците, понекогаш и од целото село со чија помош се купуваат намирници потребни за подготвување на обредниот ручек. Исто така, посетителите во теќето носат разни дарови, поточно намирници како: масло, сол, шеќер и сл., а воедно во теќето се носат живина и овци за принесување жртва или курбан, од чие месо подоцна се приготвуваат разни јадења, кои се служат за време на денот кога се одбележува празникот Ашуре.

Набљудувјќи го целиот тој процес, низ глава ми поминаа неколку прашања, меѓу кои: што точно се случува со парите, намирниците и со месото од жртвуваните животни, односно дали останува вишок од добрата и на кој начин се врши нивна понатамошна редистрибуција; дали вишокот пари и стока се дели рамноправно со верниците или таа привилегија на располагање со средствата ја имаат само најпривилегираните верници, а тоа се *бабата* и неговата потесна фамилија.

При трагањето по одговор на овие прашања, наидов на повеќе објаснувања, едно од нив е она на *бабата* што вели дека месото од жртвуваните животни се употребува за подготвување на обредниот ручек, кој се служи на сите посетители во теќето на самиот Ден на ашуре, додека сите продукти и храната, како *јанијата* или *ашуретo*, кои останале како вишок, се делат еднакво на сите верници, т.е. им се дава на сите присутни гости што дошле во теќето да си понесат и за дома, но исто така при оваа распределба не се исклучени ниту *бабата* и

[410] Balandije Žorž, *Politička antropologija*, preveo s francuskog: Nikola Bertolino, Biblioteka XX vek, Čigoja štampa, Beograd 1977, 140.

[411] Џордан Глен, Ведон Крис, *Културна политика: класа, род, раса и постмодерниот свет*, превод од англиски: Драган Јакимовски, Темплум, Скопје 1999, 24.

[412] Материјали по предметот Економска антропологија, циклус предавања за студентите од трета и четврта година по Етнологија и антропологија, Хрестоматија, уредил: Даворин Трпески, Скопје 2012.

неговата потесна фамилија. Што се однесува до парите што се собираат од верниците, првенствено со нив се купуваат намирниците, како што се: пченица, банани, јаболка, суво грозје, суви сливи, суви кајсии, бадеми итн., кои се потребни за подготвување на слатката чорба – *ашуре́то*, додека пак вишокот од парите се наменети за подмирување на сметките во теќето преку целата година, како вода, струја и др., а нив, се мисли на парите, ги задржуваат и ги чуваат *бабата* и неговата сопруга *баџиана*, кои стопанисуваат и се грижат за теќето преку целата година.

Покрај ваквиот одговор, од страна на оние верници што немаат такво право да располагаат со добрата во теќето, добив податоци што велат дека моќта прави овие видови ресурси да се присвојат од страна на оние што се во потрага по престиж, а во конкретниот случај тоа се *бабата* и неговото потесно семејство, односно потесната фамилија на *бабата* го има главниот збор за понатамошната редистрибуција, и фактички сите добра што останале како вишок, а тоа е месото од жртвуваните животни и разните намирници, се делат единствено меѓу нив самите, т.е. внатре во потесното семејство на *бабата.*

Значи, целиот тој настан на одбележување на Денот на ашуре е убаво организиран под будното око на *бабата* и неговото потесно семејство, кое е задолжено за прием, складирање и понатамошна распределба на даровите што биле донирани од страна на верниците и од посетителите во Дикмен-баба теќето.

Во контекст на овој одговор или констатација, некои антрополози, како: Вилијам А. Хавиленд, Харалд Е. Л. Принс, Дејна Волрат и Бани Мекбрајд, велат дека елитите обично ги контролираат економските активности на оние што потпаѓаат под нивна политичка власт. Типично, владетелствата вклучуваат системи за прераспределување, и владетелот има контрола врз вишокот на стока и можеби и над работната сила на заедницата[413].

Меѓутоа, ваквото согледување на работите, на некој начин, создавало револт кај верниците што се лишени од еднаквата распределба на добрата, бидејќи и тие самите еднакво придонеле во создавањето на целокупното богатство.

Ама тие шо, ние да седниме, пари се збира за ашуре. Е, се збира ашуре од цело село. Ние, ние што сме во теќето, ние што сме во теќето, даваме по три илјади денари или по четири илјади денари. А другите верници во селото што се, од срце, од душа колку ќе даи, толку.

[413] Хавиленд Вилијам А., Принс Харалд Е. Л., Волрат Дејна, Мекбрајд Бани, *Антропологија: Предизвик за човештвото*, превод од англиски јазик: Виолета Настоска, Меланија Колеска, Арс ламина, Скопје 2013, 553.

Значи, да не биде од сто денари помалце. Да. И тие пари шо, шо ги збират, не дават отчит на верниците[414].

Револтот што се создал кај одредени членови на *тарикатот* резултирал со негово напуштање и формирање посебна група, односно довел до поделба на две групи, кои и денес функционираат паралелно во Канатларци.

Што се однесува до одредени членови што ја увиделе ваквата слика на дистрибуција, но кои од различни причини решиле и понатаму да останат во истата група, тие нивниот револт го канализираат единствено преку механизмот на озборување, кое Ана Ашталковска го дефинира како тип на секојдневна комуникација што вклучува ширење на информации за трети лица, без нивно знаење, одобрување или консултирање и без нивно присуство[415].

За озборувањето Вилијам А. Хавиленд, Харалд Е. Л. Принс, Дејна Волрат и Бани Мекбрајд во нивната книга *Антропологија: Предизвик за човештвото* пишуваат: „Преку озборувањето – зборување зад нечиј грб и ширење гласини за однесувањето кое се смета за несоодветно, срамно или смешно – луѓето постигнуваат неколку цели додека избегнуваат потенцијален прекин на отворена конфронтација. Прво, озборувањето ги истакнува и ги нагласува културните стандарди на ’нормалните‘ луѓе кои се придржуваат кон непишаните правила за соодветно однесување. Во исто време, озборувањето, ги дискредитира оние кои ги кршат стандардите на социјално прифатливото однесување.

Понатаму бидејќи озборувањето може да ја уништи репутацијата на една личност и секогаш е поткрепено со скриена љубомора и тајна желба за одмазда против кој се смета дека е успешен и дека постигнал нешто, тоа може да функционира како механизам за израмнување за да се намали реалната или претпоставената закана за некој да не стане премногу доминантен“[416].

Уште една причина поради која никој во групата не се осмелува да го крене јавно својот глас против *бабата* е сфаќањето дека *бабата* стекнува предмети исполнети со света моќ, како што е месото од жртвуваните животни, така што и тој самиот станува извор на светост. От-

[414] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 50-годишна возраст, Турчин.

[415] Ашталковска Ана, *Озборувањето како механизам за социјална контрола во народната култура на Струшки Дримкол*, Природно-математички факултет, Институт за етнологија и антропологија, Скопје 2009, 7.

[416] Хавиленд Вилијам А., Принс Харалд Е. Л., Волрат Дејна, Мекбрајд Бани, *Антропологија: Предизвик за човештвото*, превод од англиски јазик: Виолета Настоска, Меланија Колеска, Арс ламина, Скопје 2013, 550.

како оваа моќ му е дадена, луѓето не можат да му пристапат без посебни последици, неговата аура е моќ што може да благослови или да проколне. Така, се верува дека носителот на моќ некако заслужува да има власт над другите[417].

Исто така, покрај донациите со кои се придружени големите настани како Султан Невруз, Денот на ашуре и др., од верниците преку целата година се очекуваат економски придонеси во пари или други добра, односно се очекува да придонесат за поддршка на теќето и на *бабата*. Вообичаено за нив е да донесат некои мали подароци секој пат кога ќе го посетат.

Вели-баба, јас му дадов многу работи за Вели-баба... Од моите фамилија, од моите да сретнат така нешто, трчат на Вели-баба да дат, помагаат...[418]

Покрај ваквата слика во Дикмен-баба теќето, едно друго сознание што произлезе од согледувањето на економскиот аспект на верниците е дека побогатите членови на *тарикатот* имаа повеќе влијание во самата институција и дека често пати имаа привилегиран третман и статус. Таков беше примерот со верникот *волк*, кој беше во крвно сродство со *бабата* и кој имаше влијание да донесува одлуки и да има контрола врз прераспределбата на добрата во теќето, а таквото влијание произлегуваше од моќта стекната преку неговото лично богатство. Тој, покрај влијанието врз распределбата на добра, имаше привилегиран статус и за време на верските обреди, каде што заземаше видна позиција во теќето, односно седеше веднаш до *бабата.* Исто така, при одлучување за одредени прашања поврзани со бекташката заедница, како и за претставување на заедницата надвор од Канатларци, неговото влијание играше значајна улога.

Кога станува збор за моќта на *бабата*, тука сакам да напоменам уште еден дел што ја надополнува*,* уште една алка во синџирот што не може да се изостави, тоа е политичката моќ.

Политичката моќ што ја поседува *бабата* во Дикмен-баба теќето му дава можност да го креира и да го контролира однесувањето на другите, убедувајќи ги или принудувајќи ги нив да се однесуваат во насока посакувана од страна на *бабата. Бабата* има политичка моќ врз верниците до тој степен што е во состојба да ги мотивира, инспирира, поттикнува, стимулира членовите во *тарикатот.*

Политичката моќ на *бабата* во Дикмен-баба теќето во Канатларци е претставена низ разни форми, така што тој донесува и изгласува

[417] Kertzer David I., *Ritual, Politics and Power*, Yale University Press, 1989, 50.

[418] Сопствени теренски истражувања, 2013 година, јужен дел на Македонија, дервиш во бекташкиот тарикат на 78-годишна возраст, Турчин.

одлуки во бекташката заедница, распределува обврски во теќето, но и надвор од него, донесува одлуки за решавање на некои материјално-егзистенционални потреби, помош во работа, финансиска помош на одредена личност или семејство итн. Исто така, се грижи за теќето преку целата година, собира данок, поточно определува давачки потребни за одржување на теќето, но и за подготовка на Ашуре или Султан Невруз.

Бабата го има главниот збор за прием на нови членови во *тарикатот*, односно тој е оној што може да даде *насип*, т.е. благослов и дозвола за влез во бекташкиот *тарикат* и притоа може да ракоположува лица во *тарикатот* во зависност од нивното созревање, да назначи *ашик* во *мухип* или *мухип* во дервиш. Но, исто така, *бабата* го има и последниот збор за отстранување на верниците доколку скршнале од Патот.

Политичката моќ на *бабата* му дава право да ја претставува бекташката заедница или, доколку е спречен во тоа, да назначи лице што ќе ја претставува бекташката заедница пред разни владини или невладини институции, пред верски заедници, на разни собири, конференции итн.

Од него се бара дозвола или благослов за влез во бекташката заедница, односно се бара одобрение за посета и влез во теќето и турбињата, така што без негов *изим* човек би видел само затворени порти и бедеми.

Од погоре прикажаното можеме да заклучиме дека една од причините, можеби најважната во борбата за превласт во теќето е моќта што се наследува со самото наследување на *постот* или престолот во теќето. Како што може да се види, легитимно избраниот *баба* што седнува на *постот* во теќето стекнува моќ со чија помош воспоставува ред во теќето и во бекташката заедница во целост, односно има неприкосновено право да донесува одлуки поврзани со бекташката заедница, има власт да раководи со теќето и целосна контрола врз верниците.

Бабата стекнува и поседува моќ што се јавува како израз на два значајни човечки односа – однос кон природата (моќ над природата) и однос кон општеството (моќ над општеството). Моќта над природата му дава право и привилегија да посредува помеѓу верниците како немоќни земни суштества и семоќниот Бог. Тоа значи дека легитимно избраниот *баба* во теќето Дикмен-баба има улога на медијатор, односно поседува капацитет да комуницира директно со Бог. Поради ваквата манифестација или воспримање на *бабата*, бекташите сметаат дека *бабата* има капацитет да прави чуда (тур. keramet), односно поседува чудесна сила, натприродна моќ, со чија помош може да дејствува во на-

сока на решавање одредени проблеми со кои се соочуваат луѓето. Така, на пример, *бабата* може да влијае околу решавање на неплодност, болести, разни несреќи и друго, но, исто така, знае и да изнуди бериќет или да побара заштита за целата заедница. *Бабата* ја задржува оваа моќ дури и по неговата смрт, така што е воздигнат на ранг на светец, *вали Алах*, или „пријател на Бог". На тој начин *бабата* продолжува да дава благодатна моќ дури и по смртта, а неговиот гроб станува место за аџилак.

Покрај поседувањето божествена моќ или можност да се контролираат натприродните сили, *бабата* во Дикмен-баба теќето во Канатларци во исто време поседува општествена моќ, односно сила или можност да влијае врз општествените процеси и да ги контролира. Ваквата моќ што ја поседува *бабата* се рефлектира во повеќе насоки. Една од нив е одразена во улогата на народен судија, односно легитимно избраниот *баба* има привилегија и моќ да дејствува како судија во рамките на Дикмен-баба теќето, поточно има можност да ги контролира меѓусебните односи на верниците во теќето во доменот на народното право.

Уште една област каде што *бабата* ја манифестира својата моќ претставува контролата на економските активности во бекташката заедница, поточно неговата моќ придонела тој да може да стопанисува со имотот на теќето, да има увид во финансиите, но и да располага со одредени ресурси, односно да биде главен раководител во процесот на создавање и дистрибуција на богатството во теќето и да има контрола врз вишокот на добра.

Всушност, *бабата* со самото седнување на *постот* по некој автоматизам се здобива со следниве квалификации: води потекло од Пророкот преку непрекинатиот синџир т.н. *силсила*, потоа, станува морален воспитувач на заедницата, сведочи со својот карактер и манири, ја просветува заедницата во општествените и верските работи, ги предводи верските обреди, прави *керамет*, односно поседува чудотворна сила со чија помош влијае околу решавање на неплодност, болест, разни несреќи и друго, при што е воздигнат на ранг на светец, *вали Алах*, или „пријател на Бог", а неговиот гроб по смртта станува место за аџилак, ги казнува престапниците, станува праведен судија помеѓу конфронтирани страни и има целосна контрола врз економските активности, односно тој е главен раководител во процесот на контрола и дистрибуција на богатството во теќето.

Токму поради овие атрибути на *бабата*, неговата титула е причина за конфронтацијата што постои во Дикмен-баба теќето со години.

ЗАКЛУЧНИ РАЗМИСЛУВАЊА

И покрај порастот на научните истражувања во Македонија за суфизмот и за суфиските редови во последниве неколку децении, за бекташизмот како еден од *тарикатите* во суфизмот, кој со векови егзистира на македонската почва, денес малку се знае.

Ова е главната причина поради која ја избрав темата, при што, преку ова дело, се обидов да го доближам бекташизмот до поширокатa јавност. Целта е да се запознае јавноста со бекташкиот *тарикат*, со неговата основна доктрина, со духовниот и световниот живот на верниците, со нивните верски ставови, но и со нивните проблеми со кои се соочуваат.

Врз основа на истражувањата спроведени во Канатларци, но исто така и во одредени градови низ Македонија, стекнавме етнографска граѓа преку чија анализа се претставени и се проблематизирани само некои од многубројните прашања со кои етнолозите и антрополозите би можеле да се занимаваат во проучувањето на бекташите. Во етнографската евиденција со која располагаме има доволно материјали да се одговори на прашања во врска со историскиот преглед на бекташизмот, бекташката доктрина, верските практики на припадниците на овој *тарикат*, хиерархиската поставеност, улогата на старешината во бекташкиот *тарикат*, причините за несогласување во Дикмен-баба теќето во Канатларци и поделбата на две спротивставени групи.

Во заклучниот дел на ова дело, уште еднаш ќе се вратиме на почетната идеја на трудов, а тоа е откривањето и проучувањето на главните карактеристики на припадниците на бекташкиот дервишки ред во село Канатларци, за што сега имаме и емпириска потврда во изложените податоци.

Од изложеното во овој труд може да се констатира дека бекташкиот дервишки ред се поврзува со името на Хаџи Бекташ Вели, *евлија*, кој живеел во Анадолија во втората половина на 13 век и кој се смета за основач и духовен лидер, односно свет заштитник на бекташкиот *тарикат*, според кого овој *тарикат* го носи своето име.

Бекташкиот дервишки ред се развил во синкретичко единство, односно комбинација од разни елементи што водат потекло од многу извори, почнувајќи од народни култови на Централна Азија и Анадолија, анадолско-турски, христијански, а подоцна и балкански, па до доктрината на хуруфите.

Бекташизмот во форма каква што ја знаеме денес не бил профилиран до 16 век. Поединецот одговорен за утврдување на постојната структура на бекташкиот ред бил Бал'м Султан (1473 – 1516). Нему му се припишува дека ја утврдил постојната форма и содржина на обредите на редот, ја основал структурираната верска хиерархија, го вовел редот на *муџеретите* (неженетите), односно ја вовел практиката на целибат, која станала пракса за многу старешини во бекташките теќиња.

Како резултат на оваа трансформација, Бал'м Султан се смета за вториот светец и вториот основач (тур. İkinci Pir, перс. Pir-i Sani).

Што се однесува до суштината на учењето на бекташите, догмите или темелните точки на верското учење, бекташкиот *тарикат* нуди: уникатно и препознатливо читање на Куранот; следење на учењата и практиките на пратеникот Мухамед и хазрети Али; почит кон семејството на пратеникот Мухамед – *ехли-бејтот*; почит кон 12-те имами и 14-те безгрешни жртви т.н. *масуми* (masum-i pak), деца на имамите; потоа, верување во *евлии*, т.е. светци; следење на светиот пат на Хунќар Хаџи Бекташ Вели и доктрината на четирите порти, која не може да се замисли без ликот на *муршидот* или учителот, кој го знае најдобро патот што води до севишниот Алах, односно Хак, односно Вистината.

Основата на бекташкото учење, односно основните вредности на бекташкиот *тарикат* се: љубовта кон Бог и љубовта кон човекот (тур. Tanri sevgisi, insan sevgisi).

Во популарната бекташка изрека Eline, diline, beline sahip ol, со значење „биди господар на твоите раце, твојот јазик и твојот појас (во смисла на интимните делови)", се инкорпорирани моралните вредности, како што се: не кради, не повредувај, не убивај, не клевети, не навредувај, не лажи, не врши прељуба, не блудничи, кои строго се почитуваат од страна на бекташите во текот на целиот нивен живот.

Бекташите ги базираат нивните практики и обреди на езотеричната внатрешна или мистична интерпретација и разбирање на Куранот (тур. batini yorum), наспроти егзотеричното, надворешното или буквалното значење (тур. zahiri yorum).

Бекташите изведуваат *нефеси* за време на своите верски обреди, и поради тоа тие, *нефесите* имаат обредна функција, а нивните текстови донекаде се сметаат свети бидејќи во нив се пренесени постулатите на бекташкиот духовен пат.

Од своето организирање од страна на Бал'м Султан, бекташите поседуваат структурирана верска хиерархија. Најнискиот степен во оваа хиерархија е *ашик*, што се однесува на она лице што е привлечено и се чувствува лојално кон бекташките принципи и практики, но кое сè уште нема земено *насип*, односно сè уште не го доживеало обредот на

премин. Вториот степен или ниво на прогрес во бекташизмот е *мухип* и се однесува на оној што го има поминато обредот на премин, односно зел *насип* и според тоа е квалификуван да учествува полноправно во вообичаените церемонии на редот. Третиот степен е тој на *дервишот*. Целосната припадност кон бекташкиот тарикат се стекнува преку станување дервиш. Четвртиот степен е тој на *баба*. Должноста на *бабата* е да служи како духовен водач во корист на членовите од неговото теќе и нивните фамилии. Тој е квалификуван да им даде духовни насоки на верниците, да обучува дервиши и *мухипи* за понатамошен напредок. Следниот степен во бекташизмот е рангот на *халифебаба*, кого обично го придружува во неговата мисија врховниот лидер, *дедебабата*. Конечно, на врвот на хиерархијата се наоѓа *дедебаба*. Тој е највисокиот бекташки духовен водач.

За бекташите најзначајни верски празници се Султан Невруз и Ашуре. Овие два големи настани, кои се испреплетени со разни верувања, обичаи, магиски активности, заземаат значајно место во животот на бекташката заедница од Канатларци.

Поводот за одбележување на празникот *Невруз* или, како што некои го нарекуваат, *Султан Невруз* е роденденот на имамот Али, кој се одбележува на 21 март, што се совпаѓа со денот на започнувањето на пролетта.

Вториот значаен верски настан за бекташите е одбележувањето на Денот на ашуре. Тоа е траурен празник и се одбележува во спомен на маченичтвото и смртта на имамот Хусеин, син на имамот Али и внук на пратеникот Мухамед, кој бил измачуван и убиен во местото Кербела, денешен Ирак, од страна на приврзаниците на умајадскиот калиф Језид.

Ашуре се одбележува секоја година на 10-тиот ден од месецот мухарем, првиот месец од исламската година, кој настапува 20 дена по Курбан бајрам, на што му претходи период на жалост познат како *матем* или *матем аj*, кој може да трае од 10 до 12 дена.

Во однос на прашањето каде точно припаѓаат бекташите, постои шаренило на перцепции од страна на верниците што припаѓаат на различни насоки во исламот. Некои сметаат дека се со сунитски, а некои со шиитски произлез. Некои велат дека се посебна група во рамките на исламот, а други пак дека припаѓаат надвор од тоа семејство.

Сфаќањето за ваквата слика првенствено лежи во недостигот на пишани извори за овој *тарикат*, а згора на тоа, оваа верзија на исламот настанала, живеела и се развивала главно меѓу неписмено население, како вид на усно предание и традиција, односно учењето на *баба-*

та е пренесувано главно усно, во вид на преданија за чудата на големите свети луѓе, но и практично, во вид на верски обреди.

Објаснувањето за ваквото шаренило го наоѓаме во фаворизирањето на религиската пракса наспроти религиското учење, што е во силна корелација со народната традиција во која праксата, обредот имаат многу поголемо значење отколку теоријата.

Имено, верниците немајќи конкретен извор за доктрината, за нејзините карактеристики, односно за вредностите, нив ги рефлектираат, т.е. ги изразуваат на начин на кој бекташизмот е воспримен низ внатрешниот свет на одреден верник, перципирајќи го низ призмата на својот сопствен поглед.

Историскиот развој на бекташкиот *тарикат* во Македонија, како и во целиот регион, се поврзува со подемот на бекташкиот ред од почетокот на 16 век со дејствувањето на Бал'м Султан.

Судејќи според теќињата и турбињата што може да се сретнат низ територијата на Македонија, слободно може да се каже дека бекташкиот дервишки ред бил еден од најраспространетите *тарикати* во Македонија.

Меѓу најстарите бекташки теќиња на територијата на Република Македонија се Х'д'р-баба теќето во Македонски Брод, кое се смета за најстаро бекташко теќе во Македонија, потоа Харабати-баба теќето во Тетово и Дикмен-баба теќето во Канатларци, кое беше цел на нашето истражување.

Согледувајќи ја моменталната состојба во бекташката заедница во Канатларци, нешто што би требало да се истакне е постоењето и паралелното функционирање на две мошне значајни мисловни категории, кои се реализираат на две различни нивоа: на ниво на апстрактни структури и на ниво на конкретни факти.

Се работи за императивните категории присутни во народната култура на многу народи, а тоа е идеалниот (замислен) и реалниот (стварен) ред.

Имено, при моето теренско истражување во Канатларци, соговорниците, припадници на бекташкиот *тарикат*, зборуваа за бекташката доктрина, а во исто време ја перципираа и прикажуваа бекташката заедница од Канатларци низ призмата на идеалниот замислен ред, односно како таа треба да изгледа, да биде организирана и да функционира. Така, на пример, соговорниците укажуваа дека бекташката доктрина цели кон заедништво, односно постојано прокламира единство, соживот, мир, љубов, разбирање, дијалог, толеранција, хармонија. Исто така, членовите на бекташкиот тарикат меѓу себе се поимаат како браќа и сестри и треба да се возљубат еден со друг и никогаш помеѓу

себе не треба да се мразат, да се клеветат, навредуваат, лажат, озборуваат, повредуваат, разделуваат итн. Доколку не се придржуваат до овие начела, местото не треба да го бараат во бекташкиот тарикат.

Но, често пати идеалниот или замислен модел не се совпаѓа со реалниот или стварен ред. Така, на пример, и покрај тоа што бекташизмот прокламира единство, реалната слика на терен не е ни малку идеална.

Поделбата кај бекташкиот *тарикат* околу критериумите и правилата за избор на духовниот лидер – *баба* или *дедебаба* – по наследна линија или по линија на заслуга на некој начин допрела и станала пракса и во бекташката заедница во Дикмен-баба теќето во Канатларци. Во ова теќе напоредно егзистираат две групи, постојат двајца духовни лидери, два мегдани за одбележување на празниците, но и два *к'рклар мејдани* во кои се одржуваат верските обреди, едниот се наоѓа во главното теќе, каде што духовен лидер е Вели-баба, и приспособената просторија во *мисафирхането* – гостинската куќа, на чело со Џафер-баба.

Едната група, во однос на прашањето за избор на духовен лидер на бекташката заедица, категорична во својот одговор, истакнува дека треба да се примени правилото на *ербабие*, т.е. за наследник на *бабата* треба да се избере најспособниот, најкадарниот, највештиот член во заедницата, оној што има најголемо знаење во заедницата, односно оваа титула може да се добие единствено по заслуга. Духовниот лидер треба да биде пример за целата заедница што ќе ги води и ќе ги изнесе верниците на правиот пат.

Групата што не се согласува со ваквото размислување, кога е во прашање изборот на нов *баба* во теќето во Канатларци, смета дека треба да се примени принципот на *евладие*, а тоа значи титулата *баба* да се стекне по наследна линија, односно претходниот *баба* може и треба да го наследи неговиот син.

Од изнесените податоци во трудот можеме да заклучиме дека една од причините, можеби најважната во борбата за превласт во теќето е моќта што се наследува со самото наследување на *постот* или престолот во теќето. Како што може да се види, легитимно избраниот *баба* што седнува на *постот* во теќето стекнува моќ со чија помош воспоставува ред во теќето и во бекташката заедница во целост, односно има неприкосновено право да донесува одлуки поврзани со бекташката заедница, има власт да раководи со теќето и целосна контрола врз верниците.

Бабата стекнува и поседува моќ што се јавува како израз на два значајни човечки односа – однос кон природата (моќ над природата) и

однос кон општеството (моќ над општеството). Моќта над природата му дава право и привилегија да посредува помеѓу верниците како немоќни земни суштества и семоќниот Бог. Тоа значи дека легитимно избраниот *баба* во теќето Дикмен-баба има улога на медијатор, односно поседува капацитет да комуницира директно со Бог. Поради ваквата манифестација или воспримање на *бабата*, бекташите сметаат дека *бабата* има капацитет да прави чуда (тур. keramet), односно поседува чудесна сила, натприродна моќ, со чија помош може да дејствува во насока на решавање одредени проблеми со кои се соочуваат луѓето. Така, на пример, *бабата* може да влијае околу решавање на неплодност, болести, разни несреќи и друго, но, исто така, знае и да изнуди бериќет или да побара заштита за целата заедница. *Бабата* ја задржува оваа моќ дури и по неговата смрт, така што е воздигнат на ранг на светец, *вали Алах*, или „пријател на Бог“. На тој начин *бабата* продолжува да дава благодатна моќ дури и по смртта, а неговиот гроб станува место за аџилак.

Покрај поседувањето божествена моќ или можност да се контролираат натприродните сили, *бабата* во Дикмен-баба теќето во Канатларци во исто време поседува општествена моќ, односно сила или можност да влијае врз општествените процеси и да ги контролира. Ваквата моќ што ја поседува *бабата* се рефлектира во повеќе насоки. Една од нив е одразена во улогата на народен судија, односно легитимно избраниот *баба* има привилегија и моќ да дејствува како судија во рамките на Дикмен-баба теќето, поточно има можност да ги контролира меѓусебните односи на верниците во теќето во доменот на народното право.

Уште една област каде што *бабата* ја манифестира својата моќ претставува контролата на економските активности во бекташката заедница, поточно неговата моќ придонела тој да може да стопанисува со имотот на теќето, да има увид во финансиите, но и да располага со одредени ресурси, односно да биде главен раководител во процесот на создавање и дистрибуција на богатството во теќето и да има контрола врз вишокот на добра.

Всушност, *бабата* со самото седнување на *постот* по некој автоматизам се здобива со следниве квалификации: води потекло од Пророкот преку непрекинатиот синџир т.н. *силсила*, потоа, станува морален воспитувач на заедницата, сведочи со својот карактер и манири, ја просветува заедницата во општествените и верските работи, ги предводи верските обреди, прави *керамет*, односно поседува чудотворна сила со чија помош влијае околу решавање на неплодност, болест, разни несреќи и друго, при што е воздигнат на ранг на светец, *вали Алах*, или

